**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Дваесет и седмата седница**

**на Собранието на Република Македонија,**

**одржана на 23 септември 1999 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала за седници, со почеток во 11,35 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше, д-р Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 27-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Ѓорѓи Спасов ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Досега имам само толку утврдено пратеници, кои не се во можност да присуствуваат.

Ве молам, да притиснете едно од копчињата на Системот за гласање, за да утврдиме бројот на присутните во салата.

Во овој момент притиснете било кое копче.

(Пратениците притискаат на копчињата).

Според ова што овде можам да го прочитам присутни се 91 пратеник со картици, а 81 притиснале.

Па според тоа имаме кворум за работа.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство од пратеници во Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Процедурално господинот Амди Бајрам побара збор, пред да поминеме на дискусија.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани господа пратеници, почитувани министри, почитувани господа од Владата.

Сите знаете вчера во јавноста во медиумите и денеска во штампата и секаде пишува за тоа што стана во Косово и ја знаете каква е целата ситуација.

Знаете дека Македонија некое време 300 и неколку илјади имаше овде бегалци, но сега се случува многу опасна ситуација кога не ги примаат ромите. Сега ова што значи? Дали може ромите да стојат и тоа 600 роми меѓу Македонија и границата меѓу Србија и Косово. Тоа секако го видовте на телевизија и многу од вас имаат мали деца, па молам дајте да видиме што може да се реши за тие луѓе. Сакам да кажам дека тие треба да се примат како и другите граѓани што се примени овде во Република Македонија и да им се пружи помош да се однесат во Стенковец или на било кое друго место.

Ние сме држава која треба да прими бегалци. Не може сега да ја затвориме границата само за ромите. Јас минатиот пат станав и кажав за овие роми дека тие бараат трети земји. Тоа е точно. Но, сега кога се дојдени на оваа граница наша и тука два дена чекаат, пешачеле 20 до 30 километри, мислам дека треба да им се пружи помош, да ги примиме во Република Македонија, како што се и овие роми тука сместени, исто така и тие нека бидат под ист третман. Како ќе биде за овие роми, нека биде и за тие роми, затоа што имаат деца и тоа мали деца, секако тоа го видовте на телевизија, за да им се пружи помош, друго ништо не треба. Мислам дека Македонија би требало да излезе хумана, а и нашата Влада би требало во овој момент да излезе хумана, затоа што ромите своја држава немаат. Најнормално е дека нема каде да одат и бидејќи во овој момент се нашле на овој граничен премин и барам Владата дали ќе ги примите, дали нема да ги примите, сакам да знам, затоа што јас сум пратеник овде, па утре или друг ден да не излезе дека јас не сум овде како што минатиот пат колегите што рекоа дека е Бајрам Амди пратеникот молчелив и ништо не кажува за ромите.

Барам од Владата за ова да се изјасни дали тие роми ќе можат да бидат сместени во Стенковец, а отпосле ќе видиме што ќе може и како ќе може. Значи, повторно велам, дека има мали деца, а времето не е како што треба и мислам дека би требало да добијам за ова одговор што ќе биде со ромите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Амди Бајрам.

Иако ова отскокнува од темата, иако седницата е во продолжение, со оглед на актуелноста на проблемот, мислам дека Владата ќе преземе определени дејствија во врска со ова.

За збор се јави господинот потпретседател на Владата.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Јас мислам дека пратениците се запознати со заклучоците на Владата на Република Македонија во однос на бегалците, кои се сместени во Република Македонија и други кои евентуално ќе бараат сместување во Република Македонија.

Оценка е на Владата дека се создадени сите услови дека сите граѓани во просториите на бивша Југославија имаат услови за безбеден престој и живеење во нивните држави. Така што, проблемот со ромите е малку по специфичен. Цениме дека ромите од

Косово веќе имаат доволно гаранција од страна на силите на КФОР кои се на Косово и мислам дека тоа е проблем веќе на овие сили и тоа прашање треба да го разрешуваат.

Понатаму како ќе се одвиваат работите, така и Владата ќе се однесува. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Амди, дали сте задоволни од одговорот.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас му благодарам на министерот за труд и социјала, малку сум збунет, затоа што верувајте дека 48 часа деца се кои навистина стојат таму во зоната меѓу Македонија односно на самиот граничен премин. Дали добиле вода, леб или храна не се знае сега што е. Верувајте, ние навистина сега сме донеле одлука како Влада, па кога можеше границата да се затвори, па потоа ја отворивме границата и кога можеа да командуваат другите сите да се вмешаат и Клинтон да дојде во Република Македонија и во Косово и секаде, дајте, ве молам, преземете го ова, затоа што го знам ставот на нашата Влада каков е дека не примаме бегалци, нормално дека тоа е се затворено, но кога веќе се дојдени тука на границата, дајте да ги примиме и на нивното враќање до каде треба да одат. Да не останат во меѓу зона. Оваа слика што беше вчера на телевизија беше многу опасна, и сметам дека ќе ме разберете сите. Се работи за роми, а јас сум од ромска припадност, нормално е дека ме боли и имам голема тежина и ако ова не се реши, верувајте дека во Македонија сите роми ќе се дигнеме на штрајк и пешки ќе одиме на граница.

Верувајте дека од сите градови ми се јавија синоќа, мојот мобилен телефон можете да го проверите преку телеком, дека преку 40 повици имам од Македонија за оваа состојба. Молам, тие се роми и без разлика ако се од Косово, тие се роми и има револтирање зошто да не може да се примат во Македонија или да им се даде некоја помош. Ако мислите нешто друго, да видиме ако не да ги вратиме пак во Косово, така што нешто треба да направиме, за да не останат во меѓу зона. Јас не барам ништо друго, само барам да им се даде една помош, да им се овозможи и да се види дали им е дадена некоја помош, вода, леб, или нешто друго. Тие се 48 часа на меѓу зона на границата. Сфатете тоа се деца.

Јас сфаќам дека во интерес на нашата држава, минатиот пат истото го кажав дека ние не примаме веќе бегалци, но сега се дојдени на граница и што би требало да правиме со нив? Да ги оставиме така. Мислам дека би требало нешто да решиме. Одговорот беше некако во завидна форма, не беше дециден и конкретен за овие роми на граница, за кои што јас барав одговор.

Мислам дека ќе добијам одговор за тоа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине потпретседателе, дали би сакале ова да го коментирате.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Ја разбирам загриженоста на господинот Амди Бајрам, уште во текот на денот од страна на Министерството ќе испратиме луѓе да го испитаат случајот, ќе стапиме во контакт со Високиот комесаријат за бегалци, ќе стапиме во контакт и со претставниците на НАТО силите и се што е потребно од наша страна ќе се преземат мерки и навистина ако е тоа така како што вели господинот Амди Бајрам, дека има таму голем број на роми, да им се однесе ако е потребно, вода, храна и сите други потреби кои ги имаат тие луѓе тука.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, во ред е.

Продолжуваме со расправата по точката 1.

Предлог на закон за ратификација на билатерален договор помеѓу Република Македонија и Република Грција за изградба и управување со Нафтовод.

На мојот екран овде двајца пратеници веројатно не се присутни, бидејќи немаат внесено своите картици, а тоа се господата пратеници Спасов Ѓорѓи и Китановски Лазар.

Значи, тие може и подоцна да се јават, затоа Ве молам, да се избришат од екранот.

Следниот пратеник кој што се јавува овде на екранот, тоа е господинот Пранговски Илија.

Дали господинот Пранговски Илија бара збор?

Збор има господинот Пранговски Илија.

**ПРАНГОВСКИ ИЛИЈА:**

Почитуван господине претседателе, почитувани министри од Владата, дами и господа пратеници.

И, покрај моите, би рекол, недоволни познавања на економијата и бизнисот со нафта, со оглед на мојата професија која што е од доменот на медицината, но пред се, заради моите пратенички обврски и пред се заради обврските пред граѓаните на Република Македонија, како пратеник од Демократска алтернатива, сепак, се решив да земам збор по оваа точка на денешниот Парламент.

Веднаш да кажам со одреден ризик, кој лично ќе го понесам, а заради можноста од одредени недоволни познавања на оваа проблематика и сите елементи на договорот кој што е предмет на расправа на денешниот Парламент.

Но, реакциите на јавноста и на граѓаните беа доволна причина за моја денешна дискусија. Пред се, сакам да истакнам дека

многу внимателно и студиозно го слушав експозето на господинот премиер Љубчо Георгиевски и подоцна го проучував во писмена форма, а исто така го проучував и Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Компанијата Хеленик Петролеум, кој што е денес предмет на расправа. И кој што денес овој Парламент треба да го ратификува.

Во изминатата недела дискусиите беа, главно, лоцирани, фокусирани во тој така наречен економски аспект на Договорот, но според мене, овој Договор има и уште неколку други аспекти, правен, политички и економски. Пред да го изложам моето гледање на овие неколку аспекти, сакам да кажам дека во принцип припаѓам на онаа група на луѓе, кои што и не се среќни кога нешто треба да се продава, особено не кога се работи за имот на оваа држава, кој што е секако еден од стратешките. Ценејќи ги аргументите од излагањето на премиерот и на Владата, сакам да истакнам дека во принцип не сум против продажбата на ОКТА, доколку тоа се направи на начин на кој што ќе бидат заштитени интересите на Република Македонија и на граѓаните на оваа држава.

Она што е, според мене, од правен аспект, можеби и не треба да се спомнува во овој контекст, сепак ќе спомнам дека никаде во Договорот не е спомнато името под кое што е нашата држава заведена во Организацијата на Обединетите Нации, туку е наведено цитирам "страната на вториот дел во привремената спогодба, која е потпишана во Њујорк на 13 септември 1995 година". Уште повеќе во Договорот не знам колку пати се спомнува терминот територија или територијата, што претпоставувам дека се однесува на нашата држава. Во овој дел, сакам да го истакнам и моето мислење дека во последно време постои голем интерес на одредени грчки компании, силни кои што се декларираат како приватни компании, а зад кои што во повеќето има голем удел грчката држава, како што е впрочем случајот со Хеленик Петролеум за купување на крупни и стратешки објекти во Република Македонија, ОКТА, Топилницата во Велес, Термоелектраната во Неготино, Стопанска банка и некои други.

Можеби ќе прозвучи ретроградно и малку параноично, но моето лично мислење, сепак, се осудувам и од оваа говорница да кажам во форма на една претпоставка. Што ако сето тоа е во контекстот на ставање на нашата држава во подредена и зависна економска положба во однос на нашиот Јужен сосед и во однос на идни одредени диктирани позиции врз нашата држава, бидејќи интересот видливо е, сепак, за крупни витални и стратешки објекти во Македонија.

Од друга страна и понатаму стои отворено прашањето со името на нашата држава и со знамето. Што се однесува до економските аспекти на Договорот, дозволете ми да се осврнам на следните.

Прашањето за формираната цена на чинењето на Рафинеријата ОКТА. Според мене, таа цена е ниска и е формирана не за продажба на стратешки партнер, туку проценката е направена како да е ОКТА за продажба на вработените, односно по пат на интерни акции.

Од друга страна стои прашањето зошто не е објавен Тендер од страна на Владата на кој рамноправно би конкурирале и други заинтересирани компании и од други земји.

Од комерцијален аспект, мислам дека е пропуст гарантирање на цена од 27 долари по тон, која во светот се движи околу 14 долари. Впрочем, цената пред почетокот и за време на бомбардирањето беше 17 долари. Ако ја квантифицираме таа разлика која изнесува 10 долари по тон, за една година преработка од 10 долари по тон во просек на годишна потрошувачка од милион и 500 илјади тони изнесува 15 милиони долари. Чистата добивка или минимум загарантиран профит се движи некаде за една година од околу 10 милиони долари за милион преработени тони. Тоа значи дека грчкиот партнер ќе ја исплати целата Рафинерија од добивката, ако се земе во предвид дека е дадено ексклузивно право на 20 години и за тој период е дадена гарантирана цена, грчката компанија ќе има вкупен профит и добивка со 54% сопственост на акциите, од околу 200 милиони американски долари.

Во структурата на инвестициите од вкупните 32 милиони долари на основ на откуп на акции во процент од 54%, интересна е динамиката која предвидува 5 милиони долари ќе бидат платени во готово во рок од 6 месеци од денот на стекнување. Другите пет милиони долари ќе бидат платени во готово во рок од 12 месеци од денот на стекнувањето. Сумата од 12 милиони долари ќе се исплати во готово во следните 36 месеци, односно во период од 36 месеци од денот на стекнувањето. И износот од 10 милиони долари, кој што треба да ја надополни таа цифра од 32 милиони долари ќе биде вложен на рати во акционерскиот капитал на сопственикот на Нафтоводот од страна на стратешкиот партнер, во име на и за сметка на продавачот. Продавачот со таквото вложување стекнува право на 20% од акциите на сопственикот на Нафтоводот, кој ќе бидат издадени и неповлечени. Ова значи дека за своите 54% од акциите кој што ги дава на грчкиот партнер не добива 32 милиони долари, туку во еден континуитет од 36 месеци ако и во колку се реализираат сите транши, втората и третата, ќе добијат 22 милиони долари.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:** (Продолжение)

Сметам дека не е потребно понатамошно коментирање, но ќе додадам дека е склучен договор со кој на купувачот му е овозможено да не вложи ниту еден единствен долар во Република Македонија, а се да биде реализирана по пат на реинвестирање.

Понатаму би сакал да се осврнам и на неколку други членови во договорот, кој според мене зборуваат за одредени пропусти во овој договор.

Член 14 му овозможува на купувачот со владение на 54% од акциите да формира свој управен одбор. Сакам да го цитирам членот 14: "продавачот гарантира дека стратешкиот инвеститор со вршење на сите права на глас од акциите, кои се предмет на купопродажба ќе може да ги избира сите членови на Управниот одбор на компанијата и дека тој управен одбор ќе има целосна надлежност и овластување за управување со работењето на компанијата во секој поглед".

Понатаму, во однос на состојбата со вработените членот 16 јасно прецизира дека купувачот не се обврзува сите 1200 вработени да ги задржи на работа, туку дека стратешкиот инвеститор ќе го врши ова свое право и дискреционо овластување совесно и ќе се воздржува од непотребни отпуштања и ќе вложува напори секогаш кога е тоа разумно од деловен аспект да им понуди на постојано вработените во компанијата, чија работа не е во согласност со меѓународната практика алтернативни вработувања во компанијата, во малопродажните станици и т.н.

Овде ме загрижуваат две работи:

Никаде не стои дека купувачот се обврзува или гарантира дека ќе ги задржи сите сега вработени во Рафинеријата "ОКТА".

Второ, термините "свое право", "дискреционо овластување", "совесно" и терминот "ќе се воздржува" не се никаква гаранција за судбината на сегашните вработени во "ОКТА".

Со други зборови мислам ако купувачот треба да постигне рентабилност може да отпушти работници. Би сакал да коментирам уште два члена од овој договор.

Член 8, кој се однесува за царините, каде што експлицитно е кажано дека продавачот ја презема обврската дека царините кои се пропишани и се именуваат на увозот на компанијата на сурова нафта нема да надминат 1%, еден процент од вредноста на таквиот увоз и сето тоа за период во следните 20 години. Мислам дека не е потребна посебна математика за да се пресмета добивката со царина од 1% наместо од 20%. Истото се однесува и на увоз на дериватите. Со ваквата политика и се дава на грчката фирма право за одредување на цените.

И на крајот, но не според значењето на овој член, туку според редоследот, членот 23, кој што се однесува на државните резерви. "Продавачот во својство на државна власт се обврзува и гарантира дека во случај домашното законодавство, да предвидува постоење на државни резерви компанијата има право и обврска да ги чува и да управува со тие резерви во име на државата, а сите трошоци во врска со тоа ќе и бидат наплатени од државата". Доколку е точен податокот дека грчката компанија има доста удел во грчката компанија, грчката држава тогаш е јасно дека преку оваа компанија со нашите државни резерви можно е и ќе раководи, ќе управува и ќе ги чува грчката држава.

Од друга страна во светот нема договор една држава да и дава одобрение и и ги става на управување своите сопствени државни резерви на некаква компанија. Како последица од одредени негативни последици треба да се истакнат и проблемите што ќе ги имаат македонските железници со функционирањето на нафтоводот, понатаму вработените во Млаз Богданци Ќе има одредени проблеми, "Макпетрол", меѓутоа интересно е што во договорот се поставува и едно размислување на кој начин ќе им се отстапи просторот и територијата на компанијата за изградба на своите бензински пумпи. Испаѓа дека државата тоа ќе го направи без наплати ниту еден денар.

Господа пратеници, Македонија е држава со своја макроекономска политика и со свој сопствен енергетски биланс. Реализирањето на овој договор значи од една страна и проблеми и пречки на нашата држава да го креира сопствениот енергетски биланс, односно сето ова ќе предизвика нарушување на нашата национална економија, бидејќи нафтата е крвотокот во стопанството.

Мое лично мислење е дека овој договор треба да се преработи. Овие неколку клучни работи да се подобрат за да може да се овозможи да се заштитат интересите на државата и на граѓаните на Македонија.

На крај како пратеник од Демократска алтернатива, сакам да кажам дека воопшто не е лесно и едноставно ова да се каже од оваа говорница и дека моето кажување сакав и се надевав дека ќе биде сфатено дека немам ништо против постоечката коалиција, туку се работи за став кој што би сакал со одредени аргументи и со одредени постапки да биде демантиран. Благодарам на вниманието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на пратеникот Илија Пранговски.

За збор се јави пратеникот Столе Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

На почеток би сакал да кажам дека во голем дел од она што јас би сакал да го изнесам како аргументација колегата пратеник Пранговски веќе го инкорпорираше во својот говор.

Јас не би се оградувал себе си од аспект дека со својата професионална вокација не сум компетентен или доволно компетентен, дека сум нестручен, дека немам доволно познавања во областа на економијата, од едноставни причини што се обидов во овој случај да постапам навистина по еден метод на граѓанска свест за нештата и врз основа на некои свои лични размислувања, анализи, компаративни согледувања и т.н. да донесам еден по мене, логичен заклучок или едно логично видување кое би покажало во колкава мера еден ваков договор, гледајќи ја комплексноста на проблемот има своја

оправданост од сите можни аспекти. Значи од политичкиот, од националниот, од стратешкиот и пред се од економскиот или она што сакаме да го наречеме пазарниот.

Јас внимателното го слушав експозето на господинот премиер и од самото експозе се обидов некои лични заклучоци да направам, согледувања и ми се наметка сликата дека господинот премиер воглавно се базираше во своето експозе, повеќе на мотивите околу тоа што Владата ја натерало врз основа на една економска логика да се одлучи за еден ваков чекор. Во мотивите мислам дека и нема некои големи спорни точки и прашања. Дури скоро и сите дискутанти досега воглавно се сложија на тој аспект дека, заради не профитабилното или лошото досегашно работење на Рафинеријата "ОКТА", постои една економска логика да се бара стратешки партнер да се продаде тој дел од акциите и т.н. Мислам дека тука и нема што да се спори.

Спорењето е на друга страна. Во колкава мера има логика и оправданиот самиот договор и дали е тој направен на такви основи и такви вертикали, такви постулати, кои што длабоко ќе го оправдаат од сите овие можни аспекти, што пред малку ги наведов. Значи, тука мислам дека има спорни работи.

Инаку, констатацијата на господинот премиер дека еден ваков чекор ги отвора вратите за странски инвестиции, јас можам да го почитувам, меѓутоа би требало да се земе и другиот агол на гледање - дали е тоа направено со сите можни најоптимални варијанти на понуда, на она што би барало еден отворен пазар на економска компетиција внатре, за инвестициите и т.н. Значи, во прашање се понуда, тендери и т.н. Неговата напомена дека практично и меѓународната заедница на некој начин не условува околу ваков чекор практично мислејќи, барем така беше сугерирано дека постои дури еден вид на услов од ММФ за обврска за затварање на 12-те загубари, мене исто во овој момент не ми изгледа до крај логично, затоа што нормално е ние од наша страна да кажеме дека во овој момент постојат други услови, друга положба, да бараме преиспитување на оценката околу целата ситуација околу овие загубари, а посебно на проектот ОКТА и неговото продавање и нафтоводот.

Што се однесува до тоа што овде ни беше речено дека другата алтернатива, ако не се отиде по една ваква солуција, би било императивно затворање на Рафинеријата, 1200 невработени и т.н. Пак не можам да ја видам до крај логиката, затоа што разгледувајќи го материјалот по студиозно никаде не можам да видам дека парите што се вложуваат, се смета тие пари да го унапредат тоа производство, да ја подигнат технологијата на едно повисоко ниво, структурата на производството да ја подобрат и на тој начин да се гарантира дека вработените сигурно би имале една цврста база, врз основа на која би продолжиле да работат во тој комбинат Јас не можам тоа лично да го согледам од ваквото елаборирање на проблемот.

Друго, мислам дека правдањето дека нашиот рејтинг и нашето место во светот на економијата во овој момент е поразителен, дека сме на 154 место по инвестиции, дека сме 24 земја од земјите во транзиција по инвестициите и т.н., јас можам тоа да го респектирам како загриженост, меѓутоа навистина мораме да бараме оптимално решение на она што е наш проблем. Наш проблем е како на најдобар можен начин би можело со една најздрава економска логика, целиот проект на ОКТА да го свртиме во наша корист и економска, а и да си ги задржиме националните и стратешките интереси, кои што тука во голема мера можат да бидат доведени во прашање. Правдањето дека договорот е направен во средината на војната, па тоа го оправдува околу цената. За цената исто така толку е очигледно дека е формирана за едни други услови, не за едни пазарни услови, туку повеќе како за откуп од вработените таа е ниска, мислам дека не држат, затоа што нормално е да се размислува ако има војна, ниедна војна не траела вечно, така да се респектираат само тие услови во дадениот момент.

Господинот премиер исто така спомна дека и во подобри периоди за Рафинеријата таа пак не можела да работи профитабилно. Тука беше кажан на пример периодот на ембаргото за време на војната во Југославија. Јас и таа логика не можам да ја согледам ако е ембарго, значи на што се пледира, дека се кршело ли ембаргото, не ни е јасна логиката. Ако е ембарго значи ембаргото мора да биде почитувано. Така да, неговото потпирање на тоа дека во целиот случај се оди на пазарна логика, а не на идеолошка логика за мене исто така не држи, затоа што не можам да видам до крај овде ни пазарна логика, ниту пак идеолошка логика. Јас би го ценел или едниот аспект или другиот аспект ако е почитуван да се анализира или едниот или другиот.

Се зборуваше за приватизацијата, овој пример ако наиде на не прифаќање дека би бил одбивен за другите евентуално заинтересирани субјекти од меѓународната заедница да влезат со инвестиции во приватизацијата и т.н., меѓутоа повторно има еден контра аргумент што самата Хеленик петролеум не е приватна компанија туку е државна. Значи има едно нешто да одиме на ставање, би рекол, во една зависност на она што е макроекономија во Македонија на една држава со која се уште имаме некои нерасчистени проблеми кои би требало да наидат на разрешување во скориот период.

Тезата дека петролејската индустрија е не профитабилна, исто така не можам да ја разберам. Значи, навистина како обичен граѓанин, меѓутоа и како човек кој мора и секој од нас мислам дека мора да применува една економска логика во сопствениот живот, така да јас мислам дека никој од нас кога би правел приватен

договор не би одел на едно такво размислување. Јас прв пат ја слушнав таа теза дека петролејската индустрија е не профитабилна. Никакво оправдување не е што ние не сме успеале да ја направиме профитабилна во Македонија. Тоа се навистина наши слабости, пропусти и не можам да ја видам таа линија на помал отпор, затоа што досега била не профитабилна, да се земе тоа како готов факт. Можам да го земам фактот во обзир дека непотребни инвестиции она да се подигне на едно повисоко развојно - технолошко ниво, за кое што ние немаме сопствени пари, средства тоа да го направиме и затоа бараме стратешки партнер. Има странски стратешки партнер кој тоа би го направил, меѓутоа од материјалот не може да се види дека тие пари би биле употребувани во таква функција. Јас тоа не можам да го видам.

Не би сакал да навлегувам во математички показатели, мислам дека доста дециден и исцрпен беше и колегата Пранговски, а и на претходната седница мислам дека имавме согледувања и од господинот Илија Филиповски, Ило Илоски, Димитар Бузлевски, кои што се занимаваат и со некои математички показатели во целата работа. Меѓутоа, има некои ептен, ептен, евидентни показатели што се видливи, би рекол, од авион. Не можам, не знам, не гледам како би можело таа логика да биде негирана. Не ми е јасно навистина, барем ова што се нуди, човек доволно е што оди на пазар да купува па да воспостави логично некој систем на заклучувања.

**СТОЈАН ПОПОВ:** (Продолжение)

Не можам да замислам како е можно 27 долари за преработка по тон ако знаеме дека моментално се движи околу 14 или 17 и тоа се гарантира во еден долг период или 25 долари за транспорт, а други показатели покажуваат дека сега колку се плаќа не знам точно, веројатно луѓето што се постручни ќе кажат поточно 19 или 17, некои тврдат дека е 10.

Од друга страна стои фактот дека гледано од светски искуства петролејската индустрија и тек како е профитабилна, дека трошоците се мали и навистина не можам да разберам кој е тој наш национален стратешки интерес една работа во која сите економии во светот гледаат "златна кокошка" и кои ја држат до сега затоа што знаат дека носи најголем профит, така едноставно и под вака лоши услови се оттуѓува. Тоа не можам да го разберам.

Едно од не разјаснетите прашања за мене е прашањето на кое немаше одговор, како се решава експропријацијата на земјиштето. Веројатно тоа се големи пари, јас не знам колку се, но треба да стои колку се тие пари и дали навистина се мисли да се оди на експропријација или некој можеби мисли повторна национализација може да се прави. Не ми е јасно, ако се оди со експропријација треба да се каже точно колкава е таа сума и да се види во однос на целата сума, целиот проект како ќе стои во таа некоја логична врска на економски внатрешен интерес. Таква анализа немаше.

Од друга страна, колку што можев од мојата нестручност во гледањата на тој дел од работите не видов грчката страна да се обврзува и како гарантира во тој дел на изградба на нафтоводот околу решавањето на имотно - правните работи околу земјиштето и т.н. Би сакал да напоменам дека целиот проект има голем процент на протекционизам, на бенефиции кои апсолутно тешко можат да се бранат од наш економски интерес и национален и стратешки. Тука г-динот Пранговски ја спомнуваше Железницата, го спомнуваа "Млаз" како копнен сообраќај. Има една интересна работа околу самата изградба, пак оди во функција на тој протекционизам, на самата изградба на нафтоводот, колку што можев да видам, самиот стратешки партнер има право на избор на фирмите кои ќе го изведуваат нафтоводот. Дури и тука не можеме да согледаме конкретна наша корист во целата работа. Од друга страна постојат и никој не може да ги негира хипотетичките прашања за кои господинот Пранговски тешко се одлучи да ги пласира, меѓутоа, мислам дека тие апсолутно стојат, а тоа е дека не постои цврста гаранција од грчката страна, од стратешкиот партнер затоа што тие не инвестираат во развојот и технологијата, во нафтената индустрија во Македонија дека нема во извесен период искористување на една конјунктурна економска ситуација, која во овој момент дава голем профит по исцрпувањето на конјунктурата дека Рафинеријата нема да биде затворена, а тие го имаат тоа право, колку што можам во овој Договор да согледам. Тука стојат фактите дека самиот Хеленик петролеум или грчката страна има две рафинерии во Солун.

Јас мислам дека треба да се антиципираат некои работи, што би значело од стратешки план едно извесно сценарио кое би можело евентуално да дојде во игра во едно идно време. За тоа мораме да водиме сметка.

Апсолутно го поддржувам делот од дискусијата околу тоа што го дискутираа колегите, практично околу динамиката на транспортот. Која е таа логика не знам, и јас сум правел договори, но во друга сфера нека е филмска сфера, меѓутоа, договор е договор, економска логика е логика и не можам да видам со таква динамика на исплата, јас не знам, но како суперсоничен авион кога ќе се направи чиста математика со динамиката на исплаќањето очигледно излегува дека практично профитот што самата рафинерија поготово во вакви времиња го остварува каде гледаме дека 40 милиони за 3 месеци може да се направи профит, таа самата ќе се исплати.

Понатаму, не би сакал да ширам, воглавно влегуваме во доста големи повторувања на она што се изнесени аргументи, би можел да зборувам, имам некои прибелешки од излагањето на премиерот. Би можел да зборувам уште, но се

повторуваме, мислам дека аргументите беа во голема мера кажани, издржани, спротивставени со една логика од другата насока, мислам дека не можат да издржат и да најдат свое оправдување и дека ќе има големи последици во економскиот, националниот, стратешкиот интерес за РМ.

Јас лично употребувајќи, повторно велам, еден свој личен став или логичен пристап во размислувањето, јас лично како пратеник, немам доволно аргументација да го поддржам предлогот за еден ваков проект и би сакал да го искажам своето лично делување, не е тоа на ДА, туку е лично и јас ќе гласам против овој предлог. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Стојан Попов.

За збор се јави пратеникот Павле Тодоровски.

**ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, членови на Владата, почитувани пратеници.

Слушајќи го излагањето на претседателот на Владата за продавање на "Окта", која е една од загубарите, со овој потег ќе се обезбеди егзистенција на вработените во "Окта". Камо среќа да се најде партнер кој ќе го купи "Фенимак" и ќе обезбеди егзистенција на сите вработени во "ФЕНИМАК". Би бил задоволен многу во тој случај.

Што се однесува до спротивните дискусии, мислам дека времето ќе си го каже своето. Ете зошто давам поддршка за реализација на овој проект, да дадеме шанса на Владата за овој проект за продажба на еден од 12-те загубари да почне реализација, на овие 12 загубари, поготово што во овој случај се работи за влез на странски капитал. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на пратеникот Павле Тодоровски.

Пратеникот Томислав Петровски не е тука.

Збор има г-динот пратеник Крале Спанчевски.

**КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници.

Пред се овде имаше многу дискутанти, како точка на дневен ред треба да го разгледаме Предлогот на Законот за ратификација на билатералниот договор помеѓу РМ и Република Грција за изградба и управување со нафтоводот.

Но, очигледно, дискусиите повеќе беа околу тоа дали е добар договорот за "Окта", за Рафинеријата што е друга тема на разговор.

Овде се искажаа многу маглини, многу невистинити работи, дали овие дискутанти сакаат да наштетат на овој Договор, не земајќи ги во предвид фактите дека само пред неколку месеци, односно неколку години истата оваа "Окта", беше ставена на листата на 12 најголеми загубари во Македонија.

Голем број од дискутантите, ако го читале Предлогот на законот за ратификација на овој договор и ги имаат проанализирано сите овие точки овде, и ако го анализираат целото излагање на премиерот, голем број од овие дискусии ќе паднеа во вода. Дискусија на еден пратеник дека плаќањето може да се изврши со преземање на долг од државата, е или од не читање на договор, како и за се друго, желба за шпекулација. Ако пратеникот го прочитал членот 4 од Договорот, таму децидно пишува се се плаќа во кеш и за купување на акции. Дали Договорот е безбеден и се обезбедени сите додатни инвестиции. Истото е дадено во членовите 24 и 30 каде децидно тоа е образложено, каде се кажува дека стратешкиот партнер се обврзува да го стори сето тоа.

Ако сте го читале членот 1 од Ратификацијата, таму пишува право и прописи, тоа означува закони, правила, уредби, локални прописи, законици, наредби, декрети или други владини и управни акти со општ карактер. Во случај каде што овој договор предвидува дерогација во меродавност на правото и правните прописи, таквата дерогација не опфаќа дерогација од уставните одредби и одредбите на правото кои претставуваат ЈУС КОГЕНС или одредби на меѓународните договори, со кои се обврзува државата. Значи, со тоа некои работи ни стануваат појасни.

Се зборува дека ако "Окта" почне со работа, дека остварила профит во претходните два месеци 40 милиони германски марки, ова е ноторна лага, а што сакам да кажам со тоа? 40 милиони марки да се оствари профит, па "Окта" треба да обработи 3 милиони тони, што е грешка.

Се зборува дека ќе се нанесат огромни штети на Железницата, со тоа што нафтата ќе оди по нафтоводот. Железницата не е направена, ниту Железницата мислела дека својот профит ќе го остварува со превозот на нафта од Солун до Скопје. Железницата е направена малку поназад, ја направиле Турците, но не мислеле дека ќе пренесуваат нафта.

Некои од нашите пратеници изјавија, актуелните стопанственици дека "Окта" изнесува 76 милиони долари, а во тој момент раководителите на "Окта" тврделе дека таа изнесува 110 милиони долари, а опремата околу 50 милиони. Ако се земе во предвид дека оваа Рафинерија 20 години работи, а како работи се знае и што придонела, сега се претпоставува она што е проценета дали кошта и 60 милиони долари. Некои тврдат дека оваа Рафинерија или рафинериите во светските цени се околу 250 до 300 милиони долари, тоа е точно, но "Окта" не спаѓа во рангот на тие, тоа не е рафинерија со потполна автоматизација која вклучува во

работниот процес околу 400 вработени или има искористеност на енергенсот до 90%. Знаеме со најмали трошоци на работењето "Окта" вработува 1200 вработени, значи и тоа не е точно.

Се споредува конкуренцијата, односно зошто не е прифатен предлогот на Мамидакис. Мамидакис е присутен во Македонија 20 години, тој работи со "Окта", увезува нафта, тој ги презема сите обврски околу префрлувањето на нафтата како еден битен фактор, а го испуштаат сите и тврдат дека транспортот преку железница односно преку нафтоводот е поскап од железницата, но не ги земаат во предвид префрлувањето од танкерите во цистерните кое изнесува околу 4 долари, што покажува уште на стартот дека нафтоводот е сигурно по евтин отколку железницата.

Значи, Мамидакис е присутен 20 години во Македонија и "Окта" и еден "Макпетрол". Сега имаме едни други видувања. Со овој договор нашиот стратешки партнер Хеленик петролеум презема само 54% од акциите на "Окта", односно целиот проект, што значи на оние кои се заинтересирани други стратешки партнери или партнери од вработените или партнери од нашата земја им остануваат 46%. Тие кои се заинтересирани и имаат желба да стопанисуваат во нафтениот бизнис им се дава можност, остануваат 46%.

Друго, што се однесува до методологијата на пресметувањето на вредноста на нафтата и овде има начин на кој се пресметуваше 1998 година, кога беше формирана цената на домашните деривати, кога на светскиот пазар суровата нафта се купуваше по 17 долари по барел, но целата година цената варираше рапидно паѓаше од 15 на 9 долари, тоа кажува дека нашите производители, односно "Окта" и оние кои ја набавуваа нафтата во Македонија можеа да ја наполнат државната каса со 54 милиони денари. Но, за жал, тоа не се случи, се случуваа други работи.

Околу царината и она што се плаќа, односно претходните што работеа со нафта, веќе рековме дека "Окта" и "Макпетрол" како единствени увозници на деривати, тие увезуваа сурова нафта во Македонија, а плаќаа само 1% царина. Тие во Македонија не создадоа никаков поголем профит. Во овој Договор се пишува и се искажува дека стратешкиот инвеститор вложува најмалку 100 милиони долари, а оние што увезуваа со 1% царина не донесоа ниту еден денар, дури покажуваа загуби.

Значи, во нашата земја мој апел е и ценам дека овој проект и оваа заложба на Владата да се направи овој нафтовод кој ќе биде од голема корист за нашата држава, да се прифати, ефектите ќе ги видиме понатаму.

**КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ:** (Продолжение)

Ефектите ќе ги видиме понатаму, дали имаше ефект на пример за се она што се стори и за Фени?

Некој овде кажуваше невистини дека цената во Македонија изнесува 35 центи по KW час електрична енергија, што е исто така ноторна лага. На"Фени"му беше обезбедено скоро без пари плаќање електрична енергија, само 1,9 центи, кога во тие периоди сите останати стопанственици плаќаа по 5 центи во Македонија. Дали имаше ефекти од сето ова работење? Имаше ли ефект што во времето на ембаргото работела како слободна царинска зона? Не, не, фирмата е во колапс, работниците се на улица, а менаџментот - милионери.

За се она што во овој случај се дава на стратешкиот партнер, односно една мала повластица, значи за прв пат се условува некој да произведе пет тони, а да има попуст за увоз само на еден тон нафта, значи една мала привилегија во рок на траење од пет години, а истиот тој се обврзува да плати 100 милиони долари влева голема надеж, затоа што во Македонија досега тоа никој не го стори. Пред се, се дава можност во Македонија да имаме конкуренција, така што ако "Макпетрол" или било која фирма, со купување на 46 % на останатиот капитал и фирмата на пример ако ја земеме "Макпетрол", таа во моментот располага со 100% од дистрибуцијата во Македонија со бензиските пумпи, додека на "Хеленик петролеум" му се дава можност да учествува со 15-20% во дистрибуцијата, а 54% во производството на нафта.

Значи, на еден начин на другиот стратешки партнер односно на "Макпетрол" му се дава можност тој да учествува 30 до 46% во производството на нафтата, а тој веќе учествува со 60 до 65 % во дистрибуцијата на нафтата и нафтените производи. Самите заклучете дали овој договор е штетен или корисен за нашата држава, а мислам дека само до пред неколку месеци како еден од загубарите се нудеше на светската берза, односно на партнерите за само 1 долар.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Крале Спанчевски.

Збор има г-динот пратеник Сејфедин Харуни.

Г-динот Харуни не е тука.

Бидејќи г-динот пратеник Сејфедин Харуни не е во салата, збор има г-динот пратеник Милан Ставрев.

**МИЛАН СТАВРЕВ:**

Почитуван г-дин претседател, почитувани колеги пратеници, после некои дискусии од 27-та седница на Собранието на РМ, а кои се однесуваа на Рафинеријата “ОКТА“, се добива инспиративна желба да се каже нешто друго погледнато од друг агол, веројатно и од вистинската страна.

Најнапред, не можам да почнам без да кажам дека после сите дискусии на поединци кои ги слушавме, а богами се изнаслушавме, некако постојано како на крајот од секоја дискусија

недостасуваше онаа позната, веројатно заборавена скратеница СФСН. Дали тука станува збор за носталгија за времињата кои се минати и за позициите кои се губат или веќе се изгубени, не знам, веројатно ќе ни се разјасни малку подоцна.

Но да почнам од почетокот. Рафинеријата беше пуштена во работа на самите почетоци од осумдесетите години. Директорот во изградба, а подоцна и нејзин генерален директор до 1988 година беше еден г-дин, еден функционер на една поранешна државна администрација, СФРЈ, и да не биде изгубен континуитетот, врвен функционер и министер во Владата на СДСМ. Потоа, за до комплетирање на групниот портрет, еден од клучните членови на идејната инвестициона програма и проект за изградба на Рафинеријата, како тогашен висок функционер во менаџерскиот тим на една од фабриките, кои беа коинвеститори во изградбата на Рафинеријата сега седи во пратеничките групи од мојата лева страна. Ова е како вовед. До комплетирањето на групниот портрет, ќе го оставам за нешто подоцна.

А сега за изградбата за Рафинеријата. Неспорен фактор е дека Рафинеријата е градена по тогашната советска технологија, што рече во самиот старт со своите технолошки решенија доцнеше зад другите светски рафинерии. Тоа им е познато многу подобро на наведените претходно личности. Имено, во технологијата на обработка на сурова нафта се оди се на се до 357 степени целзусови, што ќе рече дека нејзината последна ретракција е добивање на мазут. Ова значи дека натамошната обработка, т.н. вакуум дестилација и добивањето на т.н. бели рафиненти не се обавува. За да бидат работите по јасни, заработката на мазутот дава дополнителни производи, т.н. бели рафиненти, како што се маслените уља, маст, асфалтени, парафини, плинови и т.н., кои ги знам и не ги знам, кои практично ја покриваат загубата која нужно се јавува или може да се јави во процесот на добивање на бензинските фракции, примарен и секундарен бензин и дизелските фракции, примарно и секундарно дизел гориво. За љубов на вистината, ова мора да го знаат горе споменатите господа, на кои ќе се навратам веројатно уште неколку пати.

Значи, за нормално функционирање и работа без загуби потребни се додатни инвестиции. Уште една работа, за волја на вистината. Овие додатни инвестиции за доградба на технолошкиот процес требаше да се изведат некаде околу 1985 - 1986 година, кога иницираните двајца функционери актери беа на врвот на својата стопанска, но и политичка моќ. Не извршената неопходна надградба може да иницира многу идеи, разно - разни претпоставки, а претпоставките ќе ви ги оставам на вас.

Всушност, поставувам прашање дали Рафинеријата од своето основање до денес беше кокошка која носеше златни јајца ? И уште едно прашање: За кого ги носеше тие златни јајца, дотолку повеќе што сум убеден дека јајцата не ги носеше за РМ. Тука барем го наоѓам одговорот во врска со перманентниот, но и неопходен увоз на производи кои потекнуваат од заработката на мазутот, како што се: маслата за автомобили, маслата за индустрија и другите нус производи од мазутот. А сега повторно поставувам прашање: Кој ги увезува овие производи, односно кој го држи бизнисот со нив? Значи, на ова се надоврзува непобитниот факт дека тој што ќе ја купи Рафинеријата, ако сака рентабилно да работи, ќе мора да ја доградитехнолошката линија, која ќе произведува повисоки фракции на мазут. А што следува? Бизнисот на поединци кои добро живееја и печалеа, токму од нив сега ќе згасне. Кои се тие, оставам да погодувате.

Повторно за љубов на вистината Македонската држава нема и по се изгледа нема да има финансиски средства за оваа надградба на Рафинеријата, а тој што ќе ја купи Рафинеријата веројатно има пари и веројатно размислил и влегува во овој предизвик со реално очекуван позитивен исход за него. Значи, сентименталното леење на крокодилски солзи за отуѓување на вложениот труд на македонскиот граѓанин во изградбата на разно - разни енергетски капацитети, меѓу нив нормално и рафинеријата, ќе мора да го погледнеме и од друг агол.

Нареден аспект по прашањето на Рафинеријата е нејзиното производство односно нејзиното континуирано производство. Ова го наметнува проблемот на кредитирање на континуираното производство, односно колку РМ т.е. нејзиниот банкарски, но и финансиски потенцијал е способен да обезбедува редовно средства за увоз на сурова нафта за редовно производство на бензин и дизел горива. Зарем не сме сведоци на повремените еуфорични најавувања на нашите медиуми дека се успеало да се купи уште еден танкер сурова нафта, уште еден танкер и т.н. А каде се сите потребни танкери односно количини на сурова нафта кои ќе овозможат континуирано и непречено работење на Рафинеријата. Да не се залажуваме, дајте да бидеме реални. Ние не можеме да имаме константен дотур на сурова нафта. Нашата Рафинерија од основање до денес нема континуиран процес на работа. Таа работи само тогаш кога има сурова нафта. На ова се надоврзува и проблемот со цената на суровата нафта. Една е цена за постојан купувач, а друга цена е за повремен купувач .Нашата рафинерија спаѓа во групата рафинерии кои се јавуваат на светскиот пазар како повремени купувачи. Вам ви оставам на совест да го анализирате и овој аспект на проблемот, кој не е за потценување.

Следниот аспект е, е проблемот на пласманот на суровата нафта. Сите можеме да ја откриеме Америка, ако кажеме дека суровата нафта со танкери се допремува до Солунското пристаниште, таму се претура во брод, од брод во вагон цистерни, се транспортира низ грчка територија и на преминот Индомени влегува во

нашата држава. Следува логично прашање: Кој е тој странски купувач кој би се согласил или пак би се осмелил да купува Рафинерија на територијата на РМ, а после тоа да има перманентни проблеми со грчките власти, но и стопанственици околу пристанишните услуги, околу претоварувањето на нафтата, транспортот на нафтата и т.н. Да го симплифицираме ова. Дали било кој од нас ќе дозволи да му се минува низ сопствениот двор, без да има некоја конкретна материјална корист или директно или индиректно влијание врз минувачот. Тоа се само дел од арте фактите, кои требало да ги имаат на ум, односно требало да се имаат на ум при изградба на Рафинеријата, ако сакате и пред изградбата, но и денес при нејзиното постоење и утре при нејзиното неизвесно опстојување.

Значи, овие две личности на кои некако се се врзува и натаму се се врти околу нив и се потекнува од нив требало и ова да го знаат. Дали се тие т.н. уставно бранители или магло производители, тоа ви оставам да заклучите вие. Ми наидува уште една идеја, да ги наречам апостоли и душебрижници на квази македонски интереси. Секое фрагментарно поставување на проблемите и добивање решенија, од типот што ќе биде ако биде, без земање предвид долгорочен пристап, но и тренд на разрешница не не води и не може да не води никаде.

Не смееме да заборавиме дека Рафинеријата прави евидентни загуби од основањето, кои ги покриваше оваа држава од разно разни извори. Денес веќе не поседуваме реални извори за покривање на загубите, што не принудува за покриваше на истите да се свртиме кон странски кредитори, да земаме кредити кои според мене веќе ги имаме и премногу и со нив да ги покриваме истите. Ако го прифаќате тоа, кажете.

Ја користам приликата да кажам и тоа, дека ако некои беа кадарни да го решат овој проблем со загубите, кој е мултидисциплинарен требаше тоа да го сторат или поточно речено е имаа време да го сторат, да го стори постојната опозиција, односно колегите од постојната позиција, кои во континуитет беа на власт и ја држеа власта со години. Зошто тоа не го решија, само тие знаат, бидејќи загубите и на нив им тежеа. Некој кажа тоа е сигурен бизнис. Да, и јас велам дека е сигурен бизнис, но бизнис кој продуцира исклучиво загуби.

Уште нешто. Овде воопшто не беше споменато дека во досегашниот период во Рафинеријата не е извршен адекватен генерален ремонт, кој е неопходно нужен. Ова само колку за потсетување.

Опозицијата критикува се што се донесува како предлог за разрешување на проблемот, се употребуваат тешки орудија во нападат, а никаде не се кажуваат решенија. За жал тоа не се критики, тоа се за мене само критизерства. На парламентарната говорница во пракса ја аплицираме високата Кумровачка школа. Не би сакал да го коментирам стилот и методот на апликацијата, освен да направам некои карактеристични фрази и изрази. "Преводот на Договорот е шминкан, преводот е само да ги замачка очите на пратениците", "исклучиво голем преседан", "преводот не е стручен", стручниот преведувачки тим на Владата најблаго речено бил нестручен, за да на крајот се каже дека споменатиот говорник немал можност да го прочита договорот или евентуално читал само фрагменти. Ова го вадам од стенографските белешки. Небулози, небулози, небулози.

А како можеше да каже дека не го читал договорот, а истовремено да исфрла констатации кои благо кажано излегуваат од неговиот лев мозок. Дали е ова навреда или нешто друго, не знам. Јас се прашувам и го прашувам колегата дискутант дали толку добро го знае англискиот јазик за да дава вакви стручни констатации. Одговорот е, колку што знам, тој не поседува такво стручно знаење на јазикот и нема, нека извини неговиот дострел во тој однос е сепак скромен.

Бројните квантитативни и квалитативни искажувања во дискусијата колку се добри толку се и лоши пријатели. Во повеќе наврати го среќавам неговиот обид со помош на збирови, коефициенти, количници, проценти и сл. да прави нумеричка гимнастика, како на пр: Рафинеријата прави бизнис од 200 милиони долари годишно, а неа ја продаваме за 22 милиони долари, а Грците со дисконт ја купуваат за 8,8 милиони долари и тоа не во кеш во форма на обврзници и сл. Вредноста на ОКТА: ОКТА се продава според проценката која е направена во времето на Владата на СДСМ, во функција на нејзината приватизација. Вредноста се оценува согласно важечките законски методи. Податоците за тоа колку чинела ОКТА кога е градена се контрадикторни.

Морам да го споменам г-динот Стојан Андов кој во своето интервју за емисијата "Профил" на Сител телевизија, изјави дека тој ги има сите документи за градбата и таа не чинела повеќе од 76 милиони долари. Тогашните раководители на ОКТА, тврдеа дека вкупната инвестиција е 110 милиони долари и дека опремата чинела околу 50 милиони долари. Имајќи ја предвид 20 годишната амортизација и многу малото инвестирање во Рафинеријата во изминатите 20 години, таа во овој момент е многу високо проценета, дури 110 милиони долари, а ако се имаат предвид условите во кои таа работеше во минатото, со многубројни запирања на производството во текот на годината, со долги повеќе месечни застои и недостаток на финансиски средства за спроведување на сите потребни ремонти и активности, износот од 60 милиони долари во овој момент е прифатлив. Тоа го потврди и другата заинтересирана фирма која се разликува само во неколку проценти.

Што да се каже за ова, ако е навистина така зошто споменатиот колега говорник од

бизнисот, кој со други фирми има направено значителни износи на средства и се фали дека има остварени големи пари, не вложил од тие пари, не ги вложи тие 8,8 милиони долари и ја откупи сам Рафинеријата и да биде газда на Рафинеријата. Дотолку повеќе што тој добро ја знае технологијата на хемиската индустрија, комерцијата со нафта и нафтени деривати и бели деривати. Преку Рафинеријата ќе може сите знаења да ги надградува и збогатува.

Не можам а да не ја коментирам каматната гимнастика, така што се споменува штедилницата ТАТ и не ми беше јасно од стенографските белешки дали земал или давал 20-30% камата, каматната стапка во западна Европа од 3%, потоа дека на берзата нема играње без ризик и се така повторно во Кумровечкиот стил. За да биде чорбата уште погуста, фрламе бројки во стилот "што ќе биде ако биде", ако беше како ќе беше, што ако е - замешано со извлечени реченици од контекст, на пример дека можело да се спечали 25% годишно од некој не дефиниран бизнис или бизнис од нафта. Се на се сакам да кажам – не знам речам, односно кажано ќе речам она што ќе сакам да направам или не можам да го направам, се со цел да се внесе поголема забуна.

**МИЛАН СТАВРЕВ:** (Продолжение)

Наредно, се јавува како адвокат на конкурентска грчка фирма која не ја купи рафинеријата, рони солзи зошто нејзе не и е продадена, бидејќи таа нудела најповолни услови. А, колку за знаење и самиот кажа дека не го читал купопродажниот договор. Ова се зачинува со транспортот на сирова нафта, најавување на дестабилизација на Македонските железници, прави компарации со цените на нафтата и нафтените деривати, се враќа на почеток и повторно иницира слични информации и се така во круг.

Колку за волја на вистината "Мамидакис" пред се треба да знаеме дека не е производител, односно индустријалец, односно преработувач на нафта. "Мамидакис" е исклучиво, исклучиво трговец. Треба да се види кога е доставена од "Мамидакис" и дали воопшто тоа е доставено и какви гаранции, ако поставил, нудел?

При разгледување на неговата понуда треба да се има предвид дека неговата фирма 20 години работи со “Окта“ и тој во овој период нема вложено ниту еден цент во неа. Исто така, треба да се види дали фирмата што ја дала понудата има бонитет за ваков проект, каков е понуден од страна на "Хеленик петролеум"?

Следната работа што треба да се провери, е дали таа фирма до сега стопанисувала со рафинерии и какво искуство има во таа работа, бидејќи ова се видни елементи што треба да ја квалификуваат понудата како сериозна.

Заради дополнување "Мамидакис", веќе го раскина ортачкиот договор со неговиот роден брат. Исто така треба да се провери искуството во досегашното работење на оваа фирма. На пример, по кои цени е набавувана сировата нафта и по кои цени е вршен претовар на истата, битно е да се провери по кој основ оваа фирма склучила 10-годишен ексклузивен договор да врши претовар на нафтата, потенциран претовар?

Сите погоре наведни работи треба добро да се проучат за да може понудата на овој конкурент да се прифати, односно сериозно разгледа. За "Хеленик петролеум" ова е непотребно, бидејќи сите битни податоци на оваа фирма се познати и одат во прилог дека таквата инвестиција со оваа фирма е можна.

Се спомнува и малопродажната цена на бензинот што имала социјален карактер, дури и развој на структура на општеството. Небулози. Зар не гледа тој самиот каква е социјалната состојба на населението и каква е развојната тенденција на стопанството што ја наследивме после преземањето на власта, односно каква социјална стратегија и политика се градеше до вчера.

А, нафтоводот, тоа е приказна за себе. Експропријацијата на земјиштето и колку ќе го чини буџетот на државата, како ќе се изврши градењето врз експроприраното земјиште и на наша и на грчка територија? Прашања и прашања.

Потоа, друг дискутант по добро уходана технологија во продукција на производство на магли, се јавува со прашање - какви се гаранциите за разрешување на продажбата и изградбата на рафинеријата. Ги спомнува и акредитивите, наплатите, исплатите, плаќања – не плаќања и т.н. Пратеник, повторувам, кој според функциите што ги имаше во претходниот период неспорно би требал сето тоа да го знае.

Но, ред е некако да се привршува. Во врска со експропријација на земјиштето, може не сте знаеле, а сте требале да знаете, бидејќи велите дека сте знаеле, се што ќе биде експроприрано, т.е. вредноста на експропријацијата ќе биде влог во акционерскиот капитал на сопственикот на нафтоводот. Ако можам да ве утешам ова е одговорот на цената на експропријацијата, на цената на железничкиот транспорт, цената на активноста на градежната оператива, цената на активирање на фабриката за заварени цевки од Куманово, цената на трасата на идниот гасовод што треба да оди кон Грција и т.н. и т.н. Ако е за аир, доста е.

Инвестиција на нафтоводот. Во Договорот таа е ориентационо дефинирана на 90.000.000 долари, а точно ќе се дефинира по доградбата, до доградувањето. Во нафтоводот има два акционери, државата и стратегискиот партнер. Така што ќе биде

можна контрола на инвестициите во секоја фаза и во секој момент. Оваа цена не би требало да ги чуди колегите пратеници, бидејќи како компарација во претходните неколку години беше изграден гасовод во должина на главни цевки од околу 120 км., а вредноста беше 54.000.000 долари. Притоа гасоводот имаше само две редуцирани станици. Нафтоводот, како компарација, треба да биде долг 230 км., да има две пумпни станици, дијаметарот на цевките и условите за негово поставување се слични како оние на гасоводот. Компарирајте ја цената, едната со другата.

Потоа, гаранциите. Таа е револвин - гаранција, со рок на траење од 3 години и ги покрива сите средства во купопродажниот договор во висина од 54% на странскиот директен инвеститор. Колку за спомнување и олеснување револвингот и овозможува на македонската држава да го контролира извршувањето на условите на договорот во периодот на договарањето во секој момент и во секое време. Подлабоко за анализа подготвен сум да елаборирам во паузите и да ви дообјаснам.

Да не се заборави. Во 1998 година цената на домашните деривати се формираше за цена на сурова нафта од 18 долари по барел. Цената на нафтата на светскиот пазар во таа година за цело време беше под 18 долари барел и се движеше од 15 долари барел во почетокот на годината до 9 долари барел на крајот на годината.

И, во првите два месеци од 1999 година цената на нафтата на светскиот пазар беше значително под таа што беше признаена во цената на дериватите, иако признаената цена и по 31.12.1998 година се намали за околу 14 долари по барел. Таа овозможи значително над 54 милиони германски марки, како екстра профит да отидат кај двата увозници на сирова нафта "Мамидакис" и "Макпетрол".

Доколку се применуваше методологија за формирање на цена на нафтени деривати каква е во сила денеска, овие 54 милиони долари или ќе отидеа во државната каса, како зголемена акциза или кај народот како пониска цена на дериватите од таа која важела тогаш. Значи во минатата година потрошувачите или државата изгубиле некаде околу 54 милиони германски марки. “Окта“ и во наредните години ќе може да остварува профит од сс 9 милиони долари, ако се биде според очекуваното и ако не се случат никакви непредвидени настани. Од тој профил во првите три години по завршувањето на додатните инвестиции од 40 милиони долари 34% ќе биде за стратегискиот партнер или 4,8 милиони долари, а 4,6 или 4,2 милиони долари ќе одат кај домашните акционери. Значи, во првите три години стратегискиот инвеститор ќе оствари профит од 14,5 милиони долари, а треба да плати 32 милиони долари за основниот пакет од 40 милиони долари за модернизација или вкупно 72 милиони долари.

Вработените со 28% од акциите ќе остварат 7,6 милиони долари во првите три години, од кои дел ќе платат за запишаните акции во Агенцијата за приватизација. Агенцијата или фирмата која ќе ги купи 18% преостанати акции ќе оствари 4,9 милиони долари во првите три години, но ќе мора и тие да исплатат 10,8 милиони долари за купување на тие акции.

Во третата година, кога стратегискиот инвеститор ќе вложи 40 милиони долари за модернизација, неговиот процент во фирмата ќе се зголеми за 70%, вработените ќе се сведат на 19%, а Агенцијата или другите фирми ќе добијат 11%. Тогаш СИ ќе зема 6,3 милиони долари, вработените 1,7 милиони годишно, а Агенцијата околу 1 милион годишно. Со овие профити СИ ќе ги оствари своите 72 милиони вложени во “Окта“ за 12 години. Ако со модернизација се намалат променливите трошоци на работењето за 20% и при набавката на нафта се обезбеди доволна профитабилност, таа ќе се подигне за 20% и може времето за враќање да се спушти дури за 10 години, а тоа се легални и препознатливи сметки што се очекуваат, а ги немавме во претходниот период.

Со влегувањето на "Хеленик петролеум" преку нафтоводот ќе се добијат 30-40% поевтин претовар од танкер во резервоарите и транспорт на горивото од Солун до Скопје, во однос на тоа што сме го имале до сега. Тоа значи дека сегашните 25,9 долари по тон за таа намена овој трошок ќе го намалат за околу 9 долари по тон. Влезната цена на суровата нафта, согласно со методологијата на договорот ќе се намали за 2-3 долари по тон. Од друга страна цената на производството ќе порасне од 17,5 долари по тон на 27 долари или сс 9,5 долари по тон. Тоа значи трошоците што ја формираат цената на дериватите во РМ ќе биде за околу 1,5 долари по тон помала од порано. А, Македонија, со таа цена на деривати ќе биде побогата за нафтовод или со модернизација на откупената рафинерија. Значи, помало оптоварување на корисниците, подарена инвестиција од 182 милиони долари. Со примената на методологијата ќе се изведат и штетите на државата што се направени, како што веќе спомнав во 1998 година во износ од 54 милиони германски марки.

Значи, исти малопродажни цени на деривати што важеле во 1998 година. Порано имавме поголеми трошоци за производство, повисоки цени за деривати и никакви инвестиции. Денеска имаме обратно.

Од погоре искажаното излегува дека овој договор, со него Македонија се спасила од штетите правени до сега во нафтеното стопанство. Ако треба да кажеме, лесно може

да докажеме по цени по кои е купувана нафтата во претходниот период и како се договарани и плаќани услугите за претовар. Сето тоа одело како екстра заработувачка на поединци од Македонија, но и надвор од Македонија.

Ве оставам да заклучите кога имала штета државата, тогаш или сега?

Значи, исфрлање на висока лексика од доменот на финансиско -надворешно трговско работење, а и банкарското работење, само ви се враќа како бумеранг. А, ако нешто не ви е јасно, човечки е и да се праша.

Сега, сосема на крајот. Господа колеги од опозицијата, морам да признам дека ја постигнавте својата примарна цел, ја узбуркавте целокупната домашна јавност. Направивте тема. Јас не се сомневам во вашата способност за вакво нешто. Реков понапред дека добро сте ја совладале високата Кумровачка школа. Но, секундарните ефекти надвор од земјата секогаш се повеќе значајни и повеќе слојни.

Имено, господо од опозицијата Вие преговаравте и потпишавте договор со релевантни странски партнери за затворање на 12 најголеми загубари, меѓу кои е и рафинеријата. Сега, кога овој "врел компир" по турнавте во рацете на позицијата си поигрувавте и си поигрувате со имиџот на земјата во странство. Системот сакаме – не сакаме, системот требаше – не требаше продажба и така во стилот топло - ладно, ладно - топло. Системот гледајте не чудете ни се. До кога и до каде. Дали странските релевантни фактори ќе ја сметаат Македонија за сериозен партнер, особено после вакви жонглирања и вакви настапи на Парламентот? Заборавате дека ние сме тие кои сме, ние сме тие кои сакаме да ја продадеме рафинеријата, ние сме тие кои молиме да ја продадеме рафинеријата. А и другите капацитети за кои се договоривте вие и вие потпишавте.

Органскиот состав на капиталот според старата социјалистичка терминологија, нова немаме, е на такво ниво како што гледате поедини капацитети нудиме и не можеме да ги продадеме ниту за една германска марка. Не ги сакаат. Секоја шанса за продажба на било кој капацитет во државата е шанса да внесеме странски капитал, да внесеме странска технологија, странско знаење, да земеме здив.

И, ние, овие шанси не смееме да ги испуштаме. Ние сме такви какви што сме. Силни сме економски толку колку што сме силни. Излезе дека сето ова во странство го знаат, а ние или некој од нас тоа го знаеме или не го знаеме или не сакаме да го знаеме. Се исцрпуваме со глупости, губиме драгоцено време за ништо. А, времето не гази, а тоа е најскапо. Светот не може и не сака да чека на нас. Тој оди напред, а ние или поточно некој од нас копнееме или ќе копнееме за СФСН.

На многаја лета Македонија. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Милан Ставрев.

(Пратеникот Илија Филиповски се упатува кон говорницата, барајќи збор за реплика).

Ќе ве молам г. Филиповски вие се јавивте за дискусија.

Не бевте спомнати лично по име и презиме.

(Пратеникот г. Илија Филиповски појаснува дека целата негова дискусија е спомната и покрај тоа што не е спомнат поименично).

Ако сакате како дискусија во дискусија, инаку по име не бевте спомнати. Сега ќе спомнат дискусии со аргументи ќе разговараат.

Сепак, збор ќе ви дадам после за дискусија, па во дискусијата објаснете ги аргументите.

Збор има г. пратеник Радомир Карангелевски.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа пратеници, јас ќе тргнам малку од историјатот на овој проект што претходниот дискутант убаво го објасни дека, се дига многу прашина.

Ќе тргнам од првиот документ што беше даден како нацрт, тоа е Меморандум за разбирање и беше предаден до три министерства во Владата да се дадат соодветни мислења во рамките на тие ресори, во рамките на тие министерства што ги имаат тие ресори. Министерството за стопанство во самиот почеток имаше сериозни забелешки, со што сега не 6и ве заморувал, меѓутоа како заклучок ќе ги прочитам само најважните:

"Имајќи го предвид напред изнесеното во врска со предложениот текст на Нацрт - меморандумот за разбирање предлагаме:

1. Владата на Република Македонија да не го прифати предметниот Меморандум за разбирање.

2. Ваквиот став за не прифаќање на Меморандумот е резултат на тоа што во истиот се содржани повеќе неприфатливи елементи, како што се:

- изоставен е проектот за продуктоводот Скопје - Солун,
- се бара гаранција за знатно повисока цена на транспорт на сурова нафта,
- се бара обезбедување во секое време поволна цена за профитабилно работење,

- обезбедување долгорочен ексклузивитет, монопол на нафтениот пазар во Републиката, како и

- прејудицирање на решение за правецот на снабдување на рафинеријата со сурова нафта преку нафтовод, пред дефинитивно
донесување на одлука за истото, имајќи го предвид и проектот “АМБО".

Бидејќи Владата го модифицира Меморандумот и во забелешките постапи како постапи, а истиот Меморандум беше основа за овој договор што денеска и на минатата седница го разгледуваме, после модификациите во Меморандумот пак министерството имаше забелешки, односно сметаше дека по одредени битни, витални прашања не е извршена таква модификација и јас ќе ги наведам тие накратко.

Значи Министерството за стопанство останува на ставот дека во оваа фаза треба да биде позната глобалната распределба на инвестициите, на мислење е дека со изградбата на нафтоводот ќе се создадат услови за зголемено и поевтино производство на деривати, што подразбира и потреба од пласман на вишокот на деривати на други пазари. Од тие причини се смета дека изградбата на продуктоводот е неопходна, посебно ако се има предвид дека истото може да се направи едновремено по иста траса со нафтоводот и поевтино.

Понатаму, се оценува дека во оваа фаза има потреба од посочување на поконкретни можни програми за модернизација, што и во договорот не е експлицитно објаснето. Министерството за стопанство цени дека формулацијата дадена во точката 2 од Меморандумот не е променета во корегираниот текст и од тие причини министерството останува на истиот став изнесен дека, за долгорочно трошење на 500 илјади тони мазут за производство на електрична енергија, битно е мислењето на ЈП "Електростопанство на Македонија".

Познато е и дека со купувањето на контролниот пакет би требало да се обезбедат средства за измирување на долговите, што е едно од суштинските прашања, меѓутоа тоа би требало да биде транспарентно во смисла да бидат јасно утврдени вредностите на залихите, проценетата вредност на “Окта“, побарувањата, долговите и т.н. и т.н.

Формулација за цените на транспортот на сурова нафта и во корегираниот Меморандум останува не јасна. И, во однос на монополската позиција на новата компанија, нема никакви измени во новиот текст, што значи дека и понатаму, односно инсистира на привилегирани права за увоз и продажба.

Така што, ова покажува дека имаше некоја работа во министерствата пред да се потпише договорот. За жал, констатираме дека овие работи, некои работи што ги спомнуваше министерството не се корегирани.

Исто така, една дамка на целата процедура фрли и седницата на Владата, на која што овој договор е едноставно даден, поделен на министрите за 15 минути па пак повлечен за да се министрите произнесат по него, што пак велам остава еден сомнеж, зошто тоа така процедурално се работи.

Дојдовме на Парламент пред неколку месеци кога го добивме само Договорот за ратификација, значи Законот за ратификација помина тогаш како што помина, без инвестициониот договор. Денеска пак расправаме и минатата седница расправавме за основниот договор, Инвестиционен договор за билатерална соработка меѓу Република Македонија и Република Грција за изградба и управување со нафтоводот.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:** (Продолжение)

Имаме само еден анекс пред нас. Значи, еден комплекс на процедурални прашања, кои што пред еден сериозен Парламент не би требало да се случуваат за да имаме сеопфатна слика за содржината и оние основни постулати кои се дадени во Договорот. Претходниот дискутант одлично објасни, дека гаранцијата е обновлива 5 милиони долари, меѓутоа, како ние тоа да го провериме, или го има за некого, каде што можеме да видиме каков е текстот на тие специфични инструменти за обезбедување, плаќање и т.н.

Јас сега би се задржал на некои битни елементи од договорот. Спомнато е неколкупати по оваа точка од дневниот ред дека "Хеленик петролеум" е државна фирма, за јавноста да биде појасно 90%, тоа државна фирма и сега не постојат контра аргументи, кон она што значи и укажување од Светската банка, дека ова не е добро, еден стратешки објект, нашата држава да се дава на управување, на државна компанија од било која друга држава, не се работи дали е Грција, или било која, од една страна, а од друга страна исто така, нас не очекуваат преговори за стабилност и асоцирање кон Европската Унија, што ќе покаже времето, може да има негативни последици, во однос на нашата позиција, во она што значи преговори за брзо асоцирање. Инвестициите се познати, 182 милиона, меѓутоа, 32 милиона, 10 е кажано, структурата е позната, што треба да се разјасни дека за “ОКТА“, акциите се купени од страна на “Хеленик петролеум" 54%. Меѓутоа, во Нафтоводот 80% се власници од Грчката страна.

Исто така, во дискусиите се спомнуваат цени, како еден од елементите на Комерцијално - финансискиот дел од договорот, јас само ќе спомнам, не заради онаа разлика 27, 17, или 14 долари се светски цени за преработка од по тон нафта, меѓутоа, чисто како бројка да се знае каква големина е тоа, разликата од 27 до 17 помножено со 1 милион и 200 илјади тони, од прилика една

средна вредност, колку што се планира да се преработи сурова нафта во Рафинеријата “ОКТА“, годишно изнесува 12 милиони долари или за 20 години само за оваа стапка е добивка од 240 милиони долари. Во транспортот исто така е речено 25 долари.

Јас овде би поставил едно прашање. Нафтоводот се прави од причина што треба некоја копнена рафинерија да стане морска, за да се намалат трошоците на транспортот. Ние сега го правиме Нафтоводот, влегуваме во инвестиција, а ја зголемуваме цената на транспортот на нафтата. Не само оние работи што ги спомнуваат колегите и т.н., железница итна, што се фирмите наши, што не можат да остварат работа и профит од таа работа, туку едноставно, основната функција на изградбата на Нафтоводот, да се спушти цената на некоја реална, дали е тоа 10, 11 долари по тон е апсолутно аут од сите логични размислувања, за што требаше и да се гради Нафтоводот.

По динамиката, се дискутираше многу околу тоа како оди плаќањето првите 6 месеци, па 12 месеци и т.н., меѓутоа, кога ќе се согледа оваа бројка за капацитетот на преработката и искуството во изминатите три месеци, се гледа дека фактички од реинвестирањето на добивката се врши откуп на акции, па плус си останува и добар профит на сопствениците, дневно околу 46%.

Што се однесува до гаранциите на увозот на 500 илјади тони мазут и деривати, освен тоа, јас би рекол, мислам да дискутираме по ова прашање, дали сме се прашале ние што тоа значи, освен она што е енергетски биланс и ценовните односи во однос на екологијата. Сега ние зголемуваме 200 илјади тони потрошувачка на мазут и цените да ги запоставиме и тогашните негативни ефекти од оваа работа би биле катастрофални, за делот каде што и Термо - електрана Неготино и дел од каде што е Електрана Битола.

Ние, односно Владата и некои наши фирми направија инвестиција од цирка 60 милиони долари гасовод, кое е донесен тука, што е тренд во Светот, по однос на заштитата на екологијата, односно како еден од најеколошките енергенси денеска во Светот и тој Гасовод сега треба да биде во функција, ние немаме потрошувачи, а се обврзуваме да увезуваме 500 илјади тони мазут. Јас поинаку ова не можам да го наречам, освен еден нонсенс. Очигледно дека документот, кој што е издаден некаде во септември 1998 година од Европската Унија, односно од Комисија на Европската Унија за енергетскиот биланс, каде што децидно и таксативно е назначено дека, РМ нема национална стратегија по енергетиката, посочува и одредени задачи, кои што одат во прилог на мојата дискусија, тие документи сигурно ги имаат премиерот и соодветните министри во Владата и треба да го погледаат, бидејќи оценката и проценката од Европската комисија е дека мора да се направи генерална стратегија и едно одделение за надгледување на она што значи национална политика во енергетика во Република Македонија.

Ова што е дадено во овој член, гаранции за 500 илјади тони мазут, излегува од сите тие аспекти кои што ги напомнав за експлузивните права. Зборуваме околу монополот за 5 години кои што се дава на грчкиот партнер и фаворизирањето до 20 години. Јас не би повторувал воопшто, ова е неколкупати речено, меѓутоа, дали нашата држава, како сите држави нормални во Светот ги штити своите фирми од една страна, или ја штити пазарната економија.

Впрочем, во Уставот на Република Македонија, член 8, може да се прочита, во една алинеја, дека фундаментални темели на државата, меѓу тие е и пазарната економија и слободниот пазар и слободното претприемаштво. Овој монопол, по мое длабоко уверување, ќе има негативни последици и за асоцирањето на нашите активности во Европската Унија.

Понатаму, за царината. Јас се извинувам што одам по тој редослед, меѓутоа, јас сакам некои други аспекти, не само комерцијални, разликата ја знаеме, 1% е сега царината по договорот вообичаено за 20 години може да се пресмета, бидејќи оваа стапка на цената на чинење на нафтата, може да се види што тоа значи. Јас сакам фокусот на царината и данокот да го свртам на еден многу сензитивен проблем, кој што нас не очекува за разговори со Светската трговска организација. Сите земји внимаваат на своите царински и фискални мерки. Нема држава во светот која исклучува деривати од фискалните приходи. Плус визави разговорите со светската трговска организација, јас ве молам, дали тоа значи, ако се изгласа денеска договорот за “ОКТА“, дека кога ќе разговараме со Светската трговска организација, ако не прими, ние треба да раскинуваме и што значи тоа во тој момент, ако се раскине договорот, ако сакаме веќе да бидеме членка на Светската трговска организација.

Понатаму, за државните резерви. Врзано со првиот елемент што го кажав дека "Хеленик петролеум" има 90% државен капитал, значи грчки капитал, како може компанија од страна да управува со државни резерви, без одобрување на државата. Значи, директно се знае што е функцијата на државните резерви, а особено, ако дојдеме до некоја недај боже ситуација, која што никој не ја посакува. Меѓутоа, најлошо во овој договор од сите овие договори, што ги спомнав, јас одам по тоа, добрите работи да не ги кажувам, туку само лошите, право на Грчката компанија да го продолжи Нафтоводот за трети земји без надомест, тоа е најлошото во овој Договор што може да се види. Тоа без надомест ниеден договор од ваков тип не би можел да го содржи.

Што се однесува до самиот Нафтовод за изградбата, државата, односно Владата на Република Македонија, дава гаранција за комплетна изградба на Нафтоводот. Кога веќе

дава гаранција за комплетна изведба на Нафтоводот, зошто не се оди на тендер. Тогаш ќе се јават и други фирми, ќе се добие поконкурентна цена. Спомнувано е за овие гаранции околу 5 милиони и т.н., сега да не повторувам, треба да се каже отворено за обврските на Рафинеријата, ако ја продаваме за 22 милиони долари, кој ќе ги покрие обврските на Рафинеријата од 85 милиони германски марки.

И конечно, на последното прашање околу експропријацијата, Ние на крајот на оваа седница имаме една од последните точки, усвојување на Просторниот план на Република Македонија. Во Просторниот план на Република Македонија е внесен Нафтоводот во должина од 250 км. Бев љубопитен, па се заинтересирав со стручните луѓе во оваа област, што значи изградба на Нафтоводот, во смисла, колкав простор треба за да тој биде обезбеден, колкав простор треба тој да се гради.

50 метри е чисто за обезбедување по ширина на Нафтоводот, по 250 км. должина, кога би се пресметало, со најниска цена за експропријација, изнесува 125 милиони германски марки, кои што треба да се одвојат од Буџетот за обештетување на приватните лица, кои имаат свои ниви или ливади, или други имоти. Просторен план кој што е даден, дава една траса, која оди преку Радовиш, па до дојде до Миладиновци, преку Катланово. Меѓутоа, проектот што е понуден од Грчката страна е 154 км. и оди од Катланово по Вардарската Долина. Се поставува прашање. Дали овие 90 милиони долари се некоја процена за чинење на таа траса, или е ова што е дадено во Просторниот План.

Второ, што е уште по битно, дали, доколку е сериозна трасата, предвидена према Грчкиот проект, да оди по Вардар, ние за век и веков ќе го заборавиме проектот Вардарска Долина, за кој знаеме дека има многу заинтересирани и дека е една перспектива на Република Македонија.

И конечно, пред да завршам, спомна и еден мој колега, да не се разбере погрешно, меѓутоа, овие се факти, кои што можат да се читаат од договорот, јас ништо општо не кажував, туку како што може Договорот да се чита и на крајот би изразил едно сомневање во смисла дека договорот исто така, треба да го ратификува и грчката страна. Јас не верувам дека и Грчката страна, пред својот Парламент ќе го ратификува Договорот и со оглед на овие сериозни забелешки кои што треба сериозно да се седне и да се преиспитаат овие забелешки, јас исто така изјавувам дека не можам да гласам, односно ќе гласам против Ратификација на овој Договор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Радомир Карангелески, за збор се јави г-динот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, слушајќи ги дискусиите, тука презентирани настапите од одделни парламентарни групи, се стекнува впечаток дека дискусиите, пристапот на дискусиите по ова прашање е многу важен и може да се третира, односно да се смета од една крајност до друга крајност. Тоа е затоа што ова прашање, очигледно, не се третира објективно по сите агли и димензии, туку се третира од политички агол, со политички позадини, и очигледно не треба да очекуваме дека ќе имаме една реална информација за тоа што содржи Договорот и сите последици, кои ќе произлезат од евентуалното прифаќање на Договорот.

Штом овие дискусии и настапи имаат политичка димензија и политичка позадина, тешко може да се претпостави дека се професионални. Најмалку може да се смета дека се професионални, од причина што политичкото, честопати се коси со објективното, професионалното и реалното. Тука ќе мора да се согласиме со еден факт, тоа е дека сепак, ова Собрание нема релевантни информации за Договорот и последиците во однос на Договорот, нема соодветни анализи што добива Република Македонија од Договорот, односно што губи.

Тоа е поради тоа што очигледно недостасуваат и за ова Собрание и за јавноста стручни анализи и информации.

Јас искрено да ви кажам заради ова не сум сигурен дека огромен број од пратениците, без оглед на тоа како ќе гласаат, веројатно ќе гласаат како ќе им се наложи од партијата, а можеби ќе има и исклучок од тоа, тоа не е битно. Меѓутоа, да поаѓаме од сопствените убедувања јас сум сигурен дека мнозинството, огромниот број од пратениците навистина не знаат како да се определат. Ако тие ќе имале слободна можност да се изјаснат, веројатно прво што ќе побараат, ќе побараат стручни информации во однос на тоа што реално добива Република Македонија, а што не.

Реков, без оглед како ќе гласаат пратениците, јас сум сигурен дека на ова Собрание, па и за јавноста недостасуваат најрелевантните информации во однос на Договорот за ОКТА. И сега ние сме сведоци на две аномалии за кои сме дискутирале и на минатите седници.

Првата аномалија е тоа што сепак, се покажа дека партиските средства за јавно информирање особено електронските падна на испит и тоа намерно падна на испит. Така што ќе кошташе на едно демократско општество, на крајот на краиштата тоа е уставна обврска на тие куќи јавноста да ја информираат до крај, а истовремено пратениците организирајќи разновидни емисии, каде ќе повикаат стручњаци кои до крај ќе ја објаснат оваа работа. Така што за нас ќе беше многу полесно да се определиме за што ќе гласаме, односно нема да гласаме. Тоа е

првото. И да додадам, наместо такви емисии јас, веројатно и вие сте имале прилика да го слушате едниот од директорите на "Хелениک петролеум" и тој кажа како мислел дека е добро за него да каже и тоа е очигледно, ништо немам забелешки во тоа.

Втората аномалија е тоа што ние како став го имавме како Собрание, или договор меѓу пратеничките групи тоа беше првобитниот став при конституирањето на ова Собрание, дека во работните тела на Собранието ќе се вклучат и стручни кадри, односно надворешни членови на Комисијата, кои ќе бидат стручно оспособени за одделни области, а тоа не го направивме и на секого му е јасно зошто не го направивме. Значи, не ни требаат стручњаци бидејќи не можеме нив лесно да ги изманипулираме. Сепак, тие имаат една морална цврстина во себе и тешко дека некој способен кадар, способен научник ќе прегази лесно низ своите ставови и факти. Ова е втората аномалија.

Така што ние реално мораме да признаеме без оглед на тоа дали ние ова ќе го кажеме јавно, или ќе го мислиме тоа, очигледно е дека недостасува јасна слика на тоа што расправаме и на тоа што одлучуваме. Ако е така, значи во недостаток на една професионална анализа првата презункција е дека договорот е штетен со самиот факт што стручни луѓе не беа во можност да даваат мислење за овој многу важен стратешки проект. Значи првата презункција е дека Договорот е штетен. Значи нешто се крие од јавноста. Штом се крие од професионалните луѓе, априори се претпоставува значи дека договорот е штетен за Република Македонија и така ќе резонира секој што е нормален, односно што нормално резонира, или сака да резонира. Дури во тие држави без оглед за која регија, светска регија станува збор, кои ние често популарно ги викаме банани држави и т.н. и тие и те како внимаваат кога се во прашање на тешките интереси на државата. Мислам дека објект на нашето третирање денеска сепак се работи за една компанија која произведува стратешки производ, а тоа значи во прашање се стратешки интереси од кои зависат макро - економските односи во државата.

Остануваат отворени многу прашања. Прво прашање е некои мислења дали државата, односно Владата можеше да направи друга комбинација, односно да обезбеди кредит за да се поправи, усовршува оваа постојна технологија во рафинеријата, така што од постојните услови односно петрохемиски услови во Србија и Косово веројатно дека тој кредит набрзо ќе беше вратен, така што рафинеријата ќе продолжеше нормално да работи во слободен конкурентски пазар.

Второ прашање што исто така е отворено, дури може и негативно да се протолкува, тоа е прашањето што беше и тука кажано, што ќе биде со вработените во "ОКТА"? Ако е главната цел што и од оваа говорница беше кажано: да ја спасиме "ОКТА", бидејќи ќе дојде 30 септември, па ние имаме обврска од ММФ и т.н., значи да ја спасиме компанијата за да ги спасиме луѓето да останат на работа. Никаква гаранција нема за тоа. Значи утредента тој може без проблеми 70% од луѓето да ги отпушти и со тоа ништо не сме направиле.

Потоа остануваат отворени ред други работи, како што е прашањето на царината, транспортот, бесплатниот транспорт, или транзит на нафтата преку нафтоводот ако тој нафтовод воопшто се изгради, монополот, потоа мора да се сложиме и со ова, бидејќи се работи за стратешки производ и монопол на стратешкиот производ обично овие односи завршуваат со политички уцени и политичко условувања, не затоа што некој ќе сака, или не сака, туку овие односи по своја природа произведуваат политички диктати и политички условувања. Мислам по автоматизам произведуваат политички диктати. Сомневањата уште повеќе се евидентни од самиот факт што сепак, што за мене од нејасни причини не се отвори јавна тендерска документација, па да се види кој уште има интерес за овој објект. Од правен аспект исто така договорот има доста недостатоци за начелни прашања договорот е не јасен, не дефиниран, а во одделни членови и за одделни прашања воопшто не постојат рокови во рамките на кои треба да се преземат одделни дејствија, или да се исполнат одредени обврски од договорот. Еве ќе ви цитирам од членот 3 и пишува буквално вака, цитирам: "стратешки инвеститор ќе вложи максимални напори во светлина на постојните пазарни услови, посебно во поглед на достапност на финансиски средства од Европската Унија и другите меѓународни финансиски организации да ги исполни преземените обврски". Значи ако постојат максимални напори можно е да постојат и минимални напори, или никакви напори. За мене ваква формулација во договорот не е доволно.

Затоа јас предлагам да се одложи расправата по оваа точка и да пристапиме кон една професионална анализа од стручни и способни луѓе кои ја познаваат оваа материја, па потоа ние како Собрание да расправаме и да одлучуваме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот пратеник Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани колеги јас ќе се осврнам на неколку општи прашања и потоа на неколку конкретни забелешки, кои мислам дека се битни за денешната расправа. Најнапред да кажам дека после расправата која ја имавме сосема е јасно зошто Владата не ни го достави Договорот на една од претходните седници.

Очигледно таа се плашела дека пред македонската јавност ќе излезат сите небулози од Договорот, кој таа го има потпишано и очигледна била намерата тие небулози да се

скријат од македонската јавност. А тие биле скриени, затоа што голем дел од елементите на Договорот се штетни за Република Македонија. Многу од пратениците укажаа на тие елементи во Договорот, како што е на пример дека не се обезбедени средства, ниту постои некаков инвестиционен план за рафинеријата, дека постои друга понуда која дава поповолни услови, дека според Договорот ќе се создадат вишоци од мазут во Република Македонија, кои вишоци државата треба да ги плати, тоа стои во Договорот и ред други работи што на крај според експерти од оваа област произлегува, дека Република Македонија со ваквиот договор ќе изгуби некаде околу 2 милијарди долари.

Се се тоа елементи кои укажуваат дека во Македонија не постои процес на вложување на странски капитал, или продажба, туку распродажба на македонското богатство. Јас само да потсетам, или да укажам на една неточност која беше изнесена од владините претставници дека наводно “ОКТА“ била во преговорите со ММФ ставена во оние претпријатија кои треба да се приватизираат, или да се продадат. Тоа воопшто не е точно, тоа е една голема лага, затоа што во преговорите со ММФ стои дека се тоа “ХЕМТЕКС“, “ЈУГОХРОМ“ и “ФЕНИ-МАК“, а “ОКТА“ ја нема. Повелете, покажете ми документ каде стои и “ОКТА“.

За штетноста на овој Договор зборува фактот што се предвидуваат, односно при изборот на стратешки партнер обично се води сметка за неколку работи: тоа да бидат сигурни инвестиции, со стратешкиот партнер да се обезбеди модернизација на секторот во кој се вложува. И трето, цената да биде транспарентна, т.е. да биде подложна на конкуренција. Ниеден од овие елементи практично не е запазен. Претходно беше истакнато од повеќемина што значи дека сите го уочиле овој факт дека инвестициите воопшто не се сигурни дека допрва “Хеленик петролеум“ ќе се заложи, или ќе направи напори да обезбеди средства во конкретниот случај за нафтоводот. Во Договорот модернизацијата се сведува само на некои тековни поправки, а модернизација значи воведување на евентуално подобра технологија, понова технологија, освојување на нов тип на производи.

Додека од Договорот произлегува дека ќе се остане на сегашната структура на производство на рафинеријата ОКТА. И цената која е договорена како што кажав носи загуби за Република Македонија, што значи дека овој договор во целина е штетен и затоа е не прифатлив за граѓаните на Република Македонија. Се она што ќе се оствари како профит доколку се ратификува овој договор ќе биде профит на мала група на луѓе, а тоа ќе го платат граѓаните преку прелевањата кои мора да се извршат заради обврските кои ги презема Република Македонија токму според одредбите на овој Договор.

Сега бии се задржал на неколку правни аспекти кои се извонредно проблематични. Најнапред овој договор е во спротивност со познатите стандарди, или правила на Светската трговска организација, но во спротивност се и со нашиот Устав. За да граѓаните на Република Македонија знаат за што станува збор и што се случува со оваа продажба само ќе цитирам делови од Уставот многу кратко и делови од Договорот, па ќе видите дека практично се работи спротивно на Уставот на Република Македонија, а се претпоставува дека преку уставот на секоја држава практично се штитат виталните интереси на одредена нација, односно граѓаните на таа држава.

Во Уставот член 55 став 2 стои: Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесува на пазарот. А во ставот први се гарантира слободата на пазарот и претприемаштвото.

Меѓутоа, спротивно на оваа уставна одредба во членот 8 точка 3 од Договорот се вели: без да се прејудицираат одредбите од член 5 од овој договор и во рамките на тие одредби во интерес на востанување на нормално пазарно работење се опфатени производи во рамките на територијата продавачот изјавува, значи Република Македонија и потврдува дека царините на увозот и деривати произведувани од рафинеријата, кои се пропишани за увозот на таквите производи од било кое друго лице, освен компанијата над дозволеното количество на увезени произведувани деривати нема да биде помало од 20% од вредноста на таквиот увоз, со тоа што изрично е договорено дека, значи тоа е, цитирам од самиот договор, значи изрично е договорено дека во случај пропишувањето на таквите царини да не е возможно поради меѓународни обврски на државата, или од уставно - правни причини државата ќе пропише такви други даноци, или дополнителни обврски врз тие други увозници за да обезбеди еквивалентна економска заштита во полза на компанијата.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:** (Продолжение)

Ваков договор мислам дека не би склучила ниедна држава во светот, вие практично да го негирате Уставот на таа држава, нејзините меѓународни договори и да пропишувате даноци, доколку се појави друг партнер или субјект кој се занимава со дејност од таа област. Тоа значи монопол и овој член од договорот е апсолутно спротивен со наведениот член и став од Уставот на Република Македонија.

Следниот аспект на кој сакам да укажам е безбедносниот и ќе почнам со прашањето дали воопшто министрите за одбрана и за стопанство биле консултирани кога се случувал овој договор, кои имаат надлежности во однос на државните резерви и воопшто во однос на безбедноста на државата, а тука спаѓаат и многу елементи кои се од економската сфера.

Впрочем тоа е дел од современата теорија за безбедност, каде што и економската положба на државата претставува елемент на безбедноста на соодветната држава. Како мал вовед во овој дел би рекол дека не е добро, дури е многу лошо кога витални гранки на една држава како што е енергетиката, банкарството, телекомуникациите се нудат, или се преговара само со една држава. Во случајот, покрај она што и официјално е дадено во јавноста, со Република Грција покрај за ОКТА се преговара за Стопанска банка, претходно и Цементарницата беше купена од грчки партнер, сега се зборува за телекомуникациите, за централа на гас, значи за многу три клучни елементи. Тоа е банкарството, енергетиката и телекомуникациите на една држава. Ние мораме да се отвораме спрема светот, меѓутоа ја знаете нашата безбедносна положба и положба во регионот. Ние мораме да правиме баланс во економското поврзување со повеќе држави, било тоа да се соседи на Република Македонија, или уште подобро држави кои се моќни по својот економски и политички потенцијал, а не да се нудиме само на една држава и се плашам заради искуствата што сме ги имале од минатите години, прашањето на ембаргото спрема Република Македонија, сите овие клучни сектори да се понудат на една држава, било таа да се јавува како купувач преку приватни фирми, или пак преку државни фирми, како што е случајот со купувањето на "ОКТА". Економијата и политиката се многу поврзани. Тоа мислам на сите ни е јасно. Економското влијание доколку го премине одредениот праг може да биде фактор на политичко влијание во една држава, посебно ако таа држава е мала. Секоја држава мора да се заштити од таквото можно влијание. Да не ви се случи Влада, било која идна Влада на Република Македонија да ни се составува под притисок на една држава. Тоа ќе биде многу лошо за политичкиот систем и за авторитетот на Република Македонија. Еве тоа е поширокиот безбедносен аспект за кој сакав да укажам. Сега ќе преминам на безбедносниот во потесна смисла, а тоа е давањето на државните резерви на чување на странска компанија. Еве што вели член 23 од договорот кој ни се нуди:

- Продавачот, тоа значи Република Македонија во својство на државна власт, се обврзува и гарантира дека, во случај домашното законодавство да предвидува постоење на државни резерви, а знае нашата Влада, верувам знае и Грчката Влада дека според нашето законодавство, постојат државни резерви, значи не може тука да се претпоставува дали постојат или не постојат и тоа сите вие го знаете, Компанијата има право и обврска да ги чува и да управува со тие резерви во име на државата.

Ве молам, странска компанија и тоа државна компанија има обврска да ги чува и да управува со тие резерви, во име на кого? Во име на Република Македонија. И додаток на тоа, а сите трошоци во врска со тоа ќе и бидат наплатени на државата. Значи Република Македонија ќе плаќа на странска држава, на странска фирма за сопствените резерви што ги чува таа фирма и на таа држава.

Направена е измена, анекс. Вели дел. Меѓутоа, ве молам, државни резерви се државни резерви. Секоја држава мора да има тотален увид во сопствените државни резерви, а нафтените резерви се клучните резерви и за полиција и за армија и за стопанство. Ве молам, ако некој мисли дека ќе ги издвои резервите за армијата и полицијата, тоа е само еден дел на безбедносниот момент. Тие се помалиот дел од државните резерви. Државните резерви, најголем дел, припаѓаат на стопанството, бидејќи во случај на криза или опасност по Република Македонија, многу е важно да работи стопанството во такви услови, се разбира и резервите кои се обезбедуваат за армијата и за полицијата. Така да овој член мислам дека, не сакам едноставно да употребам друг збор, не само што мора веднаш да биде поништен, туку претставува срам за тие што преговарале и се согласиле да биде внесен овој член. Основа за ова има и во член 55, став 3. Вели: "Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката и т.н." Значи за одбраната на Република Македонија.

Сега ќе Ви кажам една работа. Не знам да постои држава во светот која има една рафинерија и таа да ја продаде, или ако ја продава да не задржи 51% од капиталот, или пак да не поседува златна акција. Има продажба на рафинерии во светот, меѓутоа, кога државите имаат повеќе рафинерии.

Меѓутоа да имате една рафинерија и таа да ја продадете 54% на странска државна фирма и' во која 2/3 од Управниот одбор припаѓаат на членовите кои ги поседуваат акциите на таа државна фирма на друга држава, мислам дека е крајно неодговорен однос спрема Република Македонија. На крајот ќе завршам со едно потсетување дека дури и во стариот систем се водело сметка за интересите на Република Македонија. Не случајно рафинеријата е правена во годините кога Република Македонија почувствувала дека ќе дојдат ломови на овој простор, кога Република Македонија беше уценувана од некои други рафинерии во Југославија и тогаш беше одлучено Република Македонија да има сопствена рафинерија, на тој начин економски да биде што е можно посамостојна во рамките на таа федерација. Според она што јас знам одлуката беше политичка, се разбира со можни економски ефекти. Меѓутоа, после искуствата

кои беа со неколку нафтени кризи во тогашна Југославија, тогашното раководство, ги ставам на страна идеолошките определби, исто така водеше сметка дека во Република Македонија мора да се обезбеди енергија и поради тоа РЕК Битола од тие причини направена и рафинеријата во Скопје, како една позиција на Република Македонија која ќе покаже поголема економска самостојност барем во енергетиката. Без контрола на енергетиката секоја држава тешко може да опстане како политичка заедница.

Еве тоа беа аргументите кои мене ми наведоа да се јавам за дискусија и да укажам дека овој проект не треба да се прифати, бидејќи како што реков ова не е продажба, ова е распродажба, не се водело сметка за многу елементи на кои укажав јас и некои претходници во дискусијата и би било добро Владата, ако е доблесна, да го повлече овој закон од ратификација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Лазар Китановски.

Имаме уште 4 дискутанти пријавено.

Тоа се пратениците Фадил Бајрами, Илија Филиповски, Ѓулистана Марковска, Кирил Настевски и сега како петти Миланчо Черкезов.

Збор има пратеникот Фадил Бајрами.

**ФАДИЛ БАЈРАМИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Подолго време Законот за ратификација на билатералниот договор меѓу Република Македонија и Република Грција за изградба и управување на нафтоводот е тема број 1 во државата.

Очевидци сме на секојдневните бројни информации и дезинформации, скоро во сите средства за јавно информирање околу оправданоста за ратификацијата на овој договор. Впрочем и меѓу нас пратениците, во нашите дискусии се изнесуваат најразлични мислења и предлози околу тоа колку е корисен, односно штетен овој договор. И за демократските општества каде припаѓаме и ние да го сфатиме ова како нормално, бидејќи ова е место каде се креира законската регулатива на државата. Но, лично мислам, во најголем дел од искажувањата на колегите од опозицијата се презентираа многу невистини, па и состојбите со рафинеријата “ОКТА“ се претставуваат не објективно и не се одраз на вистината. На сите нас ни е позната економската состојба на државата, а уште повеќе потребата од користење на странски капитал. И во конкретниот случај кога навистина постои добра клима и се создадени позитивни услови за инвестирање во рафинеријата “ОКТА“ од страна на грчката државна фирма "Хеленик петроленум" ние сакаме да ја претставиме оваа инвестиција како штетна, економски не издржана и не продуктивна за државата.

Дами и господа пратеници. Зарем досегашното скоро десет годишно континуирано негативно работење на рафинеријата “ОКТА“ не е доволен податок кој зборува за огромниот товар кој го носи државата со овој најголем нафтен гигант кај нас. Не треба исто така да зборавиме дека и претходната власт го знаеше овој проблем и која сериозно размислуваше за затворање на рафинеријата кога беше оценето дека инсталираната технологија е застарена, со лоша производствена структура, со ниска продуктивност и висок степен на амортизираност.

Почитувани колеги, да кажам уште нешто. Имено претходната власт не треба да заборави и на некои сопствени потези со кои направи голема штета околу затворањето на повеќе значајни капацитети. Исто така не треба да го занемариме и проблемот со вработените во рафинеријата, доколку овој капацитет не биде ставен во производствен процес и до колку не биде поддржан странскиот капитал. Во овој инвестиционен проект дадена е и можноста за изградба на нафтоводот Скопје - Солун, за кој не би сакал да зборувам, верувајќи дека сите добро знаете што значи тоа за нашата држава, впрочем за ова потврда е и заложбата на врвните експерти, содржана во долгорочната стратегија за економскиот развој на Република Македонија.

Имајќи ги предвид сите околности и потешкотии во кои работи рафинеријата “ОКТА“, како и понудените решенија во договорот со грчката фирма “Хеленик Петроленум" јас и мојата пратеничка група ДПА ја поддржуваме во целост заложбата за ратификација на билатералниот договор меѓу Република Македонија и Република Грција за изградба и управување со нафтоводот и веруваме дека со овој договор направен е голем исчекор во изнаоѓање на оптимално решение, што воопшто не е штетно по интересите на државата. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Фадил Бајрами.

Збор има г. пратеник Илија Филиповски.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници.

Како што вели колегата Милан Ставрев јас сум еден од апостолите и квази бранители на македонските интереси. И јас, така како ви рече Ставрев сакам да го објаснам и не бегам од тоа.

Јас и Милам Ставрев одамна сме познаници, би- рекол и пријатели, работевме во една иста канцеларија едно време, а верувам дека нашето пријателство и после

овие разговори ќе си продолжи. Ова е професионален однос, да речам и одговорност на едниот или другиот спрема предметот за кој денес расправаме. Тој требаше да има храброст и точно да го наведе моето име, а не да врти околу и да не кажува за кого се однесува.

Прво, дали сум го прочитал договорот.

Јас сакам да цитирам дел од стенографските белешки во кои точно и специфицирано е кажано што сум рекол. "Сакам да наведам дека преводот на договорот е шминкан, не од незнаење, туку од намера што е многу опасно. Валиден договор е само англиската верзија и тоа е точно специфицирано во договорот. Преводот е само да се замачкаат очите на пратениците. Мислам дека е ова исклучително голем преседан. Доколку има потреба јас ќе изнесам некои членови од она на што се однесува".

Јас никаде не спомнав дека не сум го прочитал договорот, а сега, еве изјавувам за да нема сомневање дека повеќе пати го прочитав договорот и во времето кога не беше даден од страна на Владата. Така да целосно сум запознаен и имам направено консултации со луѓе кои оваа проблематика ја познаваат.

Понатаму колегата Милан Ставрев поставува прашање која странска фирма би ја купила рафинеријата, да се расправа со Грци. Ние не знаеме која фирма би ја купила, меѓутоа Владата требаше да распише тендер и точно ќе знаевме која фирма и под какви услови ќе ја купи рафинеријата, а и сигурно дека ќе ја купи рафинеријата ако Владата распишеше тендер со кој ќе ја гарантира рафинериската цена, така како што е утврдена по оваа методологија или по некоја друга методологија, врз основа на што се прави профит. Се работи за отстапување на 200 милиони годишен бизнис. Нема фирма од таа област која не би се јавила во Македонија, за тоа сум сигурен.

На крајот на краиштата сите ние знаеме и од печатот дека две грчки фирми беа заинтересирани. Зошто не се преговараше со двете грчки фирми. Зошто се даде предност на една фирма.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:** (Продолжение)

Следно за кое господинот Милан Ставрев се наврати е прашањето на загубите на Рафинеријата. Малопродажната цена на рафинериските производи се формираат врз основа на цената на нафтата, курсот на доларот, транспортот и цената на процесингот и така се создава рафинериската цена и на неа се додава акцизата за која државата донесува одлука. Не треба да одиме подалеку, треба да се потсетиме во нашава држава во последниве години малопродажната цена на бензините се движи некаде околу од 1 марка и 10 до марка и 20 фенинга. Оваа цена во Грција изнесува марка и 80 фенинга или марка и 90. Во Австрија изнесува марка и 60, марка и 65 и да не ги наведувам земјите. Ако државата се определи да зема помалку акцизи и теретот да го префрли на Рафинеријата, да плаќа помала рафинериска цена, заради заштита на социјалниот стандард во државата, тогаш сето тоа практично поголемиот товар го префрла на Рафинеријата и Рафинеријата нормално дека ќе покажува загуби. Треба да се знае дека вкупните трошоци во Рафинеријата, нејзиниот процесинг не поминуваат некаде 7%.

Според тоа, Рафинеријата не може да направи никаква заштеда ако цената на нафтата, рафинериската цена била утврдена на база на 17 долари, а цената на нафтата била 27 долари. Ве молам, нема таков кој со магично стапче тоа ќе го покрие. Прво, мора да се појават загуби. Државата тоа свесно го толерирала и денеска, практично, санацијата на Рафинеријата се врши пак по истиот принцип. Сега се врши со тоа што се намалуваат акцизите на секои 15 дена, во зависност од растот на цената на нафтата на светскиот пазар. Јас и минатиот пат во моето излагање изнесов дека од 30 јуни до сега 6 пати е зголемена рафинериската цена.

Според тоа, не може да се зборува дека не знам што се правело и како се правело, битно е ние нафтата што ја купуваме, ја купува по истата цена и Грција, ја купува по истата цена Германија и Америка. Според тоа, таа е котација и за тоа нема дискусија за тоа. Прашањето е сега колку државата на тој дел ќе даде за акцизи, за потребите на Буџетот и која цена ќе и плати на Рафинеријата. Ако и плати 17 долари, ќе прави загуба, а ако и плати 27 долари, ќе прави печалба и ако ги признае трошоците на курсни разлики и на цена на нафта, нема да прави загуба сигурно. Според тоа, прашањето на Рафинеријата, нејзиното економско работење зависи само од одлуките на Владата.

Следно прашање е и беше во дискусијата опфатено како прашање за кое демек турците изградиле, ја изградиле железницата не за транспорт на нафта. Па, не ја изградиле турците исто ни за транспорт на металургиски производи и обоени метали или слично што во меѓувреме се работеле, битно е дека милион тони железницата ќе има помалку транспорт. За тоа 16 долари се плаќа на Македонските железници за еден тон. Тоа проверете го дали е точно или не. Годишно 16 милиони долари железницата ќе има загуби. Денеска има големи загуби и замислете 16 милиони долари, кој ќе биде резултатот. Резултатот ќе биде или Буџетот треба да се оптовари за тие пари или 6 - 7 илјади луѓе од железница треба да ги испушти. Тоа е прашањето и затоа треба Владата да има одговор овде, а не само да ни каже дека ќе градиме Нафтовод. Нафтовод може да се

гради, но ако цената на Нафтоводот биде испод 10 долари, за да можат да се компензираат трошоците во железницата.

Беше, исто така, наведено дека 46 посто од акциите на Рафинеријата се слободни и секој може да ги купи. Не е точно, слободни акции има 18%. Меѓутоа, многу е битно да се знае дека во Договорот е утврдено управувачкото право го има оној кој има 51% акции, други никој нема никакво влијание на донесувањето на одлуката. Па, кој е тој кој што ќе купи акции ако тој не може да влијае на донесувањето на одлуките.

Мислам дека едно од многу важните прашања дали ќе се гради Нафтоводот или не е зошто грчките власти не го потпишуваат Договорот. Дали грчките власти ќе се согласат со изградбата на Нафтоводот. Ние, да речам, македонските власти уште во поранешниот систем, односно во поранешната држава 20 или 30 години инсистираат за добивање на согласност за изградба на Нафтовод. Меѓутоа, до сега немаше никаква согласност од грчка страна за градба на Нафтоводот. Прашањето е сега, дали грчките власти, бидејќи не го имаат потпишано договорот ќе ја дозволат градбата на Нафтоводот.

Второто прашање е како е дојдено до цената од 60 милиони односно од 90 милиони долари дека треба да кошта Нафтоводот. За тоа, пак треба да постои некаков Тендер врз основа на кој ќе се дојде до најповолната цена. Зошто нашата градежна оператива, ако веќе некому му даваме право на монопол, зошто ние нашата градежна оператива не ја заштитуваме со овој договор. Тоа се прашања кои јас и минатиот пат ги поставив и сега ги поставувам.

Сега, на крај уште нешто. СФСМ јас го преведувам некако дека значи Смрт на фашизмот, слобода на народот. Ако е тоа така дали дојде време во Македонија ние да се срамиме од паролата “Смрт на фашизмот слобода на народот“, нека кажат што значи тоа. И тоа овде на говорница. Можеби тоа значи вака. Само фантазија на Ставрев Миланчо (се смее). Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Илија Филиповски.

За збор се јави госпоѓата пратеник Ѓулистана Марковска.

Претставник по ова е министерот Кадиевски или потпретседател на Владата.

Може да влезе потпретседателот и да му се каже дека опозицијата бара претставник на Владата.

(Во меѓувреме снема струја во салата).

После една минута дојде струја во салата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, во ред, продолжуваме со дискусијата.

Рековме дека госпоѓата Ѓулистана Марковска побара збор.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, пратеници, почитувана Влада.

Ова е прв закон од областа на економијата, кој што е условен со не потпишување на Указ од страна на претседателот на Републиката господинот Киро Глигоров.

Морам да ја искажам својата голема вчудоневиденост и чудење што господинот претседател денеска и претходно не е присутен меѓу нас од причина што не прогласувањето на Законот, односно не потпишувањето на Указот за прогласување на Законот преставува прв закон од економската сфера.

Второ, се работи за претседател на државата, кој што по професија е економист и би било интересно и за нас и за јавноста да ја изврши својата обврска кон пратениците и кон граѓаните на Република Македонија да ги каже причините поради кој што овој закон не е потпишан. Зошто го зборувам ова? Ова го зборувам од причина што се појавија доста шпекулации и истите нив да ги сопре или да ги сврти на своја страна или пак претседателот на Републиката остана до крај верен војник на својата партија односно на СДСМ, бидејќи тој се уште е член на оваа партија и останува на нас хипотетички да размислуваме дека нивните ставови се и нивни ставови. Меѓутоа, тогаш паѓа во вода идејата за претседател на сите граѓани на Република Македонија без оглед на тоа од која провиненција доаѓа.

Второ, слушајќи ги дискусиите на опозицијата и првиот ден и денеска, верувајте, воопшто не размислувам зошто до сега во Република Македонија немало ниту една странска инвестиција. Такви идеолошки препреки присутни во главата на скоро секој од присутните, кои што овде дискутираа на оваа говорница, апсолутно не влеваат никаква верба дека некој од нив верува дека во Република Македонија може да постои странска инвестиција.

И, за среќа на граѓаните, добро е што конечно се промени власта која што поинаку размислува, односно што дојдоа луѓе кои што сакаат да привлечат странски капитал и дека тој странски капитал се појавува, но за жал во свеста на луѓето од мојата лева страна е присутна непознаницата зошто тоа да биде од една соседна земја, односно зошто да биде од Грција без при тоа да кажеме дека се работи, прво, за странска компанија, во случајот “Хеленик Петролеум“, кој што ужива голем

кредибилитет во светот воопшто е позната и дека се работи, пред се, за една инвестиција од која што некој тргнал дека ќе оствари профит. А, впрочем, се работи за земја со која што сакаме да ги подобриме нашите и економски, меѓутоа би рекла во еден дел идеолошки препреки, кои сигурно ќе бидат надминати во наредниот период и за земја која што е членка на Европската Унија.

Она што овдека не беше направено е дистинкцијата помеѓу продажбата на управувачкиот пакет на “ОКТА“ и помеѓу закон кој што е овде присутен, кој што е пред нас за разгледување, а тоа е билатералниот договор помеѓу Грција и Македонија за изградба и управување на Нафтоводот. Очигледно е дека се измешаа бабите и жабите, односно се дискутираше заедно, можеби од аспект на тоа што се работи за поврзани елементи е дозволиво, меѓутоа, едно сакам да спомнам.

Прво, приватизацијата на ОКТА е направена согласно, апсолутно согласно прописите и согласно законската регулатива која што е донесена во времето на СДСМ. Исто така, продажбата е направена спрема проценката која што е направена во времето на владеењето на СДСМ. Така што, тука воопшто ништо не е спорно. Оваа Влада, само оваа Влада успеала она кое што го зацртале како своја обврска, а не успеале од идеолошки причини да го направат, да го реализираат.

Второ, апсолутно не е точно дека “ОКТА“ не е на списокот на загубари, кој што биле присутни во договорот на меѓународниот монетарен фонд и Светската банка и со Владата на Република Македонија. Точно е дека постои документ, таков документ на кој што е потпишан бившиот претседател на Владата господинот Бранко Црвенковски и господинот Таки Фити, во кој што се вели дека до 30 септември е крајниот рок кога “ОКТА“, која што е прва на тој список, а вие ја заобиколувате свесно, после неа се “ФЕНИ-МАК“, “ФЕНИ“ и четврто е “ХЕМТЕКСТ“, треба или да се приватизира, или да се продаде.

Значи, што вие нудите во овој случај? Вие во овој случај нудите исклучиво можност за затворање, доколку таа не се приватизира, таа треба да се затвори. А, што и како ќе биде со нејзината судбина, понатаму, тогаш треба некој друг да размислува и за среќа добро е што имаме Влада, која што успеала да ги извлече барем еден од загубарите и да го стави на листата на компании кои што ќе можат да работат понатаму добро, и се надеваме профитабилно.

Второто, кое што овде беше присутно во дискусија, за жал, на луѓе кои што ја познаваат оваа сфера, меѓутоа, со искажување на полувистини, сакаат да продаваат магла, односно да ја зашеметат јавноста со тоа што, бидејќи имаат искуство во оваа сфера, очигледно мислам дека имаат и податоци и дека со нивниот настап ќе предизвикаат можност јавноста да ги прифати нивнит9 аргументи за точни. Видете, и покрај тоа што голем дел од дискутантите рекоа дека немаат познавање и се оградија дека можеби рекле работи кои што не ги познаваат добро, и јас не сум во оваа сфера, меѓутоа, јас како и Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се потрудивме да поразговараме со експерти од овие области кои што долго време работат и кои што се научни работници, и кои што со сигурност својот углед и научен авторитет што го имаат стекнато во тие области, не би го рескирале да даваат позитивни оценки за проект кој што е не добар, а еве се ставаат во наша услуга тоа да го стават. Јас очекував тие научни работници да се огласат и во јавноста и верувам дека дел од нив ќе се огласат и конечно јавноста ќе успее да добие добри податоци за тоа дали е направен штетен или е направен корисен договор за Република Македонија.

Инаку, се друго што беше речено од аспект на штетност паѓа во вода од причина што штетност по договор може во оваа држава, бидејќи сме правна држава, да утврди само судот. Инаку, аргументи можат да постојат за и против, тие можат да бидат хипотетички, а штетност на договор може да утврди релевантно судот и судските органи.

Исто така, јас жалам што господинот Стојан Андов не е тука, меѓутоа, морам да цитирам еден негов дел во кој што тој вели: "секои милиони долари изгубени, се милиони долари за сите, освен ако некој сам не си ги зел парите". Знаете, ова е многу тешка инсинуација за еден претседателски кандидат. И, ако господинот Андов има такви податоци, аргументи и факти со кои што товари луѓе од сегашната владеачка гарнитура, дека имаат присвоени во овој случај се работи за милиони долари, јас молам истите тие аргументи да ги поднесе до јавниот обвинител и на тој начин да ја докаже вината на овие луѓе. Инаку, се друго спаѓа во рамките на шпекулативното, а тоа нему како на претседателски кандидат веројатно нема да му користи кај граѓаните.

Прво, во една од дискусиите дека долгот што го имаме спрема странските држави, е можност да се откупи преку акциите во “ОКТА“, односно ние ќе сме биле економски зависни од Грција. Во член 4 од Договорот децидно пишува "акциите се плаќаат кеш, односно износот на акциите се плаќа кеш и тоа на посебна сметка" и воопшто во Договорот нема ставено таква опција за плаќање со преземање на долгот. Значи, ние не можеме да бидеме ничии должници, можеме да добиеме само кеш пари.

Второ, се рече дека овде освен првите пет милиони долари, нема никаква гаранција за тоа дали ќе стигаат други пари и дека можеби вистинската вредност на Рафинеријата е само толку. Во Анексот на договорот за кој што

верувам дека Ви е доставен, доставена е гаранција од првокласна банка, со која што стратегискиот инвеститор ги гарантира своите плаќања и тоа во рок од три години. Значи, тој период на плаќање е обезбеден, економистите подобро од мене веруваат и знаат што е тоа првокласна банка.

Второ, во членовите 24 и 30 децидно се образложува и се обврзува стратегискиот инвеститор да го направи Нафтоводот и да ја реализира инвестиционата шема за модернизација, согласно Анексот и тоа во висина од 40 милиони долари. Значи, се работи за обврзувачки дел, кој што исто така е присутен во овој Договор.

Еден, исто така, од штоп дискусиите, дискусиите на тема што би било кога би било, беше кажан податок дека овие два месеци “ОКТА“ има остварено профит од 40 илјади марки и дека вака ако и понатаму, со оглед на состојбата во Косово ако и понатаму продолжи ваквиот профит дека “ОКТА“ би била најпрофитабилната фирма која што ќе работи на Балканот.

Прво, би сакала дискусиите од овој тип да им кажам, поготово што произлегуваат од времето на СДСМ, вакви профити во овој период апсолутно е неможно да се остварат. Сегашниот капацитет на “ОКТА“ е 800 илјади тони годишно нафта, а не 3 милиони тони нафта, колку што би требало да се преработат, за да се добие овој профит од 40 милиони марки.

Второ, помина златното време на ембаргото од кој што спрема СРЈ, бидејќи Косово не е под ембарго, таму се уште работат и комплетно набавките ги врши КФОР и за жал тоа златно време на ембарго од кое што државата не се офајди ниту еден долар и ниту еден цент, се офајдија токму претставници од бившата владеачка номенклатура, кој што дебело ги зголемија своите сметки на конто не во овдешните банки, веројатно во многу подалечни банки, а некои од нив си ја платија кандидатурата со нив, дури за некои беа отворани и посебни премини кон СР Југославија со цел нафтата илегално да се продава и да поминува непречено и со цел да имаме богати граѓани, кои за жал, и не плаќаат богат данок на државата.

Многу беше речено во врска со железницата и беше речено дека оваа железница ќе губи некаде, ако добро се сеќавам, тоа го извадив од стенограмата, 18 милиони долари по основ на превоз на нафта. Знаете, ако Вие еден Нафтовод кој што е стратегиска инвестиција на една држава, кој што треба да Ви обезбеди дотур на нафта во секое време од Солун да Ви биде присутна тука во Скопје, ја условувате со железница, која прво и сега превезува нафта, со целиот капацитет што го има, а повторно работи со загуби што ако и понатаму продолжи, ако го изградиме Нафтоводот, нема да има никаква промена на состојбата, таа ќе работи и сега со загуба како што и порано работела.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:** (Продолжение)

Ова особено од причина што таа е изградена по едни лоши стандарди, по стандарди на некое слепо црево и од причина што таа мора да се модернизира ако сакаме да работи профитабилно.

И една многу сериозна работа која што овде беше изречена повторно од аспект на тоа зошто овој, а не друг. Зошто државата се определила во сите свои напори да најде стратегиски инвеститор токму во “Хелении петролеум“, а не во некој друг. Овде со повеќе усилби беше споменувано името на господинот Мамидакис.

Прво, јас немам такви податоци, но имам можност да проверам и проверив, воопшто нема доставено ниту понуда, ниту гаранција за оваа понуда со цел да се види дека се работи за сериозен човек кој што намерава сериозно да вложува во оваа држава.

Господинот Мамидакис и неговата фирма 20 години работеше во “Окта“. Замислете 20 години тој го имал овој монопол и овој простор, меѓутоа во него не вложил ниту еден долар. Бидејќи е точна опашката на еден од пратениците кој што рече зошто Грција не го ратификува овој договор, затоа што Грција исто така има кај својата опозиција големи, критики, затоа што се што го имало едно приватно лице, тоа е во олицетворение на господинот Мамидакис, на овој простор, а тоа е монопол за 20 години без да вложи ништо парите повторно се враќале во Грција, сега треба да го обезбеди една државна компанија со тоа што треба дебело да ја наплати инвестицијата и да ни отстапи нас еден нафтовод. Така да воопшто не е наивно зошто не е ратификуван договорот до сега, веројатно чека ние да го ратификуваме, меѓутоа ќе го ратификува таму, затоа што тоа што нејзе и било овозможено, 20 години некој го работел овој пазар без банка да даде на него и сега тој некој друг, кој што произлегува за среќа или за несреќа воопшто не е битно, во овој случај се работи за странски инвеститор доаѓа од истата земја кој што бара да внесе и капитал, меѓутоа бара и да инвестира и во нафтовод. Така да многу ќе биде за мене добро, бидејќи се случуваше во времето на Социјалдемократските сојуз да се објаснат причините на десетгодишниот ексклузивен договор за претовар на нафтата на “ОКТА“ склучен во времето на владеењето на СДСМ и кој што не поминал под присмотра на јавноста и на овој Парламент, туку само на Макпетрол односно и на “ОКТА“ во тој период и на господинот Мамидакис, како и на кој начин е склучен тој десетгодишен ексклузивен договор. Така да паѓаат во вода сите ваши дискусии од стилот зошто се обезбедува монопол на една фирма. Вие тој монопол веќе сте си го обезбедиле со еден, за

среќа невалиден договор со една приватна фирма, а дека не се работи за монопол.

Прво, зборува пека контролниот пакет во ОКТА изнесува 54%. Пакетот на вложените средства за купување.

Се заборава дека дел од тој профит, а тоа се 46% ќе отиде на други акционери на вработени внатре, како и на тој што ќе ги купи преостанатите 18% од основниот пакет и не е точно дека оваа Влада сака да го уништи Макпетрол. Напротив таа сака да му даде можност, се разбира доколку е тој способен тоа да го направи, финансиски да плати, бидејќи во оваа држава помина времето кога ништо не плаќа никој а добива се, доколку тој има можност како Макпетрол да го откупи тоа 18% од управувачкиот пакет на акции, како и со помош на двестате пумпи со кој што тој располага на територијата ширум Македонија апсолутно ќе се избегне монополот што го нуди една фирма. Значи ќе имаме не монопол туку конкурентска борба на две фирми, во случајот на “Хеленик петрол“ и “Макпетрол“, кој што ќе работат за сметка на господата што се потрошувачи на нафтата и на нафтените деривати.

Според тоа во овој случај дојдовме и до суштината на тоа зошто овој договор е присутен овде и зошто се јавуваат сите шпекулации. Практично требаше да и се овозможи на една бизнис елита, која што можеби не беше директно вовлечена во власта, меѓутоа, дебело ја спонзорираше власта во минатиот период убаво и угодно да живее, да влече дебели профити, а од сето тоа државата апсолутно да не инкасира ништо.

На крајот би сакала само едно да кажам.

Прво, со овој договор што добива Република Македонија? Со влегувањето на “Хеленик петролеум“ во Македонија преку Македонија прво ќе се добијат 30 до 40% поевтин претовар од танкер во резервоар и транспорт на горивото од Солун до Скопје. Тоа нешто го немало досега.

Второ, тоа значи досегашните 25,9 долари по тон за таа намена ќе се намали овој трошок за околу 9 долари по тон. Влезната цена на суровата нафта согласно методологијата на пресметка на нафтата и на нафтените деривати колку што се продаваат во малопродажбата, која што исто така имаше обврска да ја направи СДСМ, меѓутоа откако се се пресмета дека не и е во интерес не го направи тоа ќе се намали по два до три долари по тон.

Од друга страна цената на производството ќе порасне од 17,5 долари по тон на 27 долари по тон или за 9,5 долари по тон што воопшто не е малку. Со примена на методологијата ќе се избегнат сите штети по државата кои се направени во 1998 година. Ако лани се применувала методологијата државата ќе заработела. Тоа впрочем премиерот многу пластично го искажа во своето експозе. Најмалку 54 милиони марки, при исти малопродажни цени на дериватите кои важеле во 1998 година. Сите велат дека е профитабилен бизнис, бизнисот со нафтата. Ако ги погледнеме последните податоци на Заводот за платен промет Макпетрол, искажува загуба по своето работеше. Тогаш каде се профитите што по овој основ треба да се добијат. Очигледно не во државата, туку некаде ќе треба да се проверат и очигледно нашето обвинителство ќе има голема работа.

Според тоа, порано имавме поголеми трошоци за производството на деривати, поголеми набавни цени на купување на нафта и никакви инвестиции.

Сега во овој период имаме и инвестиции и помали цени, а за каква штета се работи проценете сами.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на госпоѓата Ѓулистана Марковска.

На ред е господинот Кирил Настевски.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, во врска со договорот за купопродажба на акции и концесии и во врска со законот за ратификација на билатералниот договор помеѓу Република Македонија и Република Грција за изградба и управување со нафтовод сакам да кажам неколку напомени од аспект на заштитата и унапредувањето на животната средина и природата.

Нормално е дека нафтените деривати како трансформирани облици на енергијата и понатаму ќе бидат од интерес на Република Македонија. Аналогно на тоа и димензионирањето на производните и потрошувачките капацитети треба да се темели врз структурата на стопанството и општествениот развој. Поголем дел од потребите од нафтени деривати во Република Македонија се задоволуваат од производството од Рафинеријата “ОКТА“, која со проектираниот капацитет од 2.500.000 тони годишно ќе ги задоволува тие потреби.

Рафинеријата “ОКТА“ во потрошувачката на течните горива до планерскиот период и нејзиниот капацитет точно одговараат со нејзиниот проектиран капацитет да ги задоволува сите потреби. Со договорот се третираат правата и сите права на стратешкиот инвеститор и на сопственикот на нафтоводот вклучувајќи без ограничување концесии и права во однос на градбата и управувањето со нафтоводот, потоа права во експлоатацијата, користењето на градежното земјиште и другите права, но на ниедно место во договорот не се земаат обврски во однос на заштитата на животната средина и на природата.

Сакам да нагласам дека и во оваква ситуација на функционирање на “ОКТА“ таа е ден од најголемите предизвикувачи на конфликтни состојба во животната средина. Таа е еден од најголемите производители на техноген отпад, кој

што драстично ја загрозува животната средина односно сите нејзини сегменти (водата, воздухот и земјиштето), а тоа е како резултат на јаглеводородниот талог и другите супстанци кои ја загадуваат средината преку технолошкиот процес во Рафинеријата.

Република Македонија пред две години има донесено национален еколошки акционен план, стратешки документ во животната срдина и со него дадени се сите состојби во врска со животната средина од аспект на функционирањето на "ОКТА". Република Македонија исто така има донесено и Закон за заштита и унапредување на животната средина и природата со кој што, како и другите загадувачи така и "ОКТА" е задолжена да изработи проект за оценка на влијанијата врз животната средина, со кој што ќе се земе обврска за технолошко преструктуирање со цел да се намалат влијанијата врз животната средина. Овде, во овој договор и Законот за ратификација ниту на едно место не најдов дека стратешкиот партнер зема обврска за отстранување на влијанијата врз животната средина и верувајте дека тоа ќе бара многу пари. Дали ова ќе падне на товар кај нас или и понатаму ќе продолжиме да се труеме. Наскоро исто така во ова Собрание ќе го разгледуваме и најверојатно ќе го усвоиме просторниот план на Република Македонија, секако документ кој го сублимира целокупниот развој на државата. Експертскиот елаборат за заштита на животната средина во просторниот план во своите приоритети, а истовремено и во планот за акција на националниот еколошки акционен план, исклучително стои дека во поглед на животната средина неопходни се мерки спрема "ОКТА" како загадувач.

Потполно е иста состојбата и со предвидената изградба на нафтоводот Солун - Скопје. На ниедно место во договорот и Законот не постои обврска со која стратешкиот партнер се обврзува дека ќе ги преземе мерките за заштита на животната средина и природата. Според тоа овој договор и овој закон не би требало да се допуштат покрај другото гледано и од аспект на животната средина.

Заштитата на животната средина бара многу пари. Да ве потсетам дека со најавуваната изградба на четвртиот блок во РЕК Битола, во заштитата на животната средина особено за десулфуризација на јагленот ќе требаше да се вложат скоро исто толку средства колку и за изградба на објектот.

Според тоа ова прашање навистина не треба да биде занемарено, а во договорот на ниту едно место ниту со еден збор за тоа не се зборува.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Кирил Настевски.

Има збор господинот пратеник Билал Љутвии.

**БИЛАЛ ЉУТВИИ:**

Господине претседателе, да мили господа колеги пратеници, Предлогот на законот за ратификација билатерален договор помеѓу Република Македонија и Република Грција за изградба и управување со нафтовод ќе го поддржам од причина што Владата сака, а мислам дека и може Република Македонија да ја отвори кон странските инвестици. Сите дискутанти досега истакнаа дека треба да се инвестира во Рафинеријата "ОКТА", што како идеа е многу добра идеа но проблемот е во тоа што нема пари за да се инвестира.

Втора причина што сум за овој Предлог на закон е фактот што го изнесе премиерот господинот Георгиевски, дека во име на претходната Влада е потпишан договор со ММВ и Светската банка за затворање на 12-те најголеми загубари во Македонија, а меѓу тие 12-те загубари е и Рафинеријата "ОКТА".

Оттука да се осуди на некој начин Владата зошто успеа да најде за оваа фирма стратешки партнер кој е заинтересиран да влезе во приватизација и на тој начин да не се затвори фирмата, бидејќи од нас не е за затварање на фирмата, тогаш морам да заклучам дека дискусиите против ратификација на овој Предлог - закон се чисто политички маркетинг, што не ништо друго освен злоупотреба на говорницата на Собранието, затоа што за политички маркетинг има други начини и форми кои и се дозволени.

Еден бивш политичар Рахман Морина, после распадот на Југославија почна да се занимава со трговија, па замоли еден свој колега да му продаде околу 20 тони шеќер што му останале не продадени. Колегата се зачудил и му рекол, го продадовте цело Косово, а не можете да продадете 20 тони шеќер. Ова се однесува за бившата Влада, ја продаде целата економија на Македонија отуѓувајќи го, а сега нема можност да ги спаси овие вработени во фирмата "ОКТА" и останатите 11 фирми, па затоа можеби е нормално во оваа предизборна кампања и да се занимава со политички маркетинг.

Јас мислам дека оваа влада има можност и способност да го направи ова, значи да го продаде на тој начин како што предлага во Предлогот на законот и затоа ќе го поддржам и ќе гласам за овој Предлог на закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на пратеникот Билал Љутвии.

Господа пратеници со оглед дека имаме се уште пријавени пратеници за дискусија предлагам да одиме на пауза еден час.

(Пауза од 14,55 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,55 часот).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани дами и господа пратеници, продолжуваме со расправа по првата точка.

Збор има господинот Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, дами и господа пратеници. Еве веќе неколку дена зборуваме за една тема која е во центарот на интересот на целата македонска јавност и јас би сакал да го дадам својот скромен придонес кон истата. Нормално, се уште сум под импресии на говорот на г-ѓа Марковска, која рече дека е неопходен еден експертски пристап наводно експертите позитивно се изразиле, меѓутоа, мислам дека тие експерти што позитивно се изразиле требаше да ги чуеме некаде или да напишат да излезат во јавноста за да влијаат. Во овој случај експертите сме ние, односно лекари, шивачи, кројачи, професори, кои ќе зборуваме (негодување во салата).

Кога глобално го гледаме овој договор од далеку, мислам дека не би требало да имаме ништо против. Евро - атлантски ориентиран, добро соседство, бизнис, зделката навистина е позитивна. Кога го гледаме од далеку. Дали извесен позитивен политички импулс кон соседите, доверба и т.н. Меѓутоа, нашите амбиции опаѓаат кога ќе се фокусираме поблиску до Предлог законот за ратификација на Договорот пред се на нашата балканска реалност и на евентуалната цена што Македонија можеби ќе треба да ја плати. Дали по извесно време по овој Договор таа ќе излезе како губитник, понижена и наивна.

Ние со Грција имаме мошне лошо искуство од минатото, токму заради нејзината значајна гео стратешка и гео политичка положба за македонското стопанство. Тоа без број пати го има користено. Се прашувам дали е многу умно во еден таков контекст да ја врзуваме целата наша стопанска инфраструктура за една земја кога недостасува реципроцитет и рамноправност принципи мошне битни при таквиот вид односи.

Ќе се сетам на еден пример од 80-те години кога беше актуелен еден гасовод меѓу Алжир и Франција. Само 30% од потребите на Франција требаше да поминат низ овој гасовод и во Франција се разви една огромна полемика околу тоа дали ќе се дозволи на една земја со која се има сомнителни односи, во тоа време беше времето на ладната војна, Франција да зависи 30% од тој гасовод. Така во оваа зделка одиме можеби нешто непознато, нешто што јас би го нарекол нова пост комунистичка социјална утопија, меѓутоа, со сериозни предизвици на еден неправеден однос колонија - метропола или центар – провинција. Секако, ние сме колонијата, ние сме провинцијата, грчкиот партнер е метрополата и центарот. Сето тоа во услови на капитализмот кој станува еден глобален процес. Капитализмот не е ниту личност, ниту институција, ниту партија, ниту ВМРО-ДПМНЕ ниту СДСМ, ниту ДА, не е капитализмот. Капитализмот не чувствува. Тој е само логика на дејствување. Тоа го вели Адам Смит, уште во XIX век. Затоа и овој договор мора да го набљудување без емоции, ладнокрвно, рационално, прагматски. Но, токму низ призмата не неговиот прагматизам се плашам дека нашите толкувања се негативни во однос на неговото значење. Тогаш да тргнеме по ред.

Можеби ќе сеповторам со некои дискусии, однапред се извинувам.

Во член 3 и 4 се зборува за износот и структурата на плаќањето по овој Договор. Вкупната вредност, како што истакна премиерот Георгиевски, изнесува 180 милиони долари, од кои по структура нафтоводот ќе чини околу 90 милиони долари, модернизацијата на Рафинеријата 40 милиони долари, малопродажната мрежа низ Македонија институционализирање на бензински пумпи околу 20 милиони долари и откупување на управувачкиот пакет во висина од 54% односно 32 милиони долари, но, со една напомена дека од овие 32 милиони долари 20 милиони ќе се плаќаат во кеш, а остатокот од 10 милиони се припишува во акции од страна на новиот сопственик на Рафинеријата или поинаку кажано препуштање на акции за македонската држава во нафтоводот.

Вториот значаен аспект е прашањето на цената. Овде сме навистина сите аматери кога зборуваме за цени, бидејќи јас не можам да си дозволам со точност да констатирам дали цената е добра или не. Дали е соодветна, меѓутоа, затоа некој друг во името пазарно стопанство се огрошил низ јасните утврдени критериуми на понудата и побарувачката да ја утврдува цената на секој производ и овој договор всушност се бави со производ или по едноставно речено да ме сфатат сите граѓани, исто е како понудата и продажбата на едно мало пазарче. Знаете, во сезоната кога понудата е поголема, цените паѓаат, кога понудата е помала, цените растат. Така сметав дека и овој Договор ќе биде преку еден вид тендер и ќе го привлече вниманието на внатрешните и надворешните заинтересирани, за да по одредена логика на пазарното стопанство биде утврдена цената. Но, како што знаете, Владата беше мошне итра, го измени Законот за концесија по итна постапка, за да го склучи овој Договор согласно законските одредби. Меѓутоа, останува една дамка од морален аспект што сепак оди на товарот на Владата. Целосната одговорност по оваа работа ќе биде на Владата и на нас пратениците кои ќе гласаат.

Можеби низ една отворена тендерска понуда ќе се постигнеше една можеби по реална цена, можеби плус, можеби помала, овдека зборувам за Рафинеријата. Меѓутоа, збунува самата динамика што тие средства од 22 милиони долари, каде точно стои во член 4 дека 5 милиони долари ќе се платат по 6 месеци, 5 милиони по 12 месеци, а 12 по 3 години, а 10 милиони сукцесивно ќе се уплаќаат како основачки капитал на државата Македонија во нафтоводот. Од оваа структура и динамика на плаќање само првите 5 милиони долари се обезбедени со валидна банкарска гаранција, која треба да се депонира кај продавачот во оној момент кога се потпишува

договорот. Претпоставувам дека таа гаранција е веќе доставена кај ресорниот министер и не е ништо спорно на истекот на 6-от месец овие 5 милиони долари да се платат, бидејќи од кажувањата на претходниците овој период на променетата конјунктура на пазарот Рафинеријата во сопственост на грчката фирма инкасирано, како што истакна г-динот Иловски околу 45 милиони долари од продажбата на деривати во Косово.

Збунува реализацијата на останатиот финансиски план, на пример вторите 5 милиони долари дека ќе се платат на 12 месеци. Зошто нашите преговарачи не се сетија барајќи гаранција за првиот дел кој е многу понизок, посвеж во сеќавања, би се реализирал без никакви спорни моменти. По 12 месеци немаме апсолутно никаква гаранција дека овој износ од 5 милиони долари ќе се наплаќа.

Дозволете ми да ви кажам една мала приказна кога се работи за гаранциите (негодување во салата), мислам дека ќе ја разбие монотонијата на Парламентот. Примерот е од соседна Албанија.

Дошол некој Албанец кој не живее во Тирана, човекот бил добро адаптиран, а пазарните законитости и човекот дошол од белиот свет. Им понудил еден проект за изработка на една фабрика за обработка на кокошки. При тоа рекол вака. Видете, јас имам една извонредна банкова гаранција на 10 милиони долари, инаку банковата гаранција потекнувала од државата Нигер. Тоа е најсиромашната држава во франкофонска Африка. Се залетале луѓето кои 5 милиони, кои 2 илјади ДЕМ, кои 100 ДЕМ, сите во вид на акции. Меѓутоа, човекот си заминал. Сепак, луѓето викале не се секирајте имаме банкова гаранција од една држава која е во Африка, Нигер, и една делегација отишла да види што е со гаранцијата. Кога оди таму, гледа еден африканец со печати за 200 ДЕМ дава од 5 до 10 милиони гаранции. Се плашам дека таквата гаранција исто така меѓутоа, која е разликата во гаранциите меѓу она што ни го кажува договорот, дека на пример навистина ќе бидат исплатени обврските, како што се истакнува во овој договор. Тој е непрецизен во овој домен.

Конечно, би сакал да се осврнам посебно на член 16 од Договорот. Тука мислам посебно сум заинтересиран со оглед на својата вокација.

Прво, член 16 вели вака. Член 16 - вработени. Знаете дека проблемот на вработеноста е еден од најсериозните проблеми на денешницата, не само во Источна и Централна Европа, туку и пошироко. Дали овој договор нуди смалување на невработеноста? Навистина вели вработени, меѓутоа, јас предлагам овој член да се вика невработени. Зошто? Затоа што договорот предлага најпрвин да биде извршено реконструирање на својата работна сила. Вие знаете што значи реконструирање на Влади, па и реконструирање на својата работна сила. Тоа значи отпуштање, под една многу посложена и многу по интересна со еден многу по интересен термин преку раскинување на постојните договори за работа и други договори за пружање на услуги или услуги преку склучување на нови договори. Мислам дека во една сериозна земја во Западна Европа таков договор, таквата нејаснотија, ова сериозно ви велам, земете го како сериозно размислување, таков договор каде што не се разработени вистинските идни права на луѓето што работат таму, ќе бидат веројатно како технолошки вишок, ќе предизвика бурни штрајкови и негодувања. Тоа е многу сериозна работа. Можеби за економскиот дел не сум таков експерт, меѓутоа, за социјалниот дел сметам дека има сериозна замерка од самиот договор. Видете, си дозволува другата страна да има право да ги отпушта, целосно да располага со работниците. Во еден нормален капиталистички режим е во ред, таа располага со работната сила, ги отпушта, ги враќа. Меѓутоа, во еден систем каков што е нашиот каде, ќе признаете, не е чист капиталистички има доста социјала, остатоци од минатото, сиромаштија, таквиот договор е мошне штетен за тие луѓе што се таму и не само тоа, во делот на истиот член 16.3. предлагачот дури ќе им обезбеди визи и можности за увоз на работна сила од својата држава и тука нашата страна нема никакви права. Еве ако сакате да ви го цитирам самиот член. Вели: "продавачот во својство на државна власт ќе ги обезбеди сите потребни дозволи, лиценци за странскиот персонал на компанијата, на сопственикот на нафтоводот и нивните семејства, како што се визи, дозвола за престој, дозволи за работа, дозволи поврзани со одредени специјалистички дејности, знаења, искуства и други дозволи, кои се потребни според правните прописи на државата за нивен постојан престој, вработување или пружање на услуги на територијата". Меѓутоа, нашата држава ќе дава практично во услови на една целосна напната социјална ситуација со недостиг на нови работни места нашата држава практично ќе увезува работна сила.

Мислам дека, ако веќе го изгласате, со оглед на вашето мнозинство, законот, мислам дека треба да се фокусирате врз оваа одредба, затоа што од нејзе произлегуваат мошне негативни консеквенци за нашето општество, за Македонија. Мислам дека овој дел мора, ако веќе се усвои, мора да биде до разработен со некои нов законски акт, каде ќе биде сочувано достоинството на вработените таму, каде што ќе се обезбеди барем луѓето да не бидат отпуштени тие што се сега. Ако веќе се примаат нови, тоа ќе биде плус.

Конечно, знаете дека нафтоводот ќе доведе исто така до одредени поместувања во доменот на другите сфери како што е железницата. Тука ќе не чека една огромна конкуренција, каде што е можност голем број на луѓе од тој домен да се најдат на улица.

Железницата ќе трпи загуби, таа ќе мора да се однесува пазарно.

Во тој случај исто така имам забелешка дали не е малку пре интензивирано од еднаш една железница која се уште работи по некои стари методи, далеку од модернизирана како еден негативен фит бек ќе се слее ова што произлегува од договорот токму од овој член 16.

На крајот, една поука, ќе се вратам пак на примерот од Нигер, се надевам дека нема да одиме таму да се жалиме и да ја сфатиме: нашата небулоза. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Нано Ружин.

За збор се јави г-динот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Претседателе, почитувани колеги, почитувани членови на Владата.

Длабоко сум уверен дека инсистирањето на Владата за што побрзо донесување на овој закон, немаше да биде воопшто проблематично до колку Парламентот не беше доведен во ситуација од брзање да направи неколку сериозни проблеми во врска со овој Договор, кој на крајот на краиштата не вратија повторно во Парламентот и веројатно од гледна точка на мнозинството и на Владата изгубивме два - три месеци непотребно.

Доколку се следеше процедурата која е неопходна да не се ограничува расправата, да ни се достапни сите акти кои треба да ги имаме во врска со одлучувањето, ова ќе беше веројатно завршено уште пред годишните одмори.

Меѓутоа, самиот факт дека Владата и мнозинството се одлучи расправата по вака важен договор, кој на некој начин ја прекршува не само судбината на Рафинеријата, туку мислам дека ја прекршува логиката на економското однесување на Владата по икс други случаи кои евентуално ќе следат, самата таа логика е еден од показателите зошто се инсистира на таков начин на однесување во изјаснувањето, првиот пат кога Парламентот го донесе законот согласно Уставот, а тоа е тајноста на документацијата, која еве сега со право бројни пратеници од многу пратенички групи ја проучуваме и гледаме дека член по член Договорот во целина и по одделно сите негови акти предизвикуваат бројни дилеми во нашата свест, во врска со полезноста во врска со приспособеноста на економската логика која ја промовираме во Македонија, па дури и во врска со другите закони и со Уставот.

Мислам дека оваа расправа се наметна по втор пат како многу потребна во РМ, за што нема логика да носиме закони за кои не знаеме какви одредби содржат.

Исто така, нека не ми биде замерено и од Претседателот на државата ако го искористам тоа што тој го достави до нас, службено како допис во врска со овој закон, да укажам и да не се смета за некаква употреба, меѓутоа, во овие официјални дописи тој допис е секако составен дел на расправата.

Мислам дека самото укажување на г-динот Претседател, имајќи го предвид неговото искуство и знаење од оваа област, е доволно индикативно во врска со овој закон, иако во суштина е сведено на еден збор дека, Договорот не носи полза на Македонија. Мислам дека тоа треба да се има предвид, особено што ова е прв пат по два мандати на г-динот Глигоров да даде уставно ограничување на еден закон со не потпишување и особено што се случи тоа во последните два месеци од неговиот мандат.

Значи, нема никаква потреба од негова страна доколку навистина не оценил дека според него, според Уставот и овластувањата кои ги има, дека ваквиот закон навистина не носи соодветна полза. Јас наполно се согласувам со тоа мислење и со мислењата на бројни пратеници од повеќе пратенички групи, кои директно или индиректно го искажаа анализирајќи го Договорот.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Во врска со овој закон кај мене се појавуваат неколку дилеми. Дури, наместо да се намалат, се зголемија откако го ислушавме образложението на Владата, зошто овој закон всушност се предлага, иако со задоцнување, после ставањето вето од страна на претседателот. Некои од дилемите, за мене, се следните.

Ако овој договор навистина е најдобриот договор, како што ми се кажа од Владата, потпишан во последните 50 години, зошто тој се криеше од нас пратениците. Мислам дека е сосема логично еден добар договор Владата да го промовира, а не да го крие и да мора да се користат уставните механизми, според кои правото на пратеникот да биде информиран ќе се искористи.

Кај мене се јавува и една дилема дали ова навистина е странска инвестиција во логиката на Владата. Дали Владата свесно - несвесно, намерно или ненамерно, ги употребува различните зборови за различни случаи кои имаат ист именител во врска со приватизацијата на постојниот општествен капитал. На пример, нам ни се сугерира дека постојните фирми кои до оваа Влада биле приватизирани практично се продавале. Железарницата ја продадоа, "Усје" го продадоа и т.н., за да логиката на продавање сега се замени кај “ОКТА“ со терминот - ова е странска инвестиција. Зошто се прави тоа двојство за истите случаи. Сакам тоа да го појасниме. Мислам дека тоа е една опасна игра на зборови, со која се сака да се укаже дека претходната власт на Македонија вршела продажба на државниот капитал со негативен признак - распродажба, а сега се странски инвестиции.

Прво да расчистиме, или барем за мене е расчистено дека ова не е странска инвестиција

во Македонија. Продажбата на “ОКТА“ е портфолио инвестиција во Македонија. Инвестиција е кога нешто ново се создава и се гради, кога се купуваат акции од постојни објекти, тоа се портфолио инвестиции во Македонија и треба сосема чисто да кажеме дека ништо не ги разликува од претходните продажби. Меѓутоа, она што ја разликува оваа продажба на “ОКТА“ од претходните, или ако сакате приватизација, е начинот на кој ја приватизираме и мислам дека тука доаѓаме до клучното прашање по повод овој договор, кое јас сакам во овој Парламент да го елаборираме. Тоа е и клучниот одговор на прашањето и сите досегашни говорници кои говореа во корист на овој договор го избегнуваа прашањето вклучувајќи го и премиерот на Македонија.

Имено, зошто оваа приватизација се изведе спротивно на принципот на лицитација. Да ви кажам, еден од големите успеси на младата македонска пазарна економија беше неколкуте приватизирања низ берзански продажби на слични случаи, како "Пиварницата", "Усје" на берзата на РМ. Вие сите се сеќавате или ако не се сеќавате да се потсетиме каква беше на пример продажбата на акциите на Железарницата, кога берзата буквално во последните секунди, еден од понудувачите зголемувајќи ја драстично цената, го купи пакетот на Железарницата. Тоа беше "Балкан - стил", во оние последни секунди од лицитацијата на берзата. Така се случи и со некои други објекти во РМ. Се продадоа акциите на берзата, вклучувајќи го и државниот капитал кој се поседуваше од РМ. Зошто тој механизам се избегна во случајот со “ОКТА“?

Мислам дека тоа е клучното прашање и колку и да бегаме од вистинската расправа, мора секогаш да се вратиме на тоа: Зошто “ОКТА“, како и сите други акции на државата во заостанатиот општествен капитал, не се изведе на берзата легитимно да се лицитира со него. Зошто се склучува ексклузивен договор, за кој мислам дека не е уставно заснован и за кој мислам дека не носи корист. Зошто се избира еден партнер, а сите други се исклучуваат? Тука има стотина зошто.

Ние слушнавме од премиерот на оваа држава едно излагање од 60-тина минути, во кое беше се објаснето дека сме информбировци сите ние кои мислиме поинаку и т.н. Меѓутоа, не се објасни зошто премиерот не ја даде “ОКТА“ на лицитација. Зошто оваа Влада не го применува системот на лицитација при продажба на општествениот капитал? Имаме берза во РМ. Ние постапно влегуваме во фаза кога берзата ќе ја суспендираме, ќе го продадеме директно овој објект без лицитација, некој можеби и повеќе ќе понуди и подобри услови. Ако завладее таа логика ќе влеземе и во другите, и тогаш на крајот ќе ја снема берзата, ќе ја снема лицитацијата, ќе го снема и пазарното стопанство. Ќе го суспендираме со вакви ексклузивни договори.

Мислам дека од овде произлегува уште едно клучно прашање, на кое да ви кажам дека многу непријатно се чувствував, кога премиерот од оваа говорница и не криејќи директно ја критикуваше опозицијата дека “ОКТА“ всушност создава профити, за кои не се знаело каде одат и затоа се врши сега притисок на нејзината приватизација.

Ова што сакам да го кажам е дека тука слушнавме бројни аргументи за нејзините профити. Веројатно се точни тие кои се засновани на статистички показатели, иако тоа било во времето на ембаргото од сите страни врз РМ, кое најчесто “ОКТА“ ја погодуваше како ембарго од страна на Република Грција. Меѓутоа, ако е легитимно од страна на премиерот да праша каде се профитите од успешното работење на “ОКТА“, тогаш зарем не е легитимно од еден пратеник на опозицијата да се запраша: а каде се провизиите од склучен договор без јавност и без лицитација? Зошто премиерот не одговори на тоа прашање, кога го прашуваше претходниот премиер кој тука е пратеник, каде профитите од “ОКТА“ во изминатите шест години, а каде се профитите и провизиите од договор кој не е склучен по пазарниот механизам.

Јас очекувам одговор на ова прашање од премиерот или од страна на претставникот на Владата кој е во салата: зошто немаше лицитација и зошто се обвинува опозицијата за она што всушност сега се случува. Мислам дека се применува методот дека нападат всушност е најдобрата одбрана.

Исто така, се поставуваат прашања кои никој не ги покренува во Парламентот по повод ова прашање. Се применува метод дека пишувањето на некој новинар е став на опозицијата и после се аргументи "наголемо" со тој став овде, за да се констатира на крајот дека опозицијата има соодветни ставови по безбедноста на РМ, ви за ви продажбата на “ОКТА“ и т.н. Полемизирање со новинари во име на опозицијата, замислете?! Зарем е дозволиво сега јас да земам еден напис од "Нова Македонија" или од МТВ и да го препишам на Владата и да кажам дека јас полемизирам со вашиот став. За ставови никој пат не изречени од опозицијата! А всушност, зошто мислиме дека нафтената економија никаде во светот не претставува национален интерес? Зошто тоа го мислиме? Зошто Америка отворено кажува дека во Персискиот Залив ги штити своите национални интереси? Зарем мислите територијални, на песокот? Ги штити нафтените интереси, економските интереси. Ако така мисли Америка, па можеме и ние, фала богу, да мислиме дека Рафинеријата претставува некаков интерес за оваа држава. Тој не е оддалечен 10 илјади километри од нашата држава, тој е тука, блиску до Скопје.

Јас се согласувам дека соработката со Република Грција е битна за РМ. Ние сме една од ретките земји во Југоисточна Европа или во

Источна Европа, една од ретките која има граница со Европската Унија. Нашата граница со Грција е всушност граница со Европската Унија. Таа граница ние треба да ја промовираме како наша соработка со Европската Унија. Јас се согласувам со тоа и се согласувам дека Македонија има национален интерес да соработува со Грција.

Меѓутоа, не се согласувам дека премиерот на РМ, тоа ни го соопштува овде како да никој ништо не памети. Јас господа, со уште поголем дел бд пратениците од изминатиот состав, точно во оваа сала на пример, кревав два прста и разговарав за времената спогодба во Њу Јорк, да ја ратификуваме 1995 година, во услови кога премиерот пред овој Парламент со неколку илјади луѓе демонстрираше против нас внатре дека, ги продаваме националните интереси со тој договор. Од 1995 година, сега после пет години истиот тој премиер, мртов ладен - извинете на изразот, ни соопшти дека соработката со Грција е наш национален интерес. Зошто нас да не обвинува на тоа? Зошто на СДСМ да му се кажува и на ПДП, па и на дел од ЛДП кој е претставен овде, дека интересите со Грција ние сме ги оневозможувале? Ние кои бевме под ваш притисок и под негов личен притисок со демонстрации?! Јас се сеќавам дека овој Парламент носеше одлука заобиколен околу со полиција и од околу со уште неколку илјади демонстранти, за да може да ја донесе одлуката за соработка со Грција, за да се превртат сега сосема тезите и да се каже дека вие сте против соработката со Грција, а јас ќе промовирам со овој договор.

И на крајот уште да се каже дека нема никаква политичка позадина овој договор, туку има само економска содржина. Ако нема никаква политичка заднина, зошто ни се кажува дека соработката со Грција е наш интерес? Треба да се каже дека има и политичка позадина овој договор. Една од тоа е и соработката со Грција, па макар и по лоши економски услови.

И мислам дека треба наполно да отфрлиме дел од аргументацијата дека, оваа соработка ќе и овозможи на Македонија да набавува нафта Рафинеријата македонска по цени кои се пониски од светскиот пазар преку "Хеленик - Петролеум". Како да "Хеленик - Петролеум" работи на држава која се базира на нафтени полиња, под грчкото тло како да има нафтени извори, па таа ќе ни продава. Каде ќе ја купи таа нафтата на светскиот пазар, за да ни ја продаде нам под цена? Грција не е производител на нафта. Тоа е сеење на магла дека "Хеленик - Петролеум" ќе купува нафта во светот, бидејќи не ја произведува, а ќе ја пласира во нашата "ОКТА" под светската цена. Или тоа значи ќе купува по 20 долари барел на пример, а ќе ни ја продава нам по 18 долари. Па овој договор целосно е посветен на обратната логика: Дека на грбот на "ОКТА" и Македонија и на нејзините буџетски приходи и сите други јавни претпријатија кои губат со ова, всушност ќе печали во Македонија.

Зошто нас пратениците некој не довадува во позиција да мислиме дека едноставно се што ќе се каже треба да поверуваме. Ни во Егејското Море ни во карпите во Грција нема нафтени извори. Тие ќе ја купуваат исто така на светскиот пазар и ќе ни ја даваат нам. А колку е за верување дека ќе биде тоа така мислам дека треба да се процени, вклучувајќи ја и анализата со цените на нафтата кои ќе се одразеле... Па видете, вие цената од 34 денари, откако влеговте во договор со "ОКТА", ја донесовте до 39 ден. литар малопродажна цена на бензинот "супер". Ја спуштивте цената и од тогаш три пати ја качивте, на 36 ден, па потоа на 38, па на 39 денари. Која е гаранцијата за сите нас дека овој важен енергенс нема да биде зависен од диктатот на една државна компанија од Европската Унија?

Јас би сакал по овој повод да соопштам, иако нешто беше соопштено, меѓутоа, во контекстот на овој говор би сакал да соопштам. Некои од бројките и показателите што всушност се добива или се губи со потпишувањето на овој договор. Инаку и премиерот во своето излагање, образложувајќи го договорот, соопшти: "Јас сум човек кој сака" ова е цитат од стенограмот - "да верува на цифри и официјални податоци". Јас во себе се прашав, кога го слушнав тоа, од кога тоа, господине Георгиевски, вие верувате на официјални податоци. Од кога тоа г-дине Георгиевски? Па вие како премиер на оваа држава излеговте во пристапното предавање на овој Парламент со податок дека, Македонија има невработеност од над 50%, во услови кога имаше 330 илјади вработени и 250 илјади невработени. Кога го имаше експозето во овој собраниски дом за својот избор. Простата логика покажува дека 250 не може да е поголемо од 330.

Меѓутоа, ако верува на официјалните податоци, како што сам се изјасни, нека каже на пример сега колку е невработеноста, кога отиде на 340 илјади, а вработеноста се спушти на 313 илјади. Сега се потврди она неговото. Меѓутоа, тој заборави дека се наоѓа во Парламент, мислеше дека е на предизборен митинг. Сега имаме официјален податок за над 50% невработеност во Македонија. Меѓутоа, кога сме кај цифрите за кои тој сака да зборува, јас имам само прашаше и мислам дека Владата е должна да одговори.

Секој економски договор има т.н. екстерни ефекти или екстреналии. Ние тука само ги слушаме позитивните екстреналии - ќе се изгради дополнително ќе се инвестира и не знам што. Меѓутоа, ај да ги видиме негативните екстреналии - се надевам се разбираме г-дине Стојменов барем како економисти, дека овој договор има многу негативни екстреналии, а Владата треба да води грижа за општата економска состојба во државата. Дали Македонија работи на проектот Исток - Запад за креирање на нафтовод АМБО од Бургас до Драч, кој поминува низ Македонија и кои се економските поврзаности со овој нов нафтовод кој се заговара сега. Каде ќе оди нафтата до Рафинеријата, преку Бургас -

Драч или ќе оди преку Солун и дали тие два нафтоводи за една толку мала Рафинерија можат да обезбедат економско опстојување. Дали таа екстреналија ние ја пресметуваме? Дали од утре ние ќе кажеме дека сме за проектот Исток - Запад, меѓутоа, нафтоводот во тој момент веќе го испуштаме, меѓутоа, тоа да се соопшти од Владата. Концепцијата Исток - Запад без нафтоводот од овој момент ќе ја промовираме во Македонија.

Што е со судбината на Гасоводот? Договорот предвидува обврска на државата во Македонија да продава преку Рафинеријата минимум 500 илјади тони мазут годишно до 2001 година, а е сосема јасно од показателите кои се изнесени дека во Македонија потрошувачката на годишно ниво е помала од 300 илјади тони, значи половина од предвидениот во договорот, со член од договорот. А тоа ние треба да го супституираме понатаму и со гас, заради тоа што се гради гасовод во Македонија. Значи секоја наредна година како се шири гасоводот, 300 илјади тони потрошувачка мазут ќе се намалуваат како последица на замената со енергенсот гас, кој доаѓа од Русија. Кој ќе ги компензира до 500 илјади тони обврските по договорот? Државата. Да кажеме дека за околу 200 илјади тони мазут, што секоја година ќе се намалува и се повеќе и повеќе ќе станува потрошувачката, ќе се претрпи штета од 27 долари по тон или околу шест милиони американски долари за една година, или за 20 години 120 милиони долари. Во најдобрата варијанта, екстерналиите се поголеми за 30% од цената на нафтоводот, во најдобриот случај.

Трето, од монополската положба годишните штети од зголемените цени кои произлегуваат од договорот минимум ќе бидат 20 милиони американски долари, односно за 20 години блиску 400 милиони долари. Како овие ефекти на овој договор се сметаат во идните 20 години во Македонија.

Четврто, толку спомендуваната Железница, која годишно со 16 милиони долари учествува во превозот на нафтата од Солун до нашата Рафинерија, која со гасоводот нема да ги има. Гасоводот ќе создаде профит, меѓутоа колку тој ќе биде на висината од 16 милиони или за 20 години, на колку е потпишан договорот, висина од 320 милиони долари. Зошто не ни се соопшти како овие бројки се вклопуваат во проектот продажба на “ОКТА“ на ваков начин?

Или петто, за повисоко договорената цена за превоз и на така изградениот нафтовод во однос на некои од понудите на пример од грчки партнер, кои се по девет долари за еден тон нафта или вкупно за 20 години по 20 милиони колку што ќе оди, се околу 180 милиони загуба, само заради фактот дека не се остварила лицитација и за нафтоводот, ако го проектира Владата. Или собрани сите овие носат околу една милијарда долари за 20-тина години. Пресметајте, делено на 20, колку е тоа годишно и дали овој проект има позитивна ставка која ќе го компензира овој губиток на РМ. Владата мора да мисли за целината.

Затоа, јас исто како премиерот, меѓутоа сериозно, а не во употреба како пропаганда сакам да верувам на цифрите и официјалните податоци и сакам како пратеник во процесот на изјаснувањето по овој договор да ги видам ваквите биланси, позитивни и негативни, и на крајот да видиме дали е добар овој договор или можеби останува оној еден клучен збор кој виси во оваа сала, дека договорот не е полезен за РМ.

Дозволете, една од сериозните забелешки, покрај овие кои ќе вршат сериозен притисок на оваа држава за досега склучените договори, отсега натаму што ќе се склучат. Со овој договор т.н. стратешки партнер добива привилегиран третман и тоа во однос на стекнување на посебни права при увозот во РМ, во однос на сите други правни субјекти, привилегиран третман во однос на извозот на сите субјекти, привилегиран третман во однос на набавката на сите инпути на производството, привилегиран третман во однос на пласманот на производството на територијата на РМ и многу други привилегии.

Само да потсетам дека само во функција на поттикнување на странските инвестиции во Македонија од 1991 година до денес, вклучувајќи го и овој состав на Парламентот на пример пред месец со Република Кина - Тајван се потпишани бројни договори за поттикнување на странските инвестиции во РМ и се ратификувани како билатерални договори на РМ со трети земји.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Во сите тие договори Македонија превзема обврска да ги поттикнува и да ги штити странските инвестиции со секоја држава по одделно и притоа им гарантира на сите овие држави дека, нивните инвестиции ќе имаат национален третман во РМ. Односно, тоа подразбира најповластена инвестиција, доколку овој договор го прифатите.

Дали тоа значи отстапување од сите досега ратификувани договори за взаемна заштита на инвестициите со сите странски земји, сигурно 30-40 во однос на најповластената инвестиција што ќе ја користат они во договорите со нас. Од овој момент сите ратификувани договори со кои што заеднички ги штитиме нашите инвестиции во тие и нивни во оваа земја, а најчесто се сведува на нивни инвестиции во оваа земја. Веќе не се најповластени и најзаштитени. Сега има еден договор што го свртува патот од најзаштитена нација на сите нив. Ќе се јави реалниот проблем на размислување на сите држави - зошто јас да инвестирам во оваа држава што не ми нуди рамноправни услови со другиот? Ниту една држава веќе нема да инвестира странски инвенстиции во Македонија под рамноправни услови само со еден договарач. До каде може да се протега ова? Уште колку вакви договори ќе го измести нашиот правен

систем? Колку држави ќе размислат дека тие не сакаат тука да инвестираат под неповолни услови, кога можат во било која друга истиот капитал под поволни услови.

Ние веќе го напуштивме, господа од Владата и господа пратеници, со евентуалното гласање за овој договор принципот дека во Македонија ги штитиме странските инвестиции како национални, со секоја држава по одделно, вклучувајќи и економски унии како на пример Европската Економска Унија. Мислам дека ова ќе биде нешто што ќе се провлекува долго време во нашиот правен поредок, како проблем на странските инвестиции. Барајќи да фатиме мало рипче, нема да видиме дека во водата има многу големи риби.

Дозволете по овој повод да кажам мое мислење. Мислам дека тоа беше изнесено во расправата, меѓутоа мислам дека може да предизвика соодветно размислување во рамки на Уставниот суд на Република Македонија.

Уставот на Република Македонија во својата четврта глава ги уредува основите на економските односи. Во членот 55 во 3 става образлага, меѓу другото, што подразбира под тоа. Дозволете овој договор да го погледаме низ призмата на уставните одредби. Во Македонија се гарантира слобода на пазар и претприемништво". Дали е слобода на пазар кога некој на пазарот може под повластени услови да пристапи, за разлика од другите. Тоа не е слобода на пазарот.

Ставот 2: “Македонија обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот". Дали “Хеленик Петролеум" со “Окта“ има еднаква правна положба со сите субјекти на пазарот, во реализирањето на овој договор? Не. Таа е само по привилегирана.

Во дополнувања вели дека, "државата презема мерки против монополската положба и монополски однесувања на пазарот". И, наместо нашата Влада, која меѓу другите ја олицетворува во еден дел и државата, да презема мерки против монополското однесување и да ја промовира слободата на пазарот и да не заштитува од монополско однесување на пазарот, нашата Влада ни промовира монополско однесување. Оној кој треба да го штити Уставот и основите на уставот, ни промовира обратни принципи. Како сега ќе очекуваме ние дека некој во Македонија ќе има слободен пазар за своите странски инвестиции, кога не е заштитен како и сите други. Тој зависи, не од правниот поредок, не од Уставот, зависи од волјата на Владата. Ако еднаш се прекрши ќе биде и втор пат, а се најавуваат и втори вакви прекршувања. И, каде ќе биде крајот?

Мислам дека по овој договор имаме многу повеќе отворени прашања, многу повеќе дилеми на кои Владата, навистина треба да даде одговор отколку да ни соопштува дека сите кои не прифаќаат странски инвестиции се инфорбировци.

Следниот став вели дека слободата на пазарот може да се ограничи со закон, единствено во функција на одбраната. Значи, тука Владата има една отстапка, меѓутоа треба да образложи кои се тие интереси на одбраната за да ја ограничи слободата на пазарот, на пример во нафтениот, како што тука се кажа бизнис, од сега па во идните 20 години.

Мислам дека овој договор има сериозни проблеми со многу закони за ратификација на взаемна заштита на инвестиции со трети држави и дека има проблеми со Уставот. Затоа и од тој аспект не само од економски за кој досега се зборуваше повикувам сериозно да се размисли дали Македонија е на правиот пат, дали е тоа правото решение, дали се прекршува нешто покрупно отколку продажбата на “Окта“ и т.н.

Исто така сакам да укажам дека, како што ние ја штитиме слободата на пазарот и го штитиме анти монополското однесување, односно сме против монополските договори, тоа го штити и секој друг во светот. Го штити и Светската трговска организација, го штити и ЕУ. Така што, слободно можам да кажам дека овој закон е во директна спротивност и со законодавствата на државите во Светската трговска организација и во ЕУ. Уверен сум и убеден дека ние не можеме во ЕУ да пристапиме со вакво законодавство. Тоа ќе мора да го промениме. Меѓутоа нема да го промениме под нивни притисок. Тие не тропаат на вратата на РМ за да влезат во нашата интеграција. Ние тропаме на нивната врата. Ние имаме избор за оваа Влада. Или ќе го прилагодиме нашето законодавство на Европското, каде што се штити слободата на пазарот, рамноправноста, анти монополското однесување и спротивно на монополизмот или ќе си останеме само до вратата на ЕУ.

Од тој аспект гледано сум многу скептичен, дека РМ во оваа година од власта, од работата на Владата на г. Георгиевски се приближува до ЕУ. Мислам напротив, дека со многу мали потези, со многу мали чекори, убедливо не одвлекува. Една изгубена година не значи една, значи две. Тоа значи дека уште една година ќе потрошиме да го прилагодиме сега веќе донесеното законодавство на стандардите на ЕУ. Наместо да го прилагодиме 1999, ќе го прилагодуваме 2000-тата, од 1998 сме изгубиле 2 години.

Имам впечаток дека секогаш кога г. премиер не уверува нас од оваа говорница или од странство дека сме сега поблиску до ЕУ, всушност во тој момент ние сме чекор подалеку. Мислам дека има тука и сериозни аргументи. Еве, да наброиме три:

Еден аргумент е овој закон. Овој закон е подалеку од ЕУ. Никој нема да ве прими во ЕУ, со штитење на пазарот само на еден учесник.

Се сеќавам дека 7-от или 8-от ден од изборот на оваа Влада г. премиер отиде во Брисел и широко насмеан кажа пред Ван Дер Брук, дека за првите сто дена ние ќе го усогласиме нашето законодавство со ЕУ. Поминаа 3-4 пати по сто дена, не само што не го усогласивме, туку и се оддалечивме. Тоа е вториот пример.

И, третиот пример, ако биде дозволено, затоа што сметам дека ова е многу битно да го гледаме како аспект на нашето законодавство, јас како пратеник во Советот на Европа, со дел од делегацијата на 26 април оваа година присуствував во Стразбург на сесија и таму, во странските новини прочитав дека е соопштено дека Македонија пред истекот на мандатот на Германија како претседавач, во тој момент ќе потпише асоцијативен договор. Се разбира дека бев многу среќен и воодушевен, како тоа е веднаш направено, меѓутоа бев скептик и затоа прочитав како дошло до таквата изјава. Всушност, се уверивме дека изјавата ја дал г. премиер Љубчо Георгиевски. Тој ја даде во Брисел на 26 април, кажувајќи дека пред истекот на мандатот на Германија, што истекнува на 1 јули, ние ќе бидеме во асоцијативното членство и Германија ќе не поддржи со потпишување на таков договор. Се разбира помина мандатот на Германија, поминаа многу 3 месеци од тогаш, поминува мандатот и на Финска, веројатно и на Италија и на Франција и, со ваква Влада и со вакво однесување уште еднаш ќе се врати мандатот на Германија, ние нема да го потпишеме договорот.

Од оваа говорница сега повторно ни се укажуваше дека ова било Европската Унија. Господо, треба аргументи за да ни се соопшти дека е тоа така, а не само политички дисквалификации кон опозицијата. Затоа што сум уверен дека со секој закон со кој сме подалеку од Унијата, ние всушност самите се оддалечуваме од квалитетна иднина на Република Македонија. Нешто за што никој ни од Владата и од коалицијата никогаш не оспорувал.

Она што не мислам дека е проблем на овој договор, за разлика од проблемите што ги наведов, мислам дека не е проблем да се приватизира “Окта“. Меѓутоа, не на ваков начин, и да се приватизира со приватен капитал. Оној кој ќе го гради нафтоводот во Македонија по овој договор, оној ќе го нафтоводот во Република Македонија е јавно претпријатие во сопственост на државата Република Грција. Тоа не е приватизација. Тоа е само немање доверба во сопствената Влада, а имање доверба во грчката Влада. Тоа не е логиката на однесување, дека приватниот капитал подобро се снаоѓа на пазарот. Тоа е само префрлање на сопствената неспособност врз една друга Влада. Значи, сега во Македонија “Окта“ и нафтоводот нема да бидат приватизирани, само ќе го сменат сопственикот од нашата Влада на грчката Влада, што е многу битна разлика во однос на процес на приватизација.

Второ што мислам дека воопшто не е проблем во процесот на приватизацијата, македонската Влада да одреди странски сопственик на “Окта“ и на нафтоводот. Сето тоа да биде во еден процес на лицитација, каде што секој на пазарот рамноправно ќе настапува. Тоа исто така не е случај.

И, апсолутно не мислам дека е проблем во Република Македонија соседна држава да има странски инвестиции, или во овој случај, со оглед дека кажа дека не се инвестиции, да поседува акции на наш објект. Тоа воопшто не е проблем. Меѓутоа, прво треба да се одговори за сите проблеми за кои до сега говорев, за разлика од нападите што се на ова поле - вие не сакате соседни држави, вие не сакате приватизација, вие не сакате странска инвестиција. Одговорете на претходните прашања, кажете дека е приватизација, а не префрлање кон соседна Влада, дека е странска инвестиција, не откупување на акции и тогаш ќе ви веруваме на овие аргументи.

На крајот да ги искажам и моите оценки по договорот и по образложението на договорот.

Дозволете, прво, бидејќи многу внимателно ислушав што беше кажано во врска со таканаречениот “комунизам на СДСМ", затоа што има резерви кон овој договор, секогаш кога ќе немате доволно аргументи треба да го обвините СДСМ, дека е комунистичка партија од времето на Информбирото. И, логиката е дека СДСМ во тој момент ќе молчи. Господа, јас неман никаков комплекс за тоа дали некој се однесува комунистички. Меѓутоа, сакам да ги гледам аргументите.

Во врска со квалификациите за нашиот комунизам, олицетворен како состојба на Информбиро, значи некој тврдокорен комунизам, сакам да кажам, прво, дека сум разочаран од леснотијата со која премиерот изнесува факти и прави анализи на ситуацијата, во врска со законот што ни го понуди. Една леснотија што не дава тежина на претставник на Влада, а камо ли на премиер.

Второ, дека обвинувањето на опозицијата дека е комунистичка, всушност не ги решава проблемите на “Окта“ и на Република Македонија, туку само бара виновници за сопствените проблеми во кои се тоне. Ние не можеме да се справиме со проблемите, меѓутоа вие сте комунисти. Ние, господа бараме одговори и решавање на проблемите.

Исто така сметам дека, не е соодветно за Владата да стои, еве да кажам ако не звучи пре тврдо, своеглаво или тврдоглаво, зад потезите за кои станува сосема совршено јасно дека не се добри. Големината на Владата се огледа и во промената на мислењето, доколку објективната аргументација тоа го нуди. И, тогаш Владата ќе биде поголема. Нема да биде поголема ако опстои на својот грешен став.

Изненаден сум за подготвеноста на така тврда заштита на договори, што не се во полза на Република Македонија.

Исто така, разочаран сум од целосната не аналитичност на аргументацијата во прилог на овој договор.

Меѓутоа, со оглед дека немам комплекси за комунизмот, имам размислување за комунизмот. Комунизам ако секоја своја грешка ја решавате така што ќе покажете на оваа страна, дека има тука некој комунисти. Комунизам е доколку избегнувате процедура во Парламентот. Комунизам е доколку без очите на јавноста, зад вратите на министерските канцеларии, склучувате договори. Ако тие договори не се на проверка на пазарот, туку се само на проверка на Владата, тоа е комунизам. Ако се контролираат медиуми, ако се апсат невини луѓе, а после не се поднесуваат кривични пријави, ако се обвинува секој кој не мисли поинаку, тоа е комунизам. А, за овој договор мислам дека е врвот на едно такво однесување.

Од овие причини господа јас не сум спремен да дадам согласност на ваквиот договор и ќе гласам против.

А, ги повикувам сите кои размислуваат слично да се придружат. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на дискусијата на г. пратеник Никола Поповски.

Има збор г. пратеник Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, пет месеци македонската јавност и не само македонската туку и грчката јавност, па дури и некои меѓународни судови, да се потсетиме само на одлуките на Лондонскиот и Солунскиот суд, се занимаваат со овој предмет наречен продажба на рафинеријата “Окта“. Во тие пет месеци ниту еден министер, ниту еден претставник на Владата не излезе во јавноста да објасни, од кои мотиви, од кои национални интереси се тргнало за токму на овој начин и токму под овие услови се продаде рафинеријата “Окта“ на “Хеленик петролеум". Уште повеќе, Владата се обиде да го ратификува овој договор, без да им го достави на пратениците. Тоа од една страна беше директен удар на парламентарната демократија и на овој законодавен дом, но истовремено беше најдобар показател дека нешто не е во ред, односно дека нешто некој сака да скрие.

Оттука, никој друг, туку самата Влада е виновна за предизвиканиот јавен интерес за целата работа. Таа вина никој, ниту г. Георгиевски нека не ја бара, ниту кај медиумите, уште помалку кај опозицијата, која се до оваа парламентарна седница, ниту имаше шанса јавно да проговори и да ги изнесе своите аргументи.

Конечно, минатата недела претседателот на Владата г. Георгиевски, прв, а воедно и единствен во име на Владата, даде објаснување кои биле аргументите врз основа на кои Владата донела одлука за продажба на “Окта“. Бидејќи тоа излагање беше и опширно и прво и единствено, оттука треба да се заклучи дека тоа што имаше да се каже е кажано, дека нема нешто по паметно што е пропуштено и дека тоа е и единствената и најсилната аргументација во одбрана на ваквата продажба, затоа што продажба е нешто кога се дава, а се зема соодветна противвредност во пари, а не кога нешто се дава на подарок.

Да видиме што е тоа што беше кажано?

Господинот Георгиевски во своето излагање го темелеше на неколку клучни тези што може да се потврди од стенограмот. Кој се тие тези:

Прво, дека еден од основните мотиви за оваа продажба е “новата политика на Владата на Република Македонија за отвореност кон странските инвестиции" се разбира за разлика од политиката на претходната Влада.

За да ја поткрепи оваа своја теза г. Георгиевски се повика на рангирањето во Еуро-мани и рече кога се смени Владата на Република Македонија, нашата земја беше третирана на 153 место по отвореност и можност за инвестирање од 182, 183 земји во светот". Кога еден премиер во едно јавно излагање ќе се реши да користи цифри и бројки, тогаш тие мора да бидат точни. Не смее да се лаже, уште помалку не смее да се лаже.

Што велат податоците од Еуро-мани. Тие велат дека во септември 1998 година Македонија беше на 143, а не на 153 место. Тоа можеби и не е најважното, иако не гледам ниту една причина да ни е сеедно дали 10 суверени држави ќе бидат пред нас или зад нас во некое рангирање.

Меѓутоа, има нешто многу позначајно, а тоа е дека кога ќе се прибегне кон еден тип на аргументација, тоа мора да се провери и исцрпи до крај, инаку може да се врати како бумеранг.

Имено, ако Македонија во септември 1998 година, како резултат на политиката на претходната Влада била рангирана на 143 место во светот да видиме кој е учинокот на политиката на отвореност кон странски

инвестиции и позитивна енергија на актуелната власт. Фала богу, Еуро-мани не беше зафатен од бранот на кадровски промени во Македонија. Тој продолжи да функционира и понатаму постои и врши рангирање на земјите.

Што покажуваат податоците? На следното рангирање во март 1999 година, значи 4 месеци по преземањето на власта од страна на Коалицијата на промени и практицирањето на политиката на отвореност и позитивна енергија, на ранг листата на Еуро-мани, Македонија паднала на 146 место или за три места. Еуро-мани има една гадна навика па ранг листите ги прави на секои шест месеци. Така што последното рангирање го направи сега, во септември. Па, да видиме каде се наоѓаме денеска, после десет месеци практицирање на политика на отвореност и позитивна енергија, после отворањето на слободни трговски зони и продажбата на “Окта“.

Овој месец Македонија е рангирана на 160-то место на ранг листата на Еуро-мани или во споредба со истиот период лани, кога била затворената за странски инвестиции претходна власт сме паднале за 17 места подолу. Значи, како резултат на идеолошките предрасуди, како што вели Георгиевски, со затвореност кон странски инвестиции, со сите мани и грешки, претходната влада ја довела Македонија на 143 место, а оваа Влада со сета отвореност, пазарна ориентираност, реформска определеност и оданост ја спуштила Македонија на 160 место. Инаку, овие податоци не се ексклузивни. Тие се апсолутно достапни за секој заинтересиран, дури не мора да се претплатени на часописот Еуро-мани. Доволно е да имате на располагање персонален компјутер. Адресата е Еуро-мани. ком.. Знам дека на премиерот, покрај подобро рангирање во наследство му оставив и опрема со компјутери и кабинет. Немам ниту една причина да се посомневам дека во меѓувреме компјутерите се расипале, ги снемало или недај боже некој ги испокршил.

Значи, првата теза е апсолутно лажна и погрешна. Токму ваквиот тип на приватизација, без меѓународен тендер, без лицитации или продажбана берза, а со директни тајни преговори во четири очи не декларираат не како отворена и одговорна за странски инвестиции држава, туку како корумпирана, протекционистичка, криминогена држава и како што гледаме, тоа објективните оценувачи, како што е реномиран часопис европски и светски го согледуваат на време и го одбележуваат.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:** (Продолжение)

Патем речено, г-дине претседателе еве ја копи листата од веп страницата на Евро-мани, можете да ја умножите, да ја поделите до сите пратеници, доколку има такви заинтересирани.

Втората теза од излагањето на Г-динот Георгиевски, беше дека ова е изнуден потез на Владата, заради притисокот од страна на ММТ и Светската банка и превземените обврски од претходната Влада, потпишана од тогашниот министер Таки Фити. Со други зборови, Владата мора или до 30 септември да ја продаде “ОКТА“, или после овој датум ќе мора да ја затвори.

Да видиме како стојат тука работите. Еве повелете, ова е матрицата на Светската банка за ФЕСАЛ аранжманот. Тука таква работа нема. Тука Рафинеријата “ОКТА“ не е ставена на никаков список за затворање, па дури и за продавање, туку за неа, во алинеја 3, страница 1, од матрицата од Светската банка, за ФЕСЛ аранжманот се бара, Владата да подготви студија за фискалните влијанија од работењето на Рафинеријата и во зависност од резултатите на таа студија, ќе се донесат понатамошните одлуки. Исто така и ова може да се умножи и да им се подели на пратениците, а како што гледам има потреба и на министрите.

Значи не е точно дека ММФ и Светската банка барале ниту пак е точно дека претходната Влада прифатила до 30 септември Рафинеријата или да се продаде, или да се затвори.

Постојат две варијанти: или некој од министрите, жал ми е, што не е тука министерот Стојменов, свесно го излажал г-динот Георгиевски, дека такво нешто постои, или пак тој свесно сакал да не излаже нас и целата македонска јавност. Притоа, за претседателот на Владата, преговорите со ММФ и Светската банка, мора да бидат од највисок приоритет и тој мора самиот да ги знае деталите, од сите договори и матрици. Тука експериментирање или провоцирање, едноставно не е дозволено.

Уште едно појаснување. Сосема е разбирливо што и од страна на ММФ и Светската банка, и од страна на претходната Влада, Рафинеријата не беше третирана како загубар и покрај долговите што таа ги има и тоа од едноставна причина. Малопродажната цена на дериватите се под директна контрола на Владата. Што тоа значи? Ако Владата се реши, во одреден период да создаде политика на пониски цени, се мисли под нивото на реалните, заради на пример, заштита на стандардот на граѓаните или овозможување на полесно работење на стопанството. Во тој период, Рафинеријата ќе создава загуби. Ако во друг период, Владата се реши да води политика на реални цени, Рафинеријата ќе бележи профити. Со методологијата за утврдување на цени, која со овој договор му се прифаќа на партнерот "Хелeник петролеум", нивниот ризик е сведен на нула, бидејќи е прифатено Рафинериската цена да се корегира на секој 15 дена, во зависност од цента на суровата нафта на Светскиот пазар.

Врз основа на ваквиот договор, кој што без разлика што не е ратификуван, од страна на ова Собрание, веќе два месеци се применува, Рафинериската цена е пет или шест пати корегирана од страна на Владата на Република Македонија, па за илустрација, само кај дизел

горивото, приходите во буџетот, по основ на акцизи се намалени за 15%. И сега, г-динот Стојменов, ќе има тешки проблеми на средбата со претставниците на ММФ, кога треба да објасни како ќе ја сочува буџетската уравнотеженост до крајот на годината. Или ќе мора да се зголемат малопродажните цени на дериватите, што значи дека цехот од ваквиот лош договор, ќе го плати целиот народ и стопанството, или ќе мора министерот за финансии, да прави дополнителни заштеди во Буџетот, па сметката ќе ја платат буџетските корисници, образованието, здравството, одбраната, или некој друг, не е битно, сметката мора да се плати.

Трета теза од излагањето на премиерот. Г-динот Георгиевски се обиде да ја оправда продажбата на “ОКТА“ со аргументи, цитирам: "Тоа е убедливо најголемата странска инвестиција, која РМ ја памти во оваа генерација“, затворен цитат.

И уште како дополнителен документ вели: "Вредноста на се што е досега направено во енергетиката, во последните 50 години, е 260 милиони германски марки, а влошувањето на странскиот инвеститор, во овој дел, е 320 милиони ДМ. Значи, оваа Влада донесува инвестиции за неколку месеци, кои се поголеми од се она што е инвестирано во просторот на енергетиката, во нашата држава", затворен цитат, од стенограмот на излагањето на г-динот Георгиевски.

Да видиме како стојат работите, со таа, подндаводници странска инвестиција во Македонија.

Прво, целокупната сигурност на оваа инвестиција од 182 милиони долари, се сведува само на гаранција од 5 милиона долари, која е анекс Б, во Договорот, но тој анекс не е доставен до пратениците во Собранието на РМ. Таа гаранција се однесува само на откупот на акциите од 32 милиона долари, но бидејќи за 10 милиона долари, Македонија ќе добие акции од идниот, сега засега, не постоечки Нафтовод, всушност, плаќањето на акциите, се сведува на износ од 22 милина долари. Бидејќи во Договорот не постои цврста обврска за кеш плаќање, туку постои можност, тоа се направи со откуп на нашите долгови кон странство, "Хелeник петролеум" се решава тоа да го направи со откуп на нашите долгови на секундарниот пазар. Дисконтот на овие наши долгови е преку 60%, така што, "Хелeник петролеум", станува сопственик на “ОКТА“ за 8,5 долари. Тоа е вистинската вредност, која оваа држава или Владата на оваа држава, ќе ги види како пари од целата оваа зделка.

Точка 2 - За износот од 40 милиони долари, за модернизација на “ОКТА“, не постојат никакви гаранции, па и никакви други обврски во договорот.

Точка 3 - За 90 милиони долари, за Нафтоводот, исто така, не постојат никакви гаранции за реализација. Токму напротив, во член 13 точка 1 и 13.2 од Договорот, постои само изразена желба на стратешкиот инвеститор дека во наводници, ќе вложи најдобри напори, да обезбеди финансирање од Европската Унија, нејзините финансиски институции и други меѓународни и меѓувладини финансиски институции. Меѓутоа, внимавајте, доколку за таков заем е потребно да се обезбеди гаранција, а сигурно ќе бараат, тие што ќе ги даваат парите некаква гаранција, тогаш гаранцијата ќе ја издаде Република Македонија. Таа гаранција во Анексот е, која исто така г-дине министер, не ја доставивте до пратениците во Собранието на РМ. Едноставно кажано, ваквата формулација значи, дека стратешкиот партнер, нема обврска да го гради Нафтоводот, а ако сепак тоа се случи, тоа би се правело со ново задолжување на РМ, а не со средства на стратешкиот партнер.

Точка 4 - За изградбата на бензинските пумпи од 20 милиони долари, исто така, не постојат никакви цврсти обврски, а уште помалку валидни гаранции. Напротив, кога се актуелизираше предлогот и Макпетрол да откупи 18% од акциите на “ОКТА“, министерот Стојменов пред сите медиуми, електронски и печатени во РМ изјави, цитирам: "Оваа трансакција е корисна за сите Грците ќе заштедат 20 милиони долари, кои сега не мора да ги вложуваат во бензинските пумпи, а корисно е за Макпетрол, затоа што ќе го има монополот во продажбата" Затворен цитат.

После ваква изјава на министерот, човек не може, а да не се запраша, чии интереси министерот и Владата на РМ штитат. Дали е нивна задача да привлечат странски инвестиции, или да му направат заштеди на странскиот инвеститор, да не се троши толку многу во Македонија.

Што се однесува до изјавата на г-динот Георгиевски, дека за 50 години, во енергетиката се вложени само 260 милиони ДМ., немам коментар. Такво непознавање на работите, е скандал. Вредноста на РЕК Битола, Осломеј, мавровските централи, ТЕЦ Неготино, Гасоводот, Рафинеријата, Макпетрол, тоа исто така е инвестиција во Македонија. И уште цела серија објекти и инфраструктури, преку 6 милијарди Германски марки. И некои, дали министерот за стопанство, дали генералниот директор на Електростопанство, министерот за финансии, треба да го информираат претседателот на Владата, кога ќе користи бројки, да ги користи оние што се точни, за де не им се случува и нашата Влада, и ние сите, да излегуваме смешни, пред целата македонска и меѓународна јавност.

Четврта теза, од излагањето на г-динот Георгиевски. Тој не убедуваше, дека понудените бенефиции и стимулации, од наша страна во договорот, не се претерани, туку сосема разумни и одмерени. Тој тоа го поткрепи со следнава аргументација: Цитирам: "Денес просечната заработка на берзите во Америка, е да вложите свои пари и ништо да не ризикувате, е некаде околу 25%. Значи, за четири години ви се враќа

100%. Тоа е просекот, а има фирми, кои ако малку ризикувате, може да ви вратат до 60% капитал, вложени чисто пари на берзата. Република Македонија, според пресметките, направени од наши стручњаци, не за четири години, туку за дупло од 4 години, странскиот инвеститор може да се надева, дека ќе ги врати парите од оваа инвестиција во ОКТА". Затворен цитат.

После една ваква, јавно изречена глупост од страна на претседателот на Владата на РМ, треба да бидеме среќни, ако Евро-мани, следниот пат, воопшто не рангира. Исто така, не верувам, дека во Владата постои министер, или советник, кој би можел вака небулозно да му пласира на премиерот. Ова евентуално може да го слушне неговата штитеничка Соња Николовска, бидејќи со такви камати таа манипулираше и манипулира, ама тоа не е домен на финансии, туку на кривично право.

Точка 1 - На берзите не постои инвестирање без ризик.

Точка 2 - Домицилната камата на орочени депозити, за една година, во првокласна банка во САД, што пак не значи ризик нула. Но да претпоставиме, дека тоа е најминималниот можен, е 4,15% на годишно ниво.

Точка 3 - Просечната профитна стапка во Американското стопанство, во последните неколку години се движи, меѓу 5 и 7% на годишно ниво. До некаде постои инвестирање со нулта ризик и 25% просечно годишно ниво, тогаш треба веднаш нашите девизни резерви, во износ од 400 милиони долари, да ги вложиме, за 4 години да ги дуплираме на 800 милиони долари и да ги решиме сите наши економски и социјални проблеми. Се разбира ова не го кажувам сериозно, морам да предупредам, бидејќи такви резони има во Владата, може некој сериозно да ме сфати и да го направи тоа и да ги изгориме сите пари што ги имаме во оваа држава.

Втората работа, која треба да се изанализира, е изјавата на г-динот Георгиевски, дека Владините стручњаци, пресметале дека инвестицијата на "Хеленик петролеум" ќе се вратела за 8 години, што значи стручњаците предвиделе дека, профитната стапка ќе изнесува нешто повеќе од 12% на годишно ниво.

Имајќи предвид дека стручњаците овие пресметки ги имаат правено на полниот износ на инвестицијата, а пред малку слушнавте како сумата од 32 милиони долари за час во пракса се сведе на сума од 8 или 8,5 милиони долари, тогаш може да се претпостави дека реалната профитна стапка што ќе ја вади странскиот инвеститор во случајот “ОКТА“, ќе биде два до три пати поголема од 12%.

Сега јас се доведувам во една апсолутно апсурдна ситуација. Пред малку тврдев дека никаде во светот нема профитна стапка од 20% три нулта ризик, а сега еве гледаме дека "Хеленик петролеум" ќе оствари дури и поголем профит од 25%, а притоа нивниот ризик е сведен на минимум.

Значи, тоа што никаде во светот го нема, во овој случај го има во Република Македонија. Постои само еден мал, но неопходен предуслов, а тоа е од другата страна, како партнер за преговори, имате или луѓе што немаат абер од економија и финансии или луѓе кои се склони кон корупција. Трето нема.

Господа, или ништо не знаете од оваа област, или сте зеле лични провизии.

Пред некој ден, еден наш стопанственик го искажа неговото лично мислење за целата работа. Вели: најмногу ми е криво, што некој службеник во "Хеленик петролеум" ќе го чита овој Договор и ќе рече, леле ама биле глупи овие од другата страна на границава, а ние толку енергија, време и пари потрошивме во Меѓународната заедница, преценувајќи ги и борејќи се околу спорот за името".

Почитувани пратеници, основните тези, со кој г-динот Георгиевски во излагањето ја бранеше оваа продажба, се погрешни, неточни, и лажни. Врз основа на таквите погрешни поставки, нормално е да се донесе и погрешна одлука. Одлуката за продажба на “ОКТА“, под вакви услови и на ваков начин, е одлука која нанесува штетни, долгорочни последици, по државните и националните последици, за државните и националните интереси на Република Македонија. Одговорна Влада, ваков договор не потпишува. Ако имаме не одговорна Влада и потпише ваков договор, тогаш одговорен Парламент не ратификува ваков договор. Ако пак и парламентарното мнозинство е неодговорно тогаш, крајниот судија е народот, а тој никогаш не греши, а почитувани пратеници, судниот ден се ближи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Бранко Црвенковски.

Збор има, процедурално г-динот пратеник Љубен Пауновски.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани пратеници, жал ми е, меѓутоа, имавме една маестрална демонстрација, на еден карактер, на еден стил и на една воспитаност, па и професионално однесување на еден човек, што е водеше оваа држава шест ипол години, во својство на премиер и ова морам да го соопштам, бидејќи и претходните говорници, најголемиот дел од нивните дискусии, не беше насочен кон точката од дневниот ред, што прашање е Нафтоводот, туку анализи кои во поголем дел се расправаа со прашања кои не се денеска на дневен ред.

Ние му предлагаме на претседателот на Собранието, може да постави точка на дневен ред, анализа и на политичкото однесување и на личното однесување во своето политичко дејствување, за кој бевме сведоци и знаеме во чие време се правеа тие големи камати на г-ѓата Соња, за жал морам да ја спомнам и и се извинувам јавно, тоа се знае во чие време беше и

чиј член беше прогласен како менаџер на годината, прогласен од, најдлабоко и се извинувам на таа личност, од вашата книшка 001, прогласен за менаџер за годината. Меѓутоа, моето барање за процедурално да интервенирам, е пред се, во интерес на начинот на кој ќе ја разгледуваме оваа точка од дневниот ред.

Јас се извинувам што морав две-три минути да одземам од работата на оваа седница, меѓутоа жал ми е ваква маестрална демонстрација одамна не сме виделе на личност што 6,5 години ја водел Владата и да се заканува на крајот дека е дојден судниот час. Да се идентификувате со господ бог, јас тука изразувам најдлабоко сожалување, затоа што мислам дека човекот е сепак скромна појава за такви амбиции.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сигурно дека во дискусиите се прават и одредени излети, мали, и горе - доле, човек не може да интервенира, затоа што вие секогаш во говорењето повторно се враќате на предметот, пак тргнувате од предметот и т.н. и навистина е неблагодарно од ова место да се интервенира во секоја реченица.

Можам само да апелирам до сите, не поединечно, до сите, навистина да се држиме за предметот на расправата. Но, во жарот на расправата сигурно дека не ќе можеме да ги сопреме и тие маргинални укажувања. Во секој случај можеме да продолжиме со расправата.

Има збор господинот пратеник Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Дами и господа, втор ден расправаме според дневниот ред, ако јас добро сум го прочитал се надевам дека опозиционите пратеници го прочитаа дневниот ред за денешната расправа, за Закон за ратификација на билатерален договор помеѓу Република Македонија и Република Грција за изградба и управување на нафтовод, односно со нафтовод. Велам дека втор ден расправаме, особено пратениците од СДСМ еве сега видовме и нивниот претседател ја користеа воглавно својата дискусија за некои по други моменти, кои тврдам немаат за цел некоја голема искреност за да речеме на многу споменуваните и заштита на македонски национални интереси, или да речеме подобар живот на луѓето во оваа држава.

Напротив видлив е обидот кој што го прави опозицијата, а тоа е многу нормално за опозицијата, меѓутоа јас сум апсолутно убеден, неуспешен обид на дестабилизација на институциите на системот Владата и Парламентот, односно парламентарното мнозинство со едно продавање на магла, кое што можеби за жал можам да констатирам кај некои успева да постигне свој ефект. Јас морам да кажам, навистина не ми е јасно зошто се дозволи вакво испаѓање од дневниот ред, знаејќи дека ние овој дневен ред го гласавме. Како и да е ситуацијата е таква каква што е и на некои работи треба, може и мора да им се спротивстави размислување, подруго размислување не само заради тоа што станува збор за едно бранење на тези, туку поради тоа што фактите кои што се изнесуваат од оваа страна од парламентарното мнозинство, навистина се на оваа страна. Јас да ви кажам господа од СДСМ, најискрено мислам дека вас не ве интересира “ОКТА“. Вие не сте загрижени за “ОКТА“. Вие сте загрижени како да дојдете на власт, како да бидете на власт, најмногу тоа ве боли. Да ве интересираше “ОКТА“, вие имавте и време и можност да го решите тој проблем. Ќе ја заштитевте државата, ќе ги заштитевте работниците, ќе ги заштитевте македонските национални интереси, за кои што откако станавте опозиција и премногу милувате да говорите. Вие ќе ги заштитевте граѓаните на нашата држава, да речеме со еден момент што е многу интересен кога говориме за “ОКТА“, со квалитетно формирање на цени на деривати, со една коректна методологија.

Наместо тоа единствено нешто што направивте, наполнивте нечии џебови за време на една година, зборувам за минатата година, за разлика која што ако не се лажам е 54 милиони марки. Да беше заштитен македонскиот граѓанин, тие пари немаше да се одлеат од неговиот џеб, или во пресметката на крај во билансите “ОКТА“ немаше да покаже загуба, а Макпетрол немаше да пријави еден милион годишна заработка. Каде отидоа 53 милиони марки. Тоа некој треба да го објасни.

Методологијата на формирање на цени, бидејќи гледам нешто не ви е јасно што зборувам во 1998 година, цената на домашните деривати се формираше врз основа на барел 18 долари, цената на нафта на светскиот пазар за време на минатата година цело време беше значително помала, односно под 18 долари и се движеше од 15 долари барел на почетокот на годината до 9 долари барел на крајот на годината. И во првите два месеци од 1999 година цената на нафтата на светскиот пазар беше значително под таа која што беше признаена во цена на деривати, иако е признаена цена по 31.XII.1998 година, која што е 14 долари за барел. Тоа јасно овозможи таа разлика од 54 милиони марки, кои што никаде не можеме да ги најдеме денеска. Доколку се применуваше правилна методологија, односно методологија која што е денеска избрана за формирање на цена на нафтените деривати, која што е во сила денеска реков 54 милиони марки или ќе отидеа во државна каса како резултат на зголемена акциза, или кај народот како пониска цена на дериватите која што важела тогаш. Значи минатата година државата, или потрошувачите изгубиле 54 милиони марки.

Многу прашања се поставуваат на кои што одговори можеби треба да им се дадат по други дискусии, меѓутоа јас можам да кажам квалификации од стилот на Соња Николовска, или на суден ден, мислам дека немаат свое

соодветно наоѓање на ова место. И точно се знае кој треба да одговори каде се парите од ТАТ. Меѓутоа, тоа е расправа по друга дискусија. Јас во овој момент би сакал само толку да кажам.

Ќе се воздржам од понатамошна дискусија, меѓутоа многу одговори остануваат на кои што треба да се одговори посебно, каде завршија 53 милиони марки само од минатата година. Тоа повеќе ќе треба да го размислува опозицијата, затоа што во тоа време тие формираа Влада и беа на власт.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас на почетокот би сакал да ја коментирам кусата интервенција од процедурален карактер, која беше на господинот Пауновски и би укажал дека тој несвесно на некој начин го критикуваше и сопствениот премиер, бидејќи целокупното излагање на господинот Бранко Црвенковски беше одговор на тезите, кои што беа во воведното излагање на премиерот пред четири, пет дена, во врска со предметот на точката на дневниот ред, односно ратификација на Договорот за “ОКТА“. Така што мислам дека треба да се внимава кога се кажуваат такви оценки.

На почетокот би сакал да ги искоментирам нешто слично, ќе ми дозволите главните мотиви, или три до четири појдовни позиции, или моменти кои наводно кои ја натерале Владата да ги преземе, овој историски подвиг како што беше кажано или најскапата платена приватизација во Република Македонија.

На почетокот беше спомнато дека од страна на меѓународните финансиски институции се мисли на ММФ и на Светската банка и било наложено на Владата на Република Македонија, дека мора 12-те загубари да бидат на некој начин разрешени, заклучно со 30 септември и дека тоа е на некој начин преземено наследство од страна на старата Влада од министерот Таки Фити и сл.

Јас би сакал да кажам дека тоа апсолутно не е точно, бидејќи не беше приложен било каков документ со кој што спротивното ќе се докажеше, дека една таква обврска дека треба да настапи ликвидација на 12 големи фирми во Република Македонија. Според тоа, мислам дека таква работа не постои, туку постои нешто друго, односно писмо со кое што ние укажуваме дека тие 12 фирми кои што на некој начин се сметаа или се квалификува како загубари во Република Македонија, дека нашиот пристап ќе биде пред се кон нивна приватизација, а после ќе следат други фази на до капитализација и евентуално продажба на тие фирми, или ликвидирање. Проблемот е во тоа што вам, мислам на Владата на Република Македонија ви беше даден рок од 10-тина месеци од почетокот на преземањето на власта, односно од Нова година да најдете соодветно решение за овие 12 фирми во Република Македонија. А особено како што сега во јавноста се зборува тоа важи за три до четири фирми, меѓу кои се “ХЕМТЕКС“, “ФЕНИ-МАК“, за кои што требаше Владата да најде решение.

Меѓутоа, очигледно дека Владата во овие 10 месеци заради икс причини, а мислам во крајна линија народот така го чита, заради не соодветна способност да најде едно такво решение, се наоѓа пред една голема крупна шокантна одлука во таканаречените промени на коалицијата од парламентарните избори 1998 година, тие 12 фирми едноставно да бидат ликвидирани, а особено овие 4 до 30 септември и десетина, дванаесет илјади вработени да добијат сосема нов статус, односно да бидат на улица. Според тоа, тоа е заслугата и вистинската причина во врска со тоа прашање.

Втората работа, посебно внимание заслужуваат бројките кои што беа спомнувани, за кои што нешто и претходно претседателот на СДСМ ги спомна, а беа спомнувани и од страна на премиерот на Владата на Република Македонија, во врска со направените аналогии на вкупните инвестиции во сферата на енергетиката во Република Македонија во последните 50-тина години, каде што не знам од кои причини беше спомната една индикативна бројка, дека се работи за 260 милиони марки за вкупни инвестиции во енергетската сфера во Република Македонија во последните 50 години. За да се каже во другиот момент, тоа можете слободно да го проверите во стенографските белешки, каде што тоа го цитира дека оваа е најскапо платена приватизација во врска со продажбата на “ОКТА“ на фирмата “Хеленик петролеум“ ќе и донесе на Република Македонија 320 милиони марки, а во спротивно на една друга страна каде што таксативно се набројува што е предмет на Договорот, се зборува дека ќе има 32 милиони откуп, плус 40 за модернизација на рафинеријата, плус 90 за нафтовод и плус 20 за бензински пумпи, рамно 182. Значи ни едното, ни другото, ни третото, не е точно. Не е точно дека вкупните инвестиции во Република Македонија во изминатите години биле 260 милиони марки, не е точно дека оваа инвестиција кошта 32 милиони. Единствено исто така може да се покаже во некои дискусии, се укажуваше дека и оваа бројка која што се спомнува за наводни 182 милиони долари од продажбата на “ОКТА“ може да излезе исто така неточно. Мој совет е, мислам дека со бројките треба да се постапува внимателно и тие внимателно да се искажуваат, особено кога доаѓаат од одговорно место.

Трето, премиерот спомна дека бил критикуван во јавноста и пошироко во последно време се на некој начин поврзано со овој договор за продажба на “ОКТА“ дека се дава голем ексклузивитет, се даваат големи привилегии, се воведуваат нови монополи. Јас мислам дека тие критики се апсолутно точни и оправдани, бидејќи самиот факт дека досегашниот би рекол релативен монопол на “ОКТА“ во Република Македонија, кој исто така може да подлежи на пример на одредена уставна ревизија, или процедура се заменува сега со нов монопол на странска држава, односно на типично државна фирма каква што е “Хеленик петролеум“. Меѓутоа,

нашиот премиер не убедува дека наша “ОКТА“ ќе има 46% и дека со тие 46% ќе ги задржи сите поволности, привилегии на пазарот па од тој факт би требало да имаат некаква корист и граѓаните на Република Македонија, слободно да ги купуваат и акциите. Заборавајќи од другата страна дека “Хеленик петролеум“ станува сопственик на 54%. Тоа единствено би било можеби точно, само доколку математичарите утврдат дека 46 е повеќе од 54.

Втора работа во врска со ова, исто така за тоа веќе се зборуваше и беше од страна на нашиот координатор укажано дека воведувањето на нов монопол, а особено на државна странска фирма во Република Македонија и те како може да подлежи на ревизија на Уставниот суд. Според тоа, мислам дека со овој Договор се прави и еден друг преседан. Тоа значи дека се потпишува договор, кој што едноставно не ги почитува досегашните позитивни законски прописи за анти монополска позиција на претпријатијата на фирмите во Република Македонија.

И второ се става над Уставот со донесувањето и потпишувањето на еден ваков договор, што секако мислам дека апсолутно попречува можност на пример во Република Македонија, каде што и тој самиот признава дека во наредните 20-тина години ако сака некој да изгради нов петрохемиски комплекс, кој што го најави господинот Тупурковски на пример, или нов нафтовод, тоа значи дека тоа мора да се бара согласност од страна на сопственикот на рафинеријата “ОКТА“, а тоа е “Хеленик петролеум“.

И четвртата работа, која што беше многу спомнувана дека ние имаме погрешен пристап околу безбедносните прашања, или безбедносните аспекти во врска со потпишувањето на овој договор, јас мислам дека исто така тоа се прашања кои што апсолутно не треба да се потценуваат во оној стил, или во оној дух за кој што овде претходно зборуваше мојот колега Никола Поповски, затоа што мислам дека сето тоа на некој начин не може да се прави таква вистинска споредба, како што беше тоа спомнато во излагањето на господинот премиер, дека Грците малтене знаеле за секој пренесен канистер на нафта во Република Македонија во изминатите 40, 50 години. Меѓутоа не треба да се заборави дека тогаш Република Македонија егзистираше во една сосема друга државна творба, а тоа беше Југославија, каде што имаше југословенски царини, југословенска полиција и т.н. Овде сега се заборава фактот дека ние сме самостојна :уверена држава и според тоа сме должни пред се да ги имаме во предвид сопствените национални и државни интереси, а не да се грижиме за нечии други интереси.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Нормално, после сите овие искажувања особено од претставниците на СДСМ, што сега обично се кажува пратениците од левата страна, меѓутоа ние да не заборавиме дека и во средната страна, особено во горниот дел има исти такви искажувања, според тоа не е само левата страна така да кажам, симбол на опозицијата, туку веројатно ќе мора да се позанимавате и со вториот дел од салата. Јас би сакал да ви кажам нешто односно да ве советувам, а вие како ќе постапите понатаму тоа е ваша работа.

Драги колеги, особено мислам на пратеничката група од ВМРО-ДПМНЕ, за да се верува во Македонија, треба и Македонија да Ви верува, а тоа можеби најпластично се отсликува низ примерот на продажбата на ОКТА. За да ви се верува требаше да си ги поставите следните прашања:

Прво, како е можно во овој договор односно овој договор да се крие од членовите на Владата, да се крие од пратениците на Македонскиот Парламент, не барем се работи за продажба на балирана слама.

Второ, зошто се крие кој го потпишал прелиминарниот договор или писмото за намери за продажба на “ОКТА“. Дали се работи за министер кој не бил надлежен за тоа.

Трето, како ќе се соочите со ММФ и со Светската банка кога истите имаат сериозни забелешки на овој договор со кој вие не успеавте досега јавноста да ја запознаете.

Четврто, зошто две сериозни и надлежни министерства, во конкретниот случај Министерството за стопанство и Министерството за надворешни работи се дистанцираат од содржината на овој договор.

Петто, зошто не распишавте јавен тендер за ваква крупна зделка, туку тоа го работите во четири очи зад грбот на македонската јавност.

Шесто, кој ве овластил да потпишете договор, кој се става над нашите закони и над нашиот Устав, Уставот на Република Македонија.

Седмо, кој ве овластил да ја влечката Македонија по разни меѓународни судови, арбитражи и да го поттикнувате интересот на разните разузнавачки служби во регионот и пошироко, дека Македонија станува погодно тло за трговски зделки во замена за битни и национални и државни интереси.

Според ова треба по итно, пред почетокот на претседателската кампања или да го смените слоганот на Вашата кампања, тоа значи - верувам во Македонија.

На крајот еден мал совет. Кога владини претставници во иднина ќе преговараат за продажба на фирми или да бараат стратешки партнери по светот, да ги облекувате во костими без џебови.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

На екранот го имам уште името на пратеникот Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван и членови на Владата.

Би сакала да се придружам до апелите кои дојдоа од страна на пратеници, односно на координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, за држење до дневниот ред. Мислам дека навистина тоа треба да го правиме, но во тој случај има една дилема дали пратениците на ВМРО-ДПМНЕ досега во изминатите десет месеци мислеа дека СДСМ е постојано на дневен ред, а најчесто кога дискутираа, дискутираа за проблемите на СДСМ, за минатото на СДСМ, за сегашноста, за иднината, за ликот и делото на нејзините функционери и т.н. Мислам дека овие дискусии и овие апели треба да ги повторувате на средби на вашата пратеничка група, па кога ќе дојдеме овде да слушнеме и некои дискусии за точката на дневен ред.

Што се однесува до точката на дневен ред, кусата историја на целото тоа прашање на "ОКТА", кое што го прошири токму премиерот со своето воведно излагање и кој што кажа, меѓу другото многу информации, вистинити, не вистинити, дезинформации, полу вистини, полу информации за поширокиот комплекс, мислам дека сите ја познаваме. Знаете дека оваа точка беше на дневен ред, знаете дека на таа седница на Собранието имаше предлог кој беше усвоен во парламентарното мнозинство, да се ограничи дискусијата на пет мин. Знаете дека Парламентот, односно парламентарното мнозинство го усвои тој текст и покрај тоа што текстот не беше поделен. Знаете дека целата таа ситуација во Парламентот создаде бранување во јавноста, создаде различни толкувања во медиумите и кај научните работници, при што не би се согласила дека тие даваат особени комплименти за ваквиот текст. Се случи не потпишување на Указот од страна на Претседателот на државата, за да на крајот се случи оваа седница која еве веќе трае два дена и прашањето да се врати онаму каде што требаше за него да се дискутира.

Факт е дека во целиот овој период за овој текст најмалку зборуваше опозицијата, делумно поради тоа што вистинското место на кое што се дискутираат овие работи, оваа говорница, или оваа сала, а таа прилика не им беше дадена на претставниците на опозицијата. Инаку, претпоставувам дека голем дел од пратениците и на ВМРО-ДПМНЕ ќе се согласеа да се даде вистинско време за разговарање по вакво крупно одговорно и сериозно прашање. Опозицијата не зборуваше, меѓутоа очигледно е дека премиерот мислеше дека таа има свои потпароли, не официјални, се разбира, па сето она што можеше да се прочита во весниците, се она што можеше да се слушне од страна на различни новинари го толкуваше како масло на опозицијата, не знам зошто, не знам дали праксата на ВМРО-ДПМНЕ кога беше во опозиција беше таква да ги користи медиумите за да ги класира сопствените информации, сопствените мислења, меѓутоа, верувајте дека ние чекавме со нетрпение на оваа седница, овде да ги кажеме работите.

Во своето експозе премиерот ги тангираше речиси сите информации кои се појавија во јавноста, меѓутоа се задржа на некои за кои сметаше дека се посебно важни и некои за кои сметаше дека доволно аргументи да зборува, па во најголем број од случаевите дискусијата ја дислоцираше од прашањето на економија, од прашањето на штетност или корисност на договорот кон идеолошки прашања кои апсолутно мислам немаат врска со овој проблем. Една од работите која ја пласираше премиерот беше прашањето на приватизација односно прифаќањето на процесите на приватизација од страна на опозицијата. Како што овде веќе беше зборувано за едно друго обвинување, обвинувањето за комунизмот, Ве молам сега за ова второто повторно да не се служите со обвинување дека некои од опозицијата е против приватизацијата. Впрочем, ВМРО-ДПМНЕ до овие избори својата кампања, своите настапи на митинзите, меѓу другото ги базираше на паролите од типот приватизацијата е грабеж, фабриките на работниците и т.н. Затоа немојте да не убедувате во нешто во што и претходно сме биле убедени. Доколку вие сте го смениле ставот не очекувајте дека и другата страна го сменува ставот.

Зошто дојде до бранување на јавноста, дали тоа беше масло на опозицијата, веќе споменав дека непотребно натаму се насочи дискусијата. Меѓутоа, факт е дека ова бранување, овие реакции во јавноста, оваа сомничавост со која што се пријде при разгледување на ова прашање, беше комплетно резултат на однесувањето на оваа Влада и однесувањето на ова парламентарно мнозинство.

Како можете да го објасните фактот дека на Собранието не се дели материјалот кој треба да се усвои, дека на истата седница се ограничува за прв пат дискусијата на 5 мин. Како да се објасни тоа дека документот беше прогласен за таен, дури постоеја закани за оние новини и оние медиуми кои објавија делови дека ќе следат реперкусии. Како да се објасни фактот дека во целиот овој период немаше одговори на многу од прашањата кои што ги постави јавноста.

Како да се објасни последниот обид за екстремна итност во решавањето по ова прашање на претходната седница, односно на истата оваа седница, првиот нејзин дел. Сите овие работи, доколку се случат при разгледување на било кој документ ќе ја наведат и јавноста и овој Парламент да се сомнева. Притоа никој апсолутно не одговори на ниту едно од овие прашања. Зошто беше итноста, зошто беше тајноста, зошто не се одговори. Ваквиот однос, за жал продолжува и од страна на парламентарното мнозинство, меѓутоа што е уште пострашно и од страна на Владата. Јас верувам дека пратениците на најголемата пратеничка група овде, пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, навистина се хендикепирани во присуство на министри, во присуство на членови на Влада, кои што се одговорни да го бранат овој предлог, да излезат

овде и да истакнуваат и да аргументираат некои други тези, бидејќи очекуваат тоа да го прави Владата која што го предлага овој документ. Меѓутоа, сите прашања кои што се поставија на оваа говорница до денес остануваа не одговорени. Се надевам дека, еве можеби понатаму ќе може да продолжи вистинска дебата, откако ќе слушнеме одговори на некои од прашањата. Затоа јас не можам поинаку, освен да поставам повторно дел од нив, барем оние што јас сметам дека се најзначајни.

Серија на дискусии се базираше на основното прашање, која е всушност цената што Македонија ќе ја добие и која што ја постигнала за продавање на “ОКТА“. Дали е тоа, според проценката очигледно не од 82 милиони долари која што е неспорна, беше споменато и во експозето. Дали е тоа 32 милиони долари, кои што беа споменати, дали се 22 милиони долари, или пак она што исто така беше поставено како прашање, а не одговорено 8,8 милиони долари и тоа не во кеш.

Следното прашање, кој се гаранциите. Точно е дека во делот од договорот, во еден од членовите каде е објаснет тој финансиски аранжман, се спомнуваат гаранции, меѓутоа се споменуваат гаранции само за првите 5 милиони долари. Останатите 17 милиони долари очигледно се на доверба.

Не се одговори на клучното прашање, а тоа е кои биле предностите на оваа понуда, оваа понуда, фирмата која што ја прифаќаме, наспроти другата за која што се истакнаа конкретни бројки кои останаа не оспорени. Беше споменато дека наместо овие, еве да речам и 32 милиони долари на 36 месеци отплата, друга фирма понудила 35 милиони долари во кеш и тоа веднаш.

Беше споменато а не беше оспорено дека, за разлика од понудата која што стои во договорот, а тоа е една ориентациона цена, барем така беше кажано од еден од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, од 90 милиони долари за нафтовод кој што ќе има капацитет од 2,5 милиони тони, другата фирма понудила 70 милиони долари вреден нафтовод и со 5 милиони тони капацитет.

Беше споменато, исто така не оспорено дека за разлика од цената од 25 долари по тон, цената за превоз на нафта, другата фирма понудила 15 долари по тон, а дури после 5 години таа цена се намалува на 10 долари. Овие три тези, доколку нема некои други кои што не се познати или кои што не се дел од договорот, навистина не можат на никој човек кој што логично, нормално, рационално ги разгледува овие две понуди, да му дадат на знаење зошто е прифатени по сите основи полошата понуда. Меѓутоа, тоа е само мал дел од прашањето.

Покрупното прашање е зошто немало меѓународен тендер и зошто Владата ја избегнала можноста за лицитација, во која што вакните договори секогаш добиваат повисока цена и повисока вредност. И токму претпоставувам, причината поради која што немало меѓународен тендер и немало лицитација, се огледа во фактот дека практично Владата ја прифатила полошата понуда, освен велам, ако нема некој четврт фактор на изненадување, кој никој од нас не го знае.

Не се одговори на прашањето околу плановите на Владата во поглед на изработката на нафтоводот. Беше поставено општо прашање околу енергетските програми или енергетската стратегија на Република Македонија, односно на оваа Влада во поглед на правецот на нафтоводот кој ќе се фаворизира, односно ќе се изгради. Дали тоа ќе биде нафтоводот во правец кој претходно е споменуван Албанија - Македонија - Бугарија или овој новиот кој што сега во излагањето на премиерот Љубчо Георгиевски го спомна како да веќе е изграден, бидејќи велеше дека тоа е нешто што еве сега ние го правиме, што е апсолутно неточно.

Не се даде одговор на прашањето која ќе биде цената на транспортот, дали таа ќе биде помали, или ќе биде поголема. Според ова што овде имавме шанса да слушнеме, испаѓа дека нафтоводот ни дава цена на чињене од 25, некој рече 26 долари, а со железницата таа цена е 22,8, па нека бидат и плус 4 долари од тие дополнителни трошоци, повторно е нејасно зошто е потребно дополнителното вложување.

Во врска со некои прашања кои што во текот на дискусијата се наметнаа околу тоа каде се некои 54 милиони ДЕМ кои што биле разлика во цената на нафтата во изминатиот период, јас овде би сакала нешто да цитирам. Не е коректно да се зборува дека на 9 долари барел за нафта се правеле загуби. "Би било добро советниците на премиерот да му кажат дека две години малопродажната цена на нафтените деривати не беше променета. Во меѓувреме цената стигна до 27 долари, а потоа падна на 15,9 долари и тоа траеше 8, а не 2 месеци, како што кажа премиерот".

Тоа беше дел од излагањето, ми се чини во тек на првата дискусија, кога зборуваше пратеникот Филиповски и кој после тоа не беше демантиран од ниту еден од претставниците на Владата, што значи немаше потреба да се поставуваат нови прашања кога овие не се оспорувани.

Остана не одговорено прашањето какви се проценките на Владата во поглед на можните обврски за откуп на 500 илјади тони мазут. Остане не одговорено прашањето во оваа смисла колкава е потрошувачката на мазут во моментот во Република Македонија и колку ќе чини тоа обештетување, бидејќи ако таа разлика во моментот голема, какви се проценките или какви се плановите на Владата да ја зголеми таа потрошувачка, за да можеме ние да ги пласираме тие 500 илјади тони мазут, а да не се случи тоа да го плаќа Буџетот на Република Македонија.

Што се однесува до цената, наведено е во договорот дека се дава во некој анекс кој што

меѓу другите 5-6 анекси, исто така не е се уште дел од договорот кој што го имаме на масите.

Остана не одговорено прашањето колкави ќе бидат трошоците што ќе ги плати Буџетот, а кои ќе содржат неколку потставки. Едното е, беше кажано исто така на оваа говорница дека Република Македонија ќе ги презема обврските на рафинеријата, кои според проценките изнесуваат 85 милиони ДЕМ, трошоците кои ќе ги преземе Буџетот по однос на намалена акциза за кои некој процени дека ќе изнесуваат 50 милиони долари, меѓутоа не слушнавме одговор дали е тоа вистинската вредност.

Не ја слушнавме цената на експропријацијата на имотот за изградба на нафтоводот, кој што нели веќе се гради, а немаме вакви проценки. Не се слушна проценката на трошоците кои ќе паднат повторно на сметка на Буџетот, а поради ослободувањата на сопственикот од церини и давачки тоа како во поглед на купувањето на “ОКТА“, така во поглед и на изградбата на нафтоводот и се дадени во член 18 и член 22 од договорот.

Не се проценија дури ни штетите кои овде беа широко дебатирани, на железницата, кои што на крајот на краиштата според проценките, доколку тој минус е некаде 16 милиони долари, повторно ќе дојдат на разгледување на ова Собрание или на оваа Влада и повторно ќе треба тој проблем да го решава Буџетот, или на друг начин Владата.

Не се одговори на прашањето кои се гаранциите или каде се тие пишани, или ако не се пишани зошто не се пишани, кои според Премиерот постојат за да гарантираат ангажман на македонската градежна фирма. Имено, Премиерот во своето експозе, во стенографските белешки вели дека во изградбата на нафтоводот ќе се ангажираат, значи дадени се гаранции да се ангажираат македонските градежни фирми. Меѓутоа, во договорот што го имаме пред нас, во член 15, односно во делот забрана на дискриминација стои дека продавачот, што значи ние гарантираме дека сопственикот на нафтоводот ќе може да го вработува или ангажира за секоја градежна работа или задача во работењето, вклучувајќи го во својство и на изведувач на работите, или под изведувач, секое лице од територијата или надвор од неа, за кој сопственикот смета дека одговара за ваквото распоредување или именување, нема да има дискриминација во поглед на можноста на лицето да пружа услуги на компанијата и т.н., што значи дека овие гаранции не само што не постојат, туку напротив широко е отворена можноста за ангажирање на фирми и од Грција и од Македонија, меѓутоа и било каде од светот. Не се даде одговор на прашањето која е математиката која што се предлага во поглед на ТЕЦ Неготино.

Имено, според плановите на Владата тоа претставува само почеток на соработката со дадениот партер, меѓутоа кога тоа ќе се прошири и понатаму откако досегашниот вишок на мазут ќе се употребува во ТЕЦ Неготино, меѓутоа, не се одговори на клучното прашање по која цена. И понатаму дека оној што ќе ги купи акциите од ТЕЦ Неготино, се обврзува да извезува струја за Грција, повторно не се слушна за која цена и покрај тоа што прашањата одеа и во таа насока.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:** (Продолжение)

Остана не одговорено прашањето дали 40-те милиони долари каде што стратешкиот инвеститор ги ветува да ги вложи во Рафинеријата, ќе одат на инвестиции кои ќе ја променат на подобро структурата и квалитетот на дериватите. Ако тоа не е така, значи или ако навистина инвеститорот е подготвен да ја модернизира Рафинеријата, како што се најавува, тогаш зошто Владата ја замрзна својата одлука, која што значеше воведување на повисоки стандарди во поглед на квалитетот на дериватите. Доколку оваа одлука е повлечена, тогаш дозволете дека имаме сомнежи дека во Рафинеријата и понатаму ќе остане старата технологија, бидејќи тука ќе биде диктиран квалитетот на производите.

Остана не одговорено прашањето дали во Договорот се нудат гаранции за продолжување на работата на “ОКТА“. Тоа го наметна премиерот, меѓутоа, некако никој не успеа да го прочита тоа од Договорот. Не се одговори на прашањето што значи член 16 во поглед на вработувањата.

Имено, во своето обраќање премиерот тврдеше дека овој договор ќе значи гарантирање за вработувањето на сите оние кои што се вработени во “ОКТА“ и дека не може да станува збор за никакви отпуштања од работа. Меѓутоа, членот 16 од Договорот на масата стои дека, компанијата т.е. продавачот гарантира дека компанијата нема да трпи никакви ограничувања, значи не дури ни селективни, никакви ограничувања во однос на реструктуирањето на својата работна сила, воедно преку раскинување на постојните договори за работа и други договори за пружање на услуга или услуги и преку склучување на нови такви договори со било кои други лица. Во насока на ова овде оди и следниот под член, односно следната ставка во која што се тврди дека оваа држава ќе дава можност преку олеснета процедура во компанијата да се вработуваат и не државјани на Република Македонија, поради нивните стручни квалитети.

Следната теза која што можеби може да биде искористена или од владините претставници или од некој од пратениците на Пратеничката група која што го поддржува Договорот, а кои што одат во насока на тоа дека компанијата, стратешкиот инвеститор, сепак ќе гарантира некаков работен ангажман на овие вработени, на пример во друг дел од дејноста која што ја работи, исто така не држи.

Заради тоа што, понатаму во текстот се вели "стратешкиот инвеститор ќе го врши своето право и дискреционо овластување совесно", не знам колку тоа обврзува "и ќе се воздржува", ова пак ептен ги стеснува границите "од непотребни отпуштања. Ќе вложува напори секогаш кога е тоа разумно од деловен аспект да им понуди на постојно вработените во компанијата, чија работа не е во согласност со меѓународната практика, алтернативно вработување во компанијата во малопродажните станици, кои можат да се развијат во иднина". Внимавајте, "може да се развијат во иднина". Значи, прво, не е ни сигурно дека ќе се развијат во иднина, а второ тој само совесно ќе настојува да и најде некој друг ангажман.

Во поглед на односите помеѓу продавачот и стратешкиот инвеститор, доволно е да погледнете неколку членови кои што го регулираат делот на гаранции и изјави во поглед на обврските поединечно на продавачот и на странскиот инвеститор. Имено, доколку ги погледнете членовите 28, 29 и 30 ќе видите дека продавачот, т.е. ние на некој начин има околу 14, а потоа во поглед и на Нафтоводот уште шест потточки, во кој што стриктно стојат неговите изјави и гаранции. Стратешкиот инвеститор, рамноправниот партнер во член 30 има само 3 такви. Не е ни тоа доволно, бидејќи во втората од нив се вели дека "стратешкиот инвеститор има целосно овластување за склучување, извршување и исполнување на своите обврски и т.н.", што значи повторно не се работи за обврски, туку напротив за повикување на овластување.

Имаше многу други прашања кој што останаа не одговорени, но мислам дека овие беа вака најкритични и најзначајни и најмногу бодеа очи за сите нас. Меѓутоа, наместо од позицијата да добиеме одговор на некои од овие прашања, ние само добивме нови прашања. Па, знаете, наместо да се брани овој говор, се напаѓаше опозицијата. Тоа е полесно.

Затоа, наместо да чуеме приказни со бројки, ние чувме денеска приказни со личности. Се зборуваше за љубов на вистината, често пати тоа се користеше, меѓутоа, не се кажа дека да се зборува во име на вистината, за тоа се потребни аргументи. Бидејќи, ако зборувате за вистина без аргументи, тогаш тоа е догма, а не е вистина.

Затоа, кога еден од пратениците спомна нумеричка гимнастика, која што беше насочена кон некој од членовите на опозицијата, јас тоа го сфатив како комплимент, заради тоа што ако не зборуваме денеска за бројки, кога имаме, како што Вие рековте, закон, одлука или документ од чисто економска природа, јас не знам кога ќе зборуваме со бројки.

Меѓутоа, единствените бројки кој што овде беа споменати и за кои што многу природно се фатија голем дел од членовите на опозицијата беа бројките кој што ги спомна премиерот и кој што неколку пратеници ги проблематизираа. Делот од 25% сигурни вложувања односно сигурна камата, делот од 260 милиони вложувања во енергетиката кога се знае дека само термоелектраните од Битола имаат речиси 3 пати поголеми вложувања во нив, да не се зборува за рудниците. Па, ќе спомнам дека кога ќе се каже дека 25% годишно значат 100% на четири години, мислам тоа се апсолутни непознавања на нумеричката гимнастика.

За да се објаснат ваквите нејаснотии, благо кажано, не е доволна гимнастика, потребен е фудини за да излезе од стапиците кои што ги постави оваа Влада, односно ова парламентарно мнозинство.

И, за да завршам, фактите нема да престанат да постојат ако ние ги игнорираме. Заради овие факти кои што постојат, заради овие факти кој што не се оспорени, заради овие прашања кои што не се одговорени, уште повеќе заради фактите кои што не беа кажани овдека, а за кои што ете, се создадоа толку многу сомнежи, во мое лично име би сакала да кажам дека нема да гласам за ваквиот Договор и за ваквиот предлог на Владата.

Меѓутоа, би Ве поканила да си ги поставите прашањата, да им ги поставите прашањата на оние кои се раководни и да се обидете да ги добиете одговорите. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓицата пратеник Радмила Шеќеринска.

Листата веќе ни е исцрпена.

Го молам премиерот кој побара збор да се произнесе, нека се произнесе.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Дами и господа, се решив да излезам по втор пат по овој меѓународен договор од неколку причини.

Првата причина е во тоа што не сакам оваа седница денеска да се претвори во алиби на сите работи, кои ми ги оставија во наследство, не само на оваа Влада, туку на цела Македонија претходната Влада на СДСМ со нејзините партнери. Мислам дека треба да се одговори на некои прашања за кои посебно се интересираат, а исто така беа поставувани доста потпрашања во кои сакаат да чујат дополнителни одговори, посебно околу цифрите.

Прво, беше поставено од една значајна личност од опозицијата, прашањето дека до ден денеска за него се уште не му се јасни националните и државните интереси, зошто оваа Влада се решила на приватизацијата на Рафинеријата, а и покрај тоа што јас мислам дека бев многу јасен во моето воведно излагање, најверојатно, ќе морам да повторам, затоа што ги заборавил тие аргументи.

Прво, благодарам што е поправена грешката од 153-то на 143-то место, значи, 143-то место е големо наследство на оваа Влада, од 183 држави во тоа време, 143-то место по привлечност и по сигурност на странските инвестиции е навистина големо наследство.

Вториот момент е дека ние како Влада сме стигнале на 163-то место, при што се цитираат податоците од март и од септември, мислам дека не сакам да ги коментирам, затоа што март се поклопува со почетокот на ударот на НАТО силите на Косово, а септември е завршница, на некој начин, на тие удари и мислам дека да се дојде до 163-то место по сигурност е отворено за странски инвестиции во време кога на нашата северна граница се водеше најжестоката војна во Европа, мислам дека е комплимент за една Влада.

Меѓутоа и исто така уште еден аргумент зошто ние треба да водиме отворена економска политика, да ја понудиме нашата приватизација на странските компании, па дури ако треба и по најповолни услови во светот. Токму заради тоа, затоа што наследивме 143-то место и затоа што во меѓувреме на нашата северна граница се водеше таа сурова војна и овој регион во кој значаен фактор е Македонија до ден денес го има имиџот на нестабилен политички безбедносен регион, што во старт и по дефиниција ги плаши странските бизнисмени и странските инвеститори. Значи, ова е само аргумент плус зошто ако треба да влегуваме и во отвореноста спрема странските инвеститори, треба да нудиме навистина поволни можности за нивните инвестирања.

Вториот момент, бидејќи тука има одредени не сеќавања за обврските што ги преземала претходната Влада, јас ќе ве потсетам, овде го имам извадокот од записникот од 9.04.1998 година, каде што господинот Таки Фити ги известува министрите во Владата на Република Македонија за нивните преговори и обврските што треба да се преземат во преговорите за ЕСАФ аранжманот и тука по ред се поредени следниве фирми: Бучим - Радовиш, тоа е единствената фирма која успеавме да ја извадиме од овие 12 фирми, ако не се лажам и одиме понатаму по ред. Втора во тоа време, денеска прва ОКТА - Скопје, трета ХЕК Југохром - Јегуновце, понатаму следат Пивара - Битола, рудници - Злетово, Хемтекс, Фротирка - Делчево, Фринко - Битола, ФЕНИ - Кавадарци, ФЕНИМАК - Кавадарци, како две фирми се водат, Карпош и Крива Паланка. Има само одреден редослед на ФЕНИМАК дошол на трето место и Бучим е исфрлен од овој список. Тоа е таа листа за која господинот Таки Фити ги информира тогашните министри, а имаме и документ од тогашната Агенција за приватизација, која веднаш, ова било во април, веднаш во мај стартува со обидот за приватизација на овие 12 фирми, меѓутоа, до завршувањето на мандатот на оваа Влада, знаеме дека не постигнаа резултати во приватизацијата.

А, јас ќе ве потсетам, дека на четвртиот ден ако не се лажам од нашето формирање на новата Влада во Република Македонија пристигна тогашниот директор на ММФ за Македонија господинот Коркен, кој јасно порача дека претходните обврски од старата Влада мора да се извршат и тогаш и господинот Стојменов и јас како премиер го изразивме нашето гласно разочарување пред целата македонска јавност, дека ние сме изненадени што мораме да ги извршуваме обврските на претходната Влада.

Од декември до денеска во Република Македонија постојано се зборува за овие 12 загубари дека или мора да се приватизираат или да се затворат, ние денеска прв пат слушаме некој демант од претставник на старата Влада, дека тие такви обврски не преземале.

Впрочем, и претставниците на ММФ и на светската банка се тука присутни во Македонија и немам ништо против Вие да се сретнете со нив, да ја преземете обврската за овие четири фирми и не само за нив и во овој документ е исто и продажбата на Стопанска банка.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение)

И да ви го потенцираат уште еднаш фактот дека Република Македонија сака да продолжи со разговорите со ММФ и Светската банка, треба да даде јасно сигнали дека до крајот на септември овие четири фирми ("ОКТА", "ФЕНИМАК", "ФЕНИ" и "ХЕМТЕКС") треба да ги затвори или да ги приватизира и исто така да даде сериозен знак дека има сериозни разговори за приватизирање на Стопанска банка.

Причините зошто овие фирми се избрани, во истиот тој записник од таа седница на Владата на Република Македонија ги дава господинот Љубе Трпевски кој тогаш бил присутен на седницата и кажува, да не го читам целиот записник, дека 8 од овие фирми се ставени во овие 12, затоа што имаат најголеми загуби и долгови према комерцијалните банки во Република Македонија.

Значи господа критериумот зошто овие 12 фирми се избрани е комплетно почнат и завршен во вашето време. Тоа се тие 12 фирми кои го имаат според критериумите на ММФ и Светската банка приоритетот да бидат банкротирани како фирми кои Република Македонија ја водат од ден на ден во се поголема катастрофа и поголема катастрофа.

Причините јас, ако сакате можам да ви ги повторам, причините се многу јасни, затоа што се тоа најголемите загубари во Република Македонија. Во време на Вашето владеење на Република Македонија ние наследивме околу 80

милиони долари долг на “ФЕНИМАК“, 60 милиони германски марки на “ХЕМТЕКС“, загубите на Рафинеријата, веќе ви ги спомнав минатиот пат два пати се поголеми од запишаниот капитал, на Рафинерија “ОКТА“. Зошто Стопанска банка? Затоа што во тоа време, 1994 година извршена е една санација на Стопанска банка каде што се земени 200 милиони марки од државата, а сега Стопанска банка повторно се наоѓа во дупка од 130 милиони марки. Истата работа е со сите овие фирми. Овие се фирми во кои во изминатите десет години, на која еднаш, на која трипати веќе и се преземени разни обврски и долгови од разни структури на државата према Агенцијата за санација на банки и повторно доаѓале до нула повторно достигнувале огромни загуби. Јас не сакам да навлегувам овде во дискусијата како вие сте владееле со овие фирми, меѓутоа јас ќе ве потсетам дека не само овие долгови вие и ги оставивте на оваа Влада и на македонските граѓани, туку оставивте многу поголеми цифри и многу поголеми долгови кои не можеме да ги наречеме ни празни каси, туку назад сто метри под празните каси, а бидејќи сакате цифри ќе ве потсетам на некои цифри.

Првиот наш судар со кој се судривме беа 250 милиони германски марки на тутунската индустрија на Република Македонија. Оваа влада првиот месец беше доведена во судир и го реши тој судир како да го отплати тутунот на тогашните граѓани, а притоа да замижи дека тутунските монополи на начинот на кој работеле имале 250 милиони марки загуби.

Загубите во металуршката индустрија, рударството и се она што е сврзано околу рударството е некаде исто над цифрата над 10 милион германски марки. Треба ли да спомнувам за загубите на фондовите? 110 милиони загуба на здравствениот фонд на Република Македонија. Некој од вас спомна колкава невработеност. Во моментот кога ние дојдовме на власт како коалиција вработени во Република Македонија беа 317 илјади, а невработени 314 илјади, што значи некаде 49%. Највисок процент на невработеност во Европа, па можеби и во светот која ја затекнавме во тоа време.

Треба ли да зборувам дека 8% на пензионерите, неколку години не им ги давате за да сега цехот на таквата политика од тоа време повторно го плаќа оваа Влада. Беа спомнати пирамидалните штедилници. Пирамидалните штедилници настанаа во времето на претходната Влада околу 250 милиони германски марки и потонаа на луѓето во Македонија во тие пирамидални штедилници. Ние денеска правиме обиди да го спасиме она во името на Република Македонија како држава што за жал Вашата политика го направи. 30% бевте влезени во буџетот со долгови за 1999 година. До ден денес ги враќаме Вашите долгови кои ги направивте према новата Влада во Република Македонија. 30% е влезот на старата Влада во Буџетот на Република Македонија за 1999 година и имаме цел за тоа и многу потези се прават до крајот на 2000 година да го испегламе и да влеземе во 2000-та со нула односно со чиста позиција на Буџетот.

Да не зборувам за фирмите кои ги доведовте до таму до каде што се, а во таа насока повторно да се вратам на оваа рафинерија.

Случајот на Скопската Рафинерија не е уникатен од оние стотици други фирми кои денес живеат во Република Македонија егзистираат. Уникатен е затоа што се наоѓа во системот на 12-те загубари кои ние до крајот на оваа година или треба да ги приватизираме или да ги затвориме, а уште поуникатен е што тука зборува за вашата парадоксалност. Единствена фирма за која до овој момент, јас го потенцирав фактот од оние 12-те загубари за која сме нашле некој кој сака да ја купи е само Рафинеријата. Алтернативата господа на не прифаќањето на приватизацијата, иако јас повторно ќе речам приватизацијата е извршена по сосема друга постапка. Денеска вие дискутирате за нафтоводот без проблемот на приватизацијата, затоа што тоа си е сосема друга постапка и ако некој смета дека е нешто спорно можеме по сосема друга процедура тоа да го оспоруваме. Алтернативата на не прифаќањето на приватизирање на еден од 12-те загубари е негово затварање ако сакаме да продолжиме во разговорите со ММФ и со Светската банка. Јас знам дека опозицијата има интерес Македонија да не ги продолжи разговорите со ММФ и Светската банка, меѓутоа, јас само ќе Ве потсетам - неприфаќањето на овој документ нас веќе не чинат една година. Кога дојдоа во декември ние го одложивме тогашниот ФЕСАЛ аранжман и ЕСАФ аранжман, потоа дојде војната и сега се префрла на октомври. Ако сега ги почнеме разговорите ќе заврши ме некаде во јануари и тогаш ќе го имаме тој ФЕСАЛ и ЕСАФ аранжманот. Тоа е политиката на ММФ и на Светската банка.

Значи, не прифаќањето веќе видовме колку не чини една година. Прифаќањето ќе значи отворени врати на Република Македонија кон сите нови импулси кои треба да ги добиеме конкретно за самите проекти како помош, како грантови и како нова проекција и перспектива на Република Македонија. Дали оваа хипотеза или Владата сака нешто да ве обмами едноставно јас ќе ви порачам ги имате претставниците на ММФ и Светската банка можете слободно да идете и да преговарате со нив и тие ќе ви ги потврдат нивните услови, јас не сакам да ви давам писма тука од нив, затоа што мислам дека нема да биде во ред, меѓутоа можете да разговарате со нив за да ја видите нивната цврста решеност, затоа што вели претходната влада не лажеше неколку години дека тоа ќе го пресече, што добивме? Само се дуплираат долговите на истите тие фирми. Ниедна од тие фирми во изминатите четири - пет години не покажала профити на крајот на годината, туку напротив само ги зголемувала, понекогаш дури и дупло своите

долгови према банките или према своите доверители.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение)

Сакам да бидеме на чисто дека позицијата поради која брзаме е јасно конкретизирана, алтернативата на тоа е или да ја затвориме "Окта", ако сакаме да продолжиме со разговорите со ММФ и Светската банка или да не ја затвориме "Окта" и останатите фирми за кои зборував, меѓутоа да чекаме нова шанса за преговори со ММФ и Светската банка можеби после 6 месеци, затоа што вака одат на циклус од прилика на 6 месеци.

Јас како премиер не сакам да ја ризикувам иднината на Македонија, затоа што само преку отворената врата на ММФ и на Светската банка имаме шанса да продолжиме како реформска Влада и со реална економска и финансиска поткрепа на оваа држава.

Повторно велам, ние сме во таква ситуација да бидеме условувани од ММФ и Светската банка, затоа што долговите кои ни ги оставивте се такви. Словенија нема потреба да разговара со ММФ и Светската банка, ние наследивме таква позиција каде што од вашите резултати кои ги наследивме ние неминовно како држава сме врзани и то многу цврсто со ММФ и Светската банка ако сакаме да имаме сериозен имиџ на државата за нашите идни перспективи.

Многу добро ви потенцирав дека ние ги лечиме резултатите кои вие ни ги оставивте во наследство, списокот и долговите кои се многу јасни и многу прецизни.

Тука постојано се гради теза дека договорот со кој сме ја приватизирале "Окта" на стратешки партнер "Хеленик петролеум" е некој екстра профитен и максимален профитен договор, во кој тие ќе остваруваат огромни профити, без интерес на Република Македонија.

Дами и господа, јас ќе ви кажам неколку примери, затоа што имаме многу примери во Република Македонија. Скопската Железара беше проценета некаде околу милијарда марки. Во ваше време беше приватизирана. Тука некој кажуваше дека одела на слободна приватизација на берзата. Добро се сеќаваме како одеше таа приватизација. Таа милијарда марки за Скопската железарница беше продадена, ако добро се сеќавам, заедно на "Балкан стил" или "Мак стил", некаде севкупна вредност 40 или 45 милиони марки. Значи, имаме еден екстремен пример како се вршела приватизацијата. Имаме други илјадници фирми кои се приватизирани без пари, да не ги спомнувам, едноставно директорот ја приватизира и си зема пари. Имаме трети примери за привлекување на странскиот инвеститор, затоа што тоа е политика на оваа Влада.

Повторно ќе кажам ние отворивме слободна индустриска зона во близина на Скопје каде велиме оној што ќе инвестира во таа слободна индустриска зона оваа држава нема да бара никакви даноци. Само еден процент такса. Тоа е екстремен пример, што значи политика на една Влада за да се привлече странски инвеститор.

Конечно, зборуваме за приватизирање на останатите 12-те загубари во Република Македонија. Еве, до доцна синоќа разговаравме со некои партнери од Израел. Дали знаете која е нивната понуда, господа? Нивната понуда е во наредните 30 години Република Македонија да и дава скоро џабе струја на партнерот од Израел, да им даваме по цена на искупување во наредните години додека работи без пари лигнит од РЕК Битола и исто така за разлика од овде каде има стриктна обврска работниците да бидат задржани на работа, имаме барање тие да си оценат колку им е оптималниот број на вработени и тие да си изберат колку сакаат вработени.

Еве, тоа е понудата која ние денеска ја имаме за "ФЕНИМАК". Јас ве прашувам оваа понуда што ја имаме ако утре не треба тука да поминува, треба да оди пред Агенцијата за приватизација, меѓутоа јавноста е таа, ако таа понуда ја понудиме што ќе речете вие дека е подобра понуда од ова што ние ја земавме за Рафинеријата? Јас ви кажувам дека е таа 10 пати полоша понуда, отколку она што го земавме за Скопската рафинерија. Се уште размислуваме како Влада заради тие 900 вработени во "ФЕНИМАК", а благодарејќи на вашата досегашна политика со која ги натрупавте сите тие загуби и таа катастрофа и на "ФЕНИ" со тоа направивте една црна дупка во Македонија да прифатиме дури и такви услови само за да тие 900 работници останат таму.

Тука нема друга политика, нема никаква пазарна економија, имаме свесни загуби на македонската економија за наредните 30 години перспектива, само за да се спасат тие работници. Уште така размислуваме секој час што да направиме со таа понуда што ја имаме за "ФЕНИМАК".

Сега, во тие 4 примери на Скопската железара, на слободната индустриска зона, на последната понуда што ја имаме за "ФЕНИМАК" и оваа и не само оваа, илјадници други приватизации што се направени во Македонија во ваше време, уште еднаш најодговорно ќе речам Скопската рафинерија е по цената на нејзината приватизација најскапо платена приватизација во минатите години во Република Македонија. Дајте ни аргументирано еден друг пример. Цената е проценета од вас. По таа цена која е проценета од вас 100% се плаќа значи она што вие сте го процениле во ваше време ние имаме 100% прифаќање на таа цена, без никакви дисконти и продажба на Рафинеријата.

Уште еднаш ќе повторам, во овие неколку години наназад додека има приватизационен процес во Република Македонија, ова е најскапо направената приватизација. Ве молам, дајте ми друг аргумент на било која фирма каде ќе кажете еве ви го контра аргументот.

Сега, да одиме понатаму. Ќе се задржам само на оние моменти кои сметам дека се најголем простор за шпекулација и околу која најмногу се вртите не навлегувајќи во ситни прашања и потпрашања. Јас уште еднаш сакам да повторам нема никаков сомнеж дека сите оние кои работат во Рафинерија "Окта" ќе бидат задржани докрај и не сакам да се шпекулира со работниците, тоа јасно да се даде на знаење.

Вториот момент на кој мислам дека посебно треба да му се обрне внимание тоа е моментот со кој постојано се шпекулира 5 години, 20 години, ако биде 5, ако биде 20, толку ќе биде профитот на "Окта", онолку ќе биде профитот на "Окта". Уште еднаш потенцирам зборот 20 години и ексклузивното право на новиот сопственик на "Окта" се јасно дефинирани дека станува збор само ако во овие 20 години се појави некој друг кој сака да гради нафтовод и рафинерија во Република Македонија, тие да имаат посебно право да преговараат и да се договараат со нив. Ако не успеат да се договорат, тоа значи дека тој што ќе гради нова рафинерија и нов нафтовод, апсолутно може да си продолжи и сам. Тоа е бројката од 20 години.

Конечно, доаѓаме до она што држи простор да се градат некакви приказни, меѓутоа ќе се обидам уште еднаш, кој сака да ги сфати да го дадам јасно мојот демант. Петте години значи за некакво ексклузивно право на "Окта", може да се зборува само за идните пет години. Што е тоа ексклузивно право? На секои пет тони произведени сурова нафта во Скопската рафинерија доколку се појават одредени вишоци и недостатоци, новиот сопственик на Рафинеријата "Окта" да има право да увезе еден тон деривати.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение)

Повторувам, никакви други монополи. На секои пет тони произведена сурова нафта, да има право на еден тон увоз на деривати, при што после пет години за сите, и за Рафинеријата "ОКТА" и ако сака некој друг да увезува деривати, има 20% царина на деривати кои не се произведени во Скопската Рафинерија и кои можат да бидат конкурентни на македонскиот пазар. Значи, после пет години и сите можни пропусти за некаков монопол се рушат.

Меѓутоа, што е тоа што за тие пет години го добива Рафинеријата "ОКТА", односно новиот сопственик и сите оние што ќе бидат акционери во Рафинеријата?

Дами и господа, мислам дека многу јасно ви кажав на првата седница и не гледам зошто има причина да го повторувам. Она што во наредните пет години новите акционери на "ОКТА" ќе го имаат ексклузивното право не е ништо друго освен она што "Макпетрол" и "ОКТА" го имале во минатите шест години. Буквално истото, со еден процент царина да увезуваат нафтени деривати, со тоа што овде кај Рафинеријата е врзано со пет тони производство, а за минатите шест години за "ОКТА" и "Макпетрол" не беше врзано со никакво производство. Погледнете го увозот на РМ на нафтени деривати и кажете ми еден пример кога "Макпетрол", во изминатите шест години или Рафинеријата "ОКТА" платила царина. Нема таква работа.

Значи, јасно и прецизно да повторам, за да не доаѓа до некои забуни. Она што ние го гарантираме за новите акционери на "ОКТА" во идните пет години е статус квото кое постои во РМ шест години наназад, а само го детерминираме со нови пет години, затоа што тие се плашеа дека "Макпетрол" ако нема таква клаузула и понатаму ќе си продолжи со стариот систем на увоз на нафта.

Значи, по трет пат да кажам, ексклузивното право за кое толку многу се зборуваше во овие седници е продолжување на статус квото, кое важело во Македонија шест години наназад да продолжи да важи уште пет години, а потоа настапува период кој ќе биде неколку пати подобар од она што било во изминатите шест години и тоа е целиот ексклузивитет. Нема никакви други ексклузивности, нема никакви други монополи, нема никаква друга политика. Ексклузивност е токму во тоа, статус квото, политиката која владеела шест години во Македонија да продолжи и во идните пет години.

Кога сме кај зборовите "монополи" и не знам што, јас само ќе го наведам следниот податок. Нафтениот бизнис за РМ се состои од: претовар на сурова нафта од танкер во цистерни, транспорт на сурова нафта до "ОКТА", производство на нафтени деривати, транспорт на нафтени деривати до продажните места и до корисниците и продажба на нафтените деривати на пунктните станици.

Пресметките направени врз основа на маржите за секоја од овие активности и врз основа на количините карактеристични за овие активности покажуваат дека пред реализацијата на овој проект грчките компании, значи во овој момент во соработката со "Мамидакис" и "Хеленик петролеум" имаат 13% од маржите на сите овие бизниси, без да имаат вложено ниту еден долар во нашата држава. По реализацијата на овој проект со вкупно вложените 182 милиони долари на нафтениот бизнис, тие ќе се покажат на 38%. Значи, ако во овој момент грчките компании имаат 13% од маржите во РМ, со 180 милиони долари инвестиции, тие ќе се покачат на 38%. Нема никакви монополи, нема никакви политики и плашења на мали деца, туку имаме строго економски услови на работење.

Конечно да се задржам на некои мали елементи, плашење на Железницата дека ќе остане без работа. Дами и господа, Железницата може да работи само ако продуктивноста на македонската економија се зголеми. Јас можам да ви кажам во овој момент, благодарејќи на владината политика, каде што веќе практично трет месец ќе имаме по 15% на пораст на производството на РМ, ако сакате да добиете

информација во овој момент во македонските железници, ќе видите дека има една парадоксална ситуација која никогаш досега не се случила.

Македонските железници во овој момент немаат доволно вагони, колку што имаат нарачки од компаниите во РМ и од регионот. Тоа е пазарното работење. Значи ние во овој момент и слободно можеме да останеме и да бидеме со многу позитивно работење. Прв пат се случува, ние не памтиме таква работа, македонските железници да бидат во ситуација да изнајмуваат вагони, затоа што стоката која им е нарачана нема каде да се извезе. Ако ние ја зголемуваме нашата економија, а верувам дека тоа ќе биде во наредните години, плашењето на Македонската Железница воопшто нема потреба тука да им се кажува.

Не сакам да се задржувам на некои други елементи, затоа што сметам дека според мене главниот момент кој сакам да го разбијам вечерва - прво беа оние услови зошто сме се решиле на овој чекор, второ, оние големи приказни кои ги наслушавме за разните монополи значи, децидно ги кажувам и можете да ме фатите секогаш за збор дека ексклузивноста која важи само за пет годни, се однесува само за пет тони преработена нафта, еден тон увоз, е она што во минатите шест години го користеле "Макпетрол" и "ОКТА" на големо, без обврска за оние пет тона производство. Никаква друга ексклузивност, освен едно статус кво да го гарантираме наредните пет години.

И кога сме тука, повторно оние приказни што ги слушам за големата профитабилност за нафтената индустрија, јас само ќе спомнам една работа, дами и господо, што мислам дека повторно треба да се повтори. Јас сум сигурен дека во нафтената индустрија има големи профит! Едноставно го поставувам прашањето, само не знам каде се тие профити. Ако ги погледнете завршните сметки на "ОКТА" десет години наназад и завршните сметки на "Макпетрол" исто така добри 10 години наназад, ќе видите дека Рафинеријата "ОКТА" во минатите 10 години со овие услови кои ќе ги има новиот акционер во наредните пет години, има од година во година нова загуба и тоа огромни загуби. Само ние во првиот месец презедовме 16 милиони долари од нивната загуба, а "Макпетрол" пројавува некој сите профит од милион, два милиони марки годишно.

Јас сакам да знам, ако истите овие услови постоеле наназад неколку години, каде се профитите. Јас ви го спомнав многу карактеристичниот пример. Во 1998 година цената на барел нафта била најниска на светскиот пазар од како се памти, девет долари осум месеци е просекот на барелот нафта. Каде се профитите? Многу сакам да го знам тоа, навистина сакам да го знам, тоа ме интересира. И повторно примерот, со девет долари по барел нафта претходната Влада ја имаше таа цена 37 или 38 денари за литар бензин, ние со 23 долари .само еден денар имаме покачување на бензинот. Каде е профитот, навистина и јас сакам да знам каде е профитот. Дајте да разговараме за тоа.

Немало поповолни услови кои ние можеме да ги чекаме за Скопската Рафинерија од таа 1998 година, кога нафтата била најниска со години, осум месеци просечно. И тешко можеме да се надеваме дека во перспектива во наредните 10 години можеме да очекуваме таков пад на цената по барел нафта. Може само да биде поскапа, еве го и трендот секој ден да оди цената поскапо. Токму заради тоа, јас сакам да ги спомнам овие работи за да потенцирам уште еднаш најверојатно постојат добри профити во овој бизнис, меѓутоа ние во РМ со нашите менаџерски екипи и со власт на претходните министри сме имале можности добри осум години да докажуваме дека има профит во нафтениот бизнис. Не сме го докажале за осум години. Имаме само огромни загуби кои треба ние да ги враќаме и генерациите кои доаѓаат после нас.

Тука беа спомнати и некои други работи, споменатата цифра колку е вложено во енергетиката. Јас се извинувам за лапсусот, затоа што цело време се зборува за нафтената енергија, така што и цифрата која ја кажав не се однесува за комплетната енергетика, туку се однесува за нафтената енергија во РМ. Само уште еднаш ќе потенцирам дека навистина стојам зад тоа и тоа според ваши проценки. Според ваши проценки, проценката на "Макпетрол" е 110 милиони марки, проценката на Рафинеријата е 110 милиони марки, односно она што после ние го продадовме во долари околу 62 милиони долари. Тоа е 220 милиони марки. Ние со оваа инвестиција носиме 320 милиони марки, така што тука нема никаков проблем, освен една не доискажаност дека цифрите кои ги кажав ги кажав за нафтената енергија, а не ги кажав за сите енергии во РМ.

Мислам дека овие моменти кои сакав да ги потенцирам уште еднаш, за оној кој сака да ги сфати се доволно прецизни и јасни и тука ќе се задржам на уште еден момент. Се спомнува постојано тајност некоја тајност на договорите или не знам што.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение)

Дами и господа, јас ќе ви спомнам неколку работи зошто продавањето на ваков начин и на таков начин.

Во цела Источна Европа 75%, ако не се лажам, според статистиките од приватизациите се врши на стратешки партнери во директни преговарања. Тоа е податок што можете многу добро да го проверите.

Вториот момент, колку било тајно или колку не било тајно. Во овој момент ако сум добро информиран, во Агенцијата за приватизација има разни преговори или договори за 35 објекти во Република Македонија, за кои се појавуваат странски и

домашни интересенти кои сакаат да влезат во таа приватизација.

Синојка водевме преговори и една недела пред тоа и пред тоа една недела со израелскиот партнер за влез во “Фенимак“. Јас навистина не знам како вие го замислувате тоа јавно преговарање. Да седнеме со камери да преговараме за тие фирми? Еве, синојка тајно се преговараше за “Фени“. Што сега треба ние да направиме? Навистина не ми е јасно. Да ја викнеме цела телевизија и тука да снима како се преговара и што се преговара? Тоа е начинот на преговарање. Тоа не е само кај нас, секаде е такво преговарање. Се преговара во исто време за Стопанска банка, се преговара ви реков за 35 проекти во Агенцијата за приватизација. Едни се во почетна фаза, едни се во средна, едни се во завршна фаза.

Навистина, кажете ми вие начин како вие го замислувате тоа преговарање, транспарентно, за да знаеме и да продолжиме на кој начин тоа да го правиме на транспарентен начин? Тоа се начините за приватизација. Тоа е оној момент.

А, повторно реков, самото приватизирање на рафинеријата си оди по сосема друга постапка. И, проблемот на приватизирање на рафинеријата не е проблем од овој аспект, од овој меѓународен договор со Агенцијата за приватизација. Тоа може да оди на некој начин, на друг, преку прашања, вака или така, меѓутоа не е дискусија на ова заседание, туку сосема друго е дискусијата на оваа расправа и јас можам да ви кажам неколку работи. Јасно и гласно потенцирам неколку работи. Алтернативата на оваа приватизација на “Окта“, ако сакаме преговори со ММФ и Светската банка понатаму е затворањето.

Вториот момент, апсолутно тврдам дека ова е најскапо платената приватизација на некоја фирма во Република Македонија. Молам, дајте ми аргументи да ми кажете еден или два примери каде има обратна ситуација, една приватизација во Република Македонија, според нејзината проценета вредност да е платена сто посто како што овде е платена оваа инвестиција.

И, конечно, уште еднаш тврдам и покрај тоа што тука гледам вие не верувате во гаранциите што се дадени во овој документ, дека ова ќе биде најголемата инвестиција, странска инвестиција во Република Македонија во изминативе 50 години. Гаранциите дали ќе почне да се гради нафтоводот Скопје – Солун, јас морам да кажам ќе ги видиме многу набргу и можам да ви кажам дека многу набрзо ќе почне изградбата на нафтоводот. Така што нашата увереност дали гаранциите се добри или не се добри, мислам дека за кратко време ќе се разувериме самите, затоа што апсолутно можам да ви кажам дека подготовките за почнување на градба на нафтоводот се веќе почнати и се при крај. Така што, сега некако ми изгледа залудна дискусијата да ве убедувам дали според овој договор има доволно добри гаранции или нема доволно добри гаранции. Мислам дека ќе ги видиме на дело сите тие гаранции и мислам дека само за неколку месеци ние ќе ја добиеме комплетната сатисфакција.

Јас ќе се радувам што нашата Влада ја има донесено најголемата инвестиција во изминатите 50 години. Благодарам. (Аплауз).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на претседателот на Владата на Република Македонија г. Љубчо Георгиевски за дополнителните објаснувања.

Господинот Црвенковски Бранко, во рамките на реплика бара збор.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Господине претседателе, согласно од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија расправата продолжува.

Никаде во тој Деловник нема да најдете дека ако земе збор претседателот на Владата, со тоа завршува расправата по некоја точка. Ако најдете, посочете.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас не ја затворив расправата. Напротив.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Не, ова е мала едукација до дел од пратениците. Видете, нема друга земја во која што има традиција на парламентарна демократија, да е една Влада на власт скоро една година и постојано, по секој повод, по секоја точка, наместо да говори за актуелните проблеми и да нуди решение за конкретните проблеми, да објаснува што направила или што не направила претходната власт.

Во нормални парламентарни демократии, тоа прашање завршува со изборите. Се оди на избори, народот одлучува, одлучил да дојде до промена на власта, тоа е резултат на претходното владеење, имаме нова Влада, таа полага сметка за актуелните активности. Тоа е првата работа.

Втората работа, ниту една Влада, во ниедна земја, не дошла на политичка сцена, или не добила власт на послана трпеза. Ниту ние, како Социјалдемократски сојуз, есента 1992 година, кога ја формиравме првата политичка Влада, после враќање на мандатот од страна на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, во тој период идеална ситуација во Република Македонија. Ние исто така, наследивме милијарда ипол долари долг према странство. Наследивме замрзнати девизни милијарда марки, долг према граѓаните на Република Македонија. Наследивме само 36 милиони долари девизни резерви, од претходната експертска Влада на г-динот Кљусев, при што тоа не го кажувам како некоја критика.

Експертската Влада ја почна монетарната независност на РМ, со само 8 милиони долари,

ако не се лажам девизни резерви, или буквално без девизни резерви. Го почнавме тој период, со 2.400 инфлација на годишно ниво во државата, меѓународно непризнати, меѓународни изолирани, не бевме членка на ниту една меѓународна организација, подоцна ја имавме таа судбина да се сретнеме со блокади, со ембарга, со санкции, со војни на територијата на поранешна Југославија, во Босна и Херцеговина, во Хрватска и т.н.

Ако г-динот Георгиевски, има право да говори и тоа е легитимно, за тоа што се направило во претходниот период и тоа не е излегување од рамките на дневниот ред, не гледам причина, било кој да го прифати истиот метод, да се каже пак дека тоа би значело излегување од дневниот ред. Меѓутоа, за да се цени 143-то место на ранг листите што сме го оставиле во наследство, треба да видите од каде таа политичка претходна Влада тргнала, која била нејзината стартна позиција и што постигнала во тој период од 6 години.

Меѓутоа, многу поважно прашање дека на тие парламентарни избори минатата година, политичките партии излегоа со своите изборни програми. Врз основа на тие изборни програми, граѓаните гласаа и даваа мандат. Вие г-дине Георгиевски, не рековте минатата година ова време пред народот дека мораме да ги почитуваме условите што ќе ги постави ММФ и Светската банка. Напротив, вие велевте, ние нема да дозволиме да се гради полтронски однос на РМ, во однос на меѓународните финансиски институции. Ние ќе бидеме тврди преговарачи и ќе се бориме за многу подобра позиција на РМ.

Вие г-дине Георгиевски, заедно со Вашиот коалиционен партнер, излеговте со текст кој што го насловивте договор со народот. И вие ставивте таму потпис, гаранција, вашиот потпис и потпис на лидерот на вашиот коалиционен партнер, во кој што рековте. Не рековте ние ќе го затвораме “ФЕНИ“, “Хемтекст“, или ќе ја затвораме Рафинеријата, туку рековте дека вие ќе обезбедите, за три месеци, прилив на капитал од милијарда долари. Вие рековте дека ќе обезбедите специјални фондови и тоа, таксативно напишано 40 милиони долари за “ФЕНИ“ од Кавадарци, ги напишавте и ФАС "11 Октовмри[11] и “Хемтекст“, дека за сите нив ќе формирате посебни фондови, со цел да обезбедите профитабилно работење. Вие не рековте дека ќе ги зголемите даноците и царините, туку напротив, туку презедовте обврска пред народот дека ќе ги намалите.

Вие, знаејќи ја претпоставувам, целокупната состојба во државата, бидејќи ако не сте ја знаеле, а сте се кандидирале да победите, е не одговорно, гарантиравте дека за првите три месеци ќе обезбедите 10.000 нови вработувања во Македонија, а во првата години на 100.000 вработувања. Вие гарантирате, дека ќе ги прекинете сите стечајни постапки во Македонија, распишани од претходната Власт, дека ќе обезбедите бесплатно здравство, полни апотеки, дека ќе обезбедите компјутеризација на основни и средни училишта, го спомнавте пред малку тутунот и тутунската индустрија, дека сте затекнале загуба од 250 милиони марки.

Вие излеговте пред народот и рековте дека ќе го откупите тутунот по 9 марки по килограм. Го лажевте, свесно го лажевте. Од каде мислевте дека ќе ги најдевте парите. Претпоставувавте дека старата Влада екстра пари ќе ви остави за да ги исполните тие ветувања, не реално. Од каде мислевте дека ќе го плаќате грозјето марка за килограм, 16 денари пченицата и т.н.

Вие со тоа излеговте пред народот и врз основа на таа програма добивте мандат од народот. За остварување на таа програма, добивте мандат. Не за ова што денес ни го кажувате дека всушност, се тоа било шега, лага, или во една прилика ве прочитав негде, во некое интервју, дека е нормално партиите пред изборите да лажат. Каде е тоа нормално, партиите пред изборите да лажат. Можеби е нормално, во ненормални држави.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Црвенковски, држете се на темата.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Г-дине Георгиевски, денеска презентирате поинаков пристап. Ние мораме со ММФ и Светската банка обавезно да соработуваме, мораме сите нивни услови да ги прифатиме, мораме да ги затвориме сите претпријатија, што тие ќе ги посочат, бидејќи тоа е нашата единствена алтернатива, мора да ги прифатиме реформите, што ни ги нуди Меѓународната заедница и т.н. Тоа ние 6 години го трпевме. Проблемот е, што вие одеднаш, мене ме радува што се освестивте. Но не ме радува тоа што го излажавте народот на последниве избори со вашата предизборна програма.

Понатаму, околу Рафинеријата, на се одговоривте, а не едно прашање не одговоривте. Зошто не објавивте меѓународен тендер. Зошто не распишавте лицитација. Зошто акциите од Рафинерија не ги ставивте во берзата. Можеби никој друг, освен "Хелени петролеум" немаше да даде понуда. И ќе се случеше истата работа. Можеби некој друг ќе дадеше повеќе. Не бара опозицијата јавност во преговорите како што вие велите во присуство на камери. Откако ќе ги дефинирате условите, под кои што мислите некој капацитет да го продадете, тогаш ќе објавите меѓународен тендер и ќе речете, секој оној кој што го прифаќа овие услови, нека повели, нека лицитира. Да видиме која е максималната цена, што ќе ја понуди пазарот. Вие тоа не го направивте.

Вие сосема, намерно, свесно, преку ноќ, по итна постапка извршивте измена на Законот за трансформација на општествен капитал, се сеќавате, во Владината зграда, каде што

заседаваше Собранието, ние ве прашавме што се крие зад ова. Зошто нема лицитација, туку со непосредна спогодба. И еве, се покажа што се крие зад тоа.

Вие, точно, свесно, ја изменивте регулативата, создадовте законски основ, да одите без тендер, без лицитација, не на берза, туку во директни преговори во 4 очи. Како можете да ме убедите, дека никој друг немало да даде повеќе. Од каде знаеме? Можеби некој ќе дадеше повеќе. И дали е добор за државата, на крајот на краиштата да проба, да види, дали може да добие поповолна понуда.

Вие го спомнувате примерот на Железара. Иако Железара не беше целата приватизирана, освен "Ладна валалница", каде што влезе "Балкан стил" и другиот дел кој што влезе "Макс стил". И двете работи отидоа на берза. Се појавија тројца конкуренти, понудија цени, се натпреваруваа и се виде што е пазарната вредност. Ние можеме и 2 милијарди да ја цениме Железара, никој не дава толку. Дадоа максимум 36 милиони марки. Три понудувачи. Зошто не го направивте истото и со Скопската Рафинерија.

Следна работа вие велите 8 - 10 години, во времето на нашето владеење, иако претходната Влада функционираше 6 години, Рафинеријата постојано покажувала загуби. Од тие 6 години, додека СДСМ имаше Влада, две години Македонија беше под ембарго од страна на нашиот јужен сосед и Рафинеријата од тие и од никој други причини не работеше. Од 6-те години, две години Рафинеријата не работеше. Сакам да ви поставам едно прашање.

Посочете ми друго претпријатие, во било која бранша, металургија, хемија, текстил, каде што може претпријатието две години да не работи, сите вработени да земаат плата и претпријатието да опстои. Има ли подобар доказ, од тоа, колку е профитабилен на целиот бизнис. Пробајте во некоја друга стопанска банка да затворите едно претпријатие 2 години и да видиме дали ќе исплаќаат 2 години плата и веднаш кога ќе се создадат предуслови, да почне да роботи тој објект.

Околу загубите на Рафинерија, покрај делот, односно периодот во кој што таа не работеше од објективни причини, не е проблемот ни на Влада, ние е проблемот ни на менаџерскиот тим, кога сте под ембарго на една држава и вие знаете како се снаоѓавме со дотур на нафтени деривати од соседни држави и т.н., треба исто така да земеме предвид една работа.

Споменувате период и тоа погрешно го терминирате, во кое што нафтата била 9 долари барел, а на пример ете и покрај поволните услови, Рафинеријата не успеала да направи профит. Меѓутоа, исто така малопродажната цена беше иста и кога барелот беше 23, 24, до 27 долари. На подолг период, вие можевте со својата политика на цени како Влада да го испеглате тоа. Периодот на профити, да го покриете со периодот на загуби. Ако го земете само еден период, во зависност, која политика сте ја воделе и која е цената на суровата нафта на Светскиот пазар, едноставно ќе добиете апсурдни резултати. Околу прашањето, дека оваа е најскапата инвестиција, апсолутно не сте во право. Ако зборуваме за приватизацијата е 32 милиони долари. Од 52 милиони долари, 10 ќе бидат акции во оној нафтовод, тогаш кога ќе се извади 22 милиони долари. Сакате пример. Кажете ми пример. Еве пример. Во Цементара исто грчкиот партнер Титан влезе со 30 милиони марки кеш. Им исплати на вработените, им ги откупи акциите за 51% - кеш. Ниту гаранции, ниту првокласни банки, ниту на 3 години, ниту на 6 години. Луѓето си однесоа дома сума пари. Погледне те ја приватизацијата на Пивара. Вработените исто така, по влегувањето на странскиот инвеститор кешираа пари. За Железара што ја спомнувате, во еден ден легнаа 36 милиони марки на сметката на Народна банка, за "Ладна валавница". Еве договорот помина, можеби ќе се ратификува кога ќе легнат 22 милиона долари од "Хелeник петролеум". Во период од 3 години, со екстра услови, со монополска положба, со заштита од било каква конкуренција? Тоа секој може да го направи.

Понатаму, каде е тој профит што се создава во државата. Да ве прашам една работа. Има ли некој што се сомнева, која е моќта, силата и големината на една компанија, како што е Макпетрол во Македонија. Вие што мислите, од што е создадена "Макпетрол" како моќна компанија. Од каде е таа голема мрежа, за разни дејности, со огромен број на бензински пумпи и т.н. Од загуби правење? Или од профити - инвестирање? Тоа е денес најголемата компанија и најуспешната компанија во Македонија. Еве ви доказ дека во тој бизнис има профит и дека некој во Македонија правел профит.

И конечно, околу ова што рековте, сакате да аргументирате со записник од седница на Влада во претходен состав. За мене е померодавна матрицата што ви ја доставиле од Светската банка за ФЕСАЛ - 2, по неа треба да се однесувате. На првата страница, во третата алинеја вели: Конфирмација на Владина одлука да се затвори или продолжи работењето на Рафинеријата, врз основа на резултатите од студија за фискалните влијанија, кои што ќе се покажат во двете алтернативи. Ја направивте ли студијата г-дине министер. Ајде да ги видиме резултатите. Врз основа на што цените дека токму ова е најдоброто решение.

Г-дине претседателе, претпоставувам дека расправата ќе продолжи, доколку има полемика, јас си го задржувам правото повторно да се јавам за збор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сигурно, додека не се исцрпи листата на дискутанти. Само јас ги молам дискутантите, бидејќи сега се пријавија тројца дискутанти. Г-

динот Амди Бајрам, г-ѓата пратеничка Ѓулистана Марковска и г-динот Александар Флоровски.

Јас ги молам доколку немаат нешто ново да дадат во прилог на дискусијата, ние веќе два дена расправаме, да ги повлечат своите дискусии и да ја затвориме општата расправа.

Немам право, да им го одземам тоа право, но ги молам, на екранот да покажат дали сакаат, ако не, тогаш ќе им дозволам да зборуваат.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас ќе бидам многу краток, очигледно дека излагањето на премиерот некого чепна во нерв, затоа беше така жестока реакцијата. Само накратко. Околу Дуферко.

Ако јас добро памтам, тоа беше 1997 година и тука изигравте една голема игра, без разлика што бевте на јавен тендер. На 5 секунди пред крајот вие цената на акциите ги смаливте, ако беа 100 денари, вие ги смаливте на 70 денари. И тоа по ваш налог, за да го добие случајот подпретседателот на Србија, а и генерален директор на Симпо, ако не се лажам. Така да во иднина немојте да манипулирате со вакви работи.

Вашето работење знаеме колку беше чесно. Само сакам ова да ви го кажам, дека некој има малку подолго паметење од ова што сакате овде да го презентирате.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Флоровски.

За реплика се јави г-динот Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Г-дине претседателе, јас имам сериозен проблем.

Треба некој од пратениците, со цел да им овозможиме компетентно да одлучуваат, претходно да им објасниме како се одлучува на берза. На берска селектира.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не е ова семинар.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Апсолутно немате појма како функционира берзата.

**АЛЕКДАНАДР ФЛОРОВСКИ:**

Не сте компетентен да кажете како се одлучува, но по ваша инструкција е тоа направено. По ваша инструкција, задача, берзанскиот работник на три секунди пред тоа ја смали цената на акциите, за која пишуваа и електронските медиуми. Тоа може да си го проверите.

И немојте постојано да манипулирате овде.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Веќе тоа не предмет на расправа денеска.

Бидејќи веќе никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Пред да го ставам Законот на гласање, дали сакате процедурално.

Има збор госпоѓата Наталија Марковиќ.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани колети пратеници, почитувани претставници на Влада. Веќе два дена расправаме по една точка од дневниот ред и тоа е продажбата на Рафинеријата “ОКТА“.

Во овие два дена, на два наврата, а проектот го образложи, претседателот на Владата г-динот Љубчо Георгиевски, а тој проект носи една поголема тежина и секако, една лична заложба на премиерот, во делот на истиот, заради тоа што и позитивните и негативните импликации ќе можеме да ги коментираме во иднина и ќе можеме да ги разгледуваме, со оглед на тоа дека будно ќе ги следиме сите настани, проекти и постапки понатаму.

Македонија која е во длабока економска и социјална криза, воопшто не и е потребна и политичка дестабилизација на државата, па во тој контекст, ДА, не сака да е дел од тој процес и исто така изложувањето на граѓаните, на пратениците, на сопствениците на притисоци од медиуми и политички субјекти, не ги поддржуваме и не ги прифаќаме, поточно на истите се спротивставуваме, а со тоа сакаме да уочиме дека апсолутна власт во Република Македонија не постои и дека во интерес на граѓаните, кои што ни го дадоа мандатот ние навистина треба да го спроведуваме демократскиот пристап кон работите.

Во контекст на тој демократски пристап, гласањето на ДА, односно на пратеничката група на ДА е повторно овде и корпорирано, а тоа значи дека колегите кои што дискутираа по оваа точка и кои што го изразија својот став, ако сметаат дека остануваат на истиот, имаат сосема демократско право да го задржат ставот, поточно лично право на гласање и изведување на секој од пратениците.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Тогаш ве молам да преминеме на гласање.

Ако има некој од пратениците надвор, да влезат, за да можеме да гласаме.

Ве молам да гласаме.

"За" гласаа 71 пратеници, 6 се воздржани и 21 “против“.

Според тоа, констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на билатерален договор меѓу Република Македонија и Република Грција, за изградба и управување со нафтовод.

Почитувани пратеници, со оглед на фактот, што навистина сме преморени денеска, а

тоа покажа дека навистина имаше потреба уште еден ден од расправа и дека не беа во право пратениците, кои што бараа да ја продолжиме расправата на минатата седница, зад а можеме едно квалитетно соочување на фактите и мислам дека во квалитет доби, што денеска ја изгласавте.

Според тоа, јас денеска би ја заклучил седницата, а утре ќе продолжиме во 12,00 часот.

(Седницата заврши во 20,05 часот).